**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

МИНИСТЕРСТВО

ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

# РЕВИДИРАНА ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМИ ВО ВРАБОТУВАЊЕ И СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА (р) ЕСРП2022

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2021

**мај 2022**

# СОДРЖИНА


1. ВОВЕД ..... 5

1.1 Подготовка и организациска структура ..... 6

1.2 Резиме на напредокот во имплементација на ЕСРП ..... 7

2. ЕКОНОМСКО-СОЦИЈАЛЕН КОНТЕКСТ И СОСТОЈБИ ..... 13

3. НАПРЕДОК ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ЦЕЛИТЕ НА ЕСРП 2022 ..... 15

3.1.1. ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА СО НЕВРАБОТЕНОСТА, ОСОБЕНО КАЈ НАЈРАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ ЛИЦА (МЛАДИ, ДОЛГОРОЧНО НЕВРАБОТЕНИ И ДРУГИ) ..... 15

3.1.1.1. Цел: Подобрување на вработеноста на младите и промовирање на повеќе и подобри работни места за младите лица ..... 16

3.1.1.2. Цел: Намалување на невработеноста на долгорочно невработените и лицата од останатите ранливи групи ..... 16

3.1.1.3. Цел: Поттикнување на интеграцијата на жените на пазарот на труд и ублажување на родовите јазови ..... 19

3.1.2. СПРАВУВАЊЕ СО НЕФОРМАЛНАТА ВРАБОТЕНОСТ ..... 19

3.1.2.1. Цел: Намалување на неформалната вработеност ..... 20

3.1.3. УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТАТА И УСЛУГИТЕ НА ЈАВНАТА СЛУЖБА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ..... 20

3.1.3.1. Цел: Понатамошно подобрување на капацитетите на АВРСМ ..... 22

3.1.3.2. Цел: Понатамошно подобрување на услугите и работата на АВРСМ со клиентите (невработените лица и работодавачите) ..... 22

3.1.4. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ ВО РСМ НА ТРИПАРТИТНО И БИПАРТИТНО НИВО, НА НАЦИОНАЛНО И НА ЛОКАЛНО НИВО, УНАПРЕДУВАЊЕ НА КОЛЕКТИВНОТО ДОГОВАРАЊЕ ..... 23

3.1.4.1. Цел: Јакнење на капацитетите на социјалните партнери и механизмите на социјалниот дијалог ..... 24

3.2.1. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТНО ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ И ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ ..... 25

3.2.1.1. Намалување на осипувањето кај учениците и на бројот на лица кои рано го напуштаат образованието ..... 25

3.2.1.2. Унапредување на опфатот и условите за пристап до сите нивоа на образование на лицата (децата/учениците/студентите) со попреченост ..... 26

3.2.1.3. Подобрување на содржините и квалитетот во образованието и јакнење на капацитетите на човечките ресурси (капацитетите на училиштата и наставниот кадар) ..... 27

3.2.2. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНАТА РАМКА ЗА КВАЛИФИКАЦИИ – ОСНОВА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ КВАЛИТЕТ ВО СИСТЕМОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА ..... 28

3.2.2.1. Воспоставување одржлив систем на НРК и јакнење на човечките ресурси за негова примена ..... 29

3.2.3. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ВРАБОТЛИВОСТА НА РАБОТНАТА СИЛА И ГРАДЕЊЕ НА ФЛЕКСИБИЛНИ ПАТИШТА ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ ..... 29

3.2.3.1. Развој, модернизација и зголемување на атрактивноста на стручното образование и обука ..... 30

3.2.3.2. Развој и унапредување на неформалното образование и образованието за возрасни ..... 31

3.3.1. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА И ЕФЕКТИВНОСТА НА СИСТЕМОТ ЗА СОЦИЈАЛНА ПОМОШ ..... 31

3.3.1.1. Цел: Подобрување на обемот, опфатот и таргетирањето на системот на социјалната помош ..... 32

3.3.2.1. Цел: Развој и унапредување на социјалните услуги и можностите за вклучување различни субјекти во нивно квалитетно и ефикасно обезбедување ..... 34

3.3.3.1. Цел: Зајакнување на процесот на деинституционализација ..... 36

3.3.4.1. Цел: Понатамошно унапредување на условите и квалитетот на живот, пристапот до услуги и социјалната инклузија на Ромите во Република Македонија ..... 38

3.3.5.1. Цел: Зајакнување на финансиската одржливост на пензискиот систем и унапредување на ефикасноста во остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување ..... 39

3.3.5.2. Цел: Одржување на адекватноста на пензијата и заштита на стандардот на корисниците на пензија ..... 39

3.3.6.1. Цел: Унапредување на пристапот до здравствена заштита за сите граѓани, условите во здравството и квалитетот на здравствените услуги ..... 40

3.3.6.2. Цел: Подобрување на стручноста и компетентноста на здравствените работници 40

4. КОМУНИКАЦИЈА ..... 41

5. ЗАКЛУЧОЦИ И ИДНИ ЧЕКОРИ ..... 43

АНЕКС 1 – СЛЕДЕЊЕ НА ЕРСП МАТРИЦАТА НА ЦЕЛИ И МЕРКИ ..... 49

АНЕКС 2 – СЛЕДЕЊЕ НА ЕРСП МАТРИЦАТА НА ИНДИКАТОРИ И ЦЕЛНИ ВРЕДНОСТИ ..... 108

## Кратенки

АВРСМ – Агенција за вработување на Република Северна Македонија

БДП –Бруто домашен производ

БЗР – Безбедност и здравје при работа

БРО – Биро за развој на образованието

ВИНУ - Валидација на искуствено и неформално учење

ГМ – Гаранција за млади

ГМП - Гарантирана минимална помош

ГИЗ - Германско друштво за интернационална соработка

ЕСС - Економско-социјалниот совет

ЕСРП – Програма за реформи во вработувањето и социјална политика

ЕУ – Европска Унија

ИПА – Инструмент за претпристапна помош

ИПВ – Индивидуален план за вработување

ISCED - Меѓународната стандардна класификација на образованието

ЈЗУ - Јавна здравствена установа

ЈУ – Јавна установа

КБ - Клиничка болница

ЛЕСС- Локален економско-сцијален совет

МКФ - Меѓународната класификација на функционирањето

МТСП - Министерство за труд и социјална политика

МОН - Министерство за образование и наука

МОТ –Меѓународна организација на трудот

NEET - Не се вработени ниту во образование и обука

НРК – Национална рамка на квалификации

РСМ – Република Северна Македонија

ОП – Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот

СЗО - Светска здравствена организација

СОО - Стручно образование и обука

ФЗОРСМ – Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија

ФПИОСМ – Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија

ЦВ – Центар/центри за вработување

ЦСОО - Центар за стручно образование и обука

ЦСР – Центар/центри за социјална работа

УНДП - Програма за развој на Обединети нации

УРУОЈПЗ - Управа за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците

# 1. ВОВЕД

## 1.1 Подготовка и следење на ЕСРП

Програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика 2020 (ЕСРП 2020) беше првично усвоена од Владата на Република Северна Македонија во август 2017 година. По усвојувањето на ЕСРП Програмата, се обезбеди редовно следење и известување за напредокот во имплементацијата на Програмата од страна на Работната група за секторот „Образование, вработување и социјална политика". Во 2018 година се подготви првиот извештај за следење на спроведувањето на ЕСРП. Две години по активно спроведување на целите и мерките од ЕСРП 2020, се наметна потребата од нејзина ревизија. Ревизијата беше поттикната од промените во поставеноста на политиките, од кои дел – како тие во сферата на социјалната политика – имаа структурни поместувања; како и од тековните трендови и движења, преку кои се увиде потреба од ревизија на некои од целните вредности во ЕСРП 2020.

Со ревизијата, се продолжи временската рамка на ЕСРП до 2022 година. **Ревидираната програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2022 – (р) ЕСРП 2022** ги утврдува реформите и политиките кои ќе се реализираат во рамките на трите приоритетни области и тоа:

**1. Пазар на труд и вработување**

**2. Човечки капитал и вештини и**

**3. Социјална инклузија и социјална заштита**

Во Ревидираната ЕСРП 2022 беше констатиран напредокот во текот на двете години по донесувањето на ЕСРП 2020, што имплицираше значајна ревизија на мерките и целните вредности на индикаторите. Имено, во Ревидираната ЕСРП 2022, за секоја област се издвојуваат одреден број насловни, исходни и процесни индикатори за мерење на вкупниот напредок во секоја област на ЕСРП. За сите индикатори се утврдија нови целни вредности за 2022.

Следењето на ЕСРП е во надлежност на секторската работна група за „Образование, вработување и социјална политика". Во подготовката на Ревидираната програма се обезбедија и дополнителни консултации со социјалните партнери и претставници на граѓанското општество активни во областите опфатени со ЕСРП, со цел нивно запознавање со содржината на Ревидираната програма и обезбедување на коментари, забелешки и видувања. Секторската работна група е главна платформа за дијалог за политиките која е заеднички водена од министрите за образование и вработување. Во Секторската работна група членуваат претставници на следните институции: Министерство за труд и социјална политика, Министерство за финансии, Министерство за образование и наука, Министерство за здравство, Кабинет на Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, Секретаријат за европски прашања, Државен инспекторат за труд, Државен завод за статистика, Биро за развој на образованието, Агенција за вработување на Република Северна Македонија, Центар за стручно образование и обука, Центар за образование на возрасни, Завод за социјални дејности – Скопје, Национална агенција за европски образовни програми и мобилност. Во текот на 2021 година, секторската работна група одржа два состаноци, од кои на еден се разгледа напредокот во спроведување на Ревидираната ЕСРП 2022.

> Овој Годишен извештај за имплементацијата на „Ревидираната Програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2022" за 2021 година беше разгледан од Секторската работна група на состанокот што се одржа на 23 мај 2022. **Извештајот беше усвоен од страна на Владата на Република Северна Македонија во септември 2022 година (82-ра седница на Владата на РСМ, одржана на 13.09.2022 година).**

## 1.2 Резиме на напредокот во имплементација на ЕСРП

Делот 3 во овој извештај детално го презентира напредокот во имплементација на ЕСРП 2022. Врз основа на анализата може да се заклучи дека и покрај предизвиците со кои се соочуваше Северна Македонија во 2021 година, постигнат е напредок во остварување на стратешките цели во трите приоритетни области. Предизвик во 2021 година во Северна Македонија, како и во целиот свет, сè уште беше ковид-19 пандемијата, и здравствените и други рестриктивни мерки кои се спроведуваа заради ограничување на ширењето на пандемијата и заштита на здравјето на граѓаните, но и енергетската криза и растот на цените на примарните енергетски и неенергетски производи.

### Приоритетна област 1: Пазар на труд и вработување

Оваа приоритетна област опфаќа четири стратешки цели. Во 2021 г. значителен напредок (и делумно надминување на таргетите поставени за 2022 година) е постигнат во целта подобрување на состојбата со невработеноста, особено кај најранливите категории. Напредок е постигнат и во однос на специфичните цели за справување со неформалната вработеност и за зајакнување на социјалниот дијалог. Ограничен напредок е постигнат во унапредување на работата и услугите на АВРСМ, која со истите човечки ресурси требаше да опслужи поголем број клиенти што беа погодени од кризата и во исто време да продолжи да ги спроведува започнатите реформи-Гаранцијата за млади и активација на корисниците на гарантирана минимална помош.

ЕСРП поставува вкупно 10 индикатори за мерење на подобрувањето на состојбата со невработеноста, особено кај најранливите категории лица (млади, долгорочно невработени и други). И покрај здравствената и економска криза која продолжи и во 2021 година, главните индикатори на пазарот на труд се подобрени. Исклучок е стапката на долгорочната невработеност кај која има благо влошување.

Индикаторот за NEET кој во 2020 година покажа одредено влошување, во 2021 година има повторно подобрување односно намалување на %. Влошување има кај индикаторот за евидентирани вработувања на лица со инвалидност во отвореното стопанство, во однос на вработувањата во заштитни друштва, но сепак е надминат таргетот предвиден за 2022 година.

Во Гаранцијата за млади во 2021 година **беа вклучени 19.322 млади невработени лица (9.663 жени), од кои 7.135 се вработиле, а 929 лица биле вклучени во некоја од активните мерки за вработување** кои имаат за цел да ја зголемуваат вработливоста на младите лица. Според тоа, **успешноста на Гаранција за млади изнесува 41%.**

Опфатот на млади лица (15-29) со програми, мерки и услуги за вработување, во рамки на годишнниот Оперативен план достигна 66,5% за активни мерки и 29,3% за услуги на пазарот на трудот, што претставува натфрлање на поставениот таргет за опфат од минимум 30%. Процентот на невработени лица – корисници на права од Центрите за социјални работи, во однос на вкупниот број на учесници во активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот од 6,5 % во активни мерки и 17,6% во услуги бележи раст во споредба со претходните години, но и понатаму е под очекувањата, односно под годишниот таргет од 30%.

Во 2021 година усвоена е **Национална стратегија за развој на социјалните претпријатија 2021-2027.** Целта на Стратегијата е развој на одржлив еко-систем кој ќе биде поттикнувачки и овозможувачки за социјалните претпријатија во земјава.

На македонскиот пазар на труд постои родов јаз во поглед на учеството на мажите и жените. Ниското учество на жените на пазарот на труд во споредба со мажите останува како еден од главните предизвици, иако во последните години забележано е намалување, што меѓу другото се должи на систематскиот и координиран пристап во спроведување на политиките од повеќе домени.

Стапката на вработеност кај жените (38.4%) е пониска од таа кај мажите (64.3%), додека само 45.5% од работоспособните жени во земјава се активни, за разлика од 77.1% од мажите. Единствено, жените се во поповолна положба во однос на стапката на невработеност, со оглед што таа е за 1.9 процентни поени пониска во однос на невработеноста на мажите.

Во процес на подготовка е **нов Закон за работните односи**, во кој, меѓу останатото, ќе се направи усогласување на одредени права од националното законодавство со директивата 92/85/ЕЕС за воведување мерки за поттикнување на подобрување на безбедноста и здравјето при работа на трудниците и работничките кои неодамна родиле или дојат, Директивата за рамнотежа помеѓу работата и приватниот живот за родителите и старателите 2019/1158, како и со Конвенцијата (бр.183) и Препораката за заштита на мајчинството (бр.191) на МОТ. Во новиот текст на Законот предвидени се низа нови одредби кои значат промени во насока на усогласување на професионалниот и приватниот живот на работниците.

И недоволниот број на сервиси за стари лица, особено во руралните средини, е пречка за активно учество на жените во економијата. Затоа продолжија активностите за развој на сервиси за грижа на стари и изнемоштени лица, како што се услуги за нега и грижа во домот, персонална асистенција, отворање на резиденцијални установи за стари лица, итн.

Напредок е постигнат и во однос на **справување со неформалната вработеност**. ЕСРП вклучува еден индикатор за мерење на напредокот во областа на неформалната економија, а тоа е учество/удел на неформално вработени во вкупниот број вработени лица. Овој индикатор има вредност 12,1% во 2021 (дополнително подобрување во однос на 2020 година, кога е и надминат поставениот таргет од 16,5% до 2022).

**Унапредување на квалитетот на работата и услугите на јавната служба за вработување.** ЕСРП поставува пет индикатори за мерење на напредокот во унапредување на квалитетот на работата и услугите на АВРСМ. Напредокот во оваа област е побавен од планираното.

Во текот на 2021 г. беа организирани вкупно шест обуки за 253 вработени во АВРСМ, што е под поставениот таргет од мин. 550 вработени, односно секој од вработените најмалку еднаш годишно да биде вклучен во обука/семинар.

Во 2021 година реновирани се центрите за вработување во Куманово и Тетово.

Воспоставена е електронска размена на податоци и изработка на Индивидуалните планови за активација помеѓу центрите за вработување и центрите за социјална работа. Заклучно со 31.12.2021 беа изготвени 2.118 индивидуални планови за активација.

Со **услугата помош при барање работа** што опфаќа профилирање и подготовка на индивидуални планови за вработување за невработените лица, советување за вработување, давање информации за потребите на пазарот на трудот, слободни работни места, и др. **во 2021 година беа опфатени 45.640 лица од кои 23.647 жени и 14.199 млади лица до 29 години.**

Во 2021 година, 4.070 ИПВ-2 (индивидуални планови за вработување за тешко вработливи лица, односно за лица кои се соочуваат со значајни пречки за вклучување на пазарот на трудот). Ова е подобрување во споредба со 2020, но е под таргетот за 2022. Бројот на лица за кои ќе биде изработен ИПВ-2, односно ИПВ за тешко вработливи лица зависи од бројот на невработени лица за кои врз основа на профилирањето е утврдено дека припаѓаат на категорија на тешко вработливи лица.

**Во текот на 2021 година беа доставени вкупно 4.151 барање за посредување при вработување.** Во посредувањето беа вклучени вкупно 23.892 лица (жени – 11.347; млади лица до 29 години – 6.049) и беа вработени 2.751 лице (жени – 1.875; млади лица до 29 години - 882).

**Во 2021 година беа реализирани 5.133 средби со работодавачите.** Средбите со работодавачите беа организирани со цел информирање и запознавање на работодавачите со поволностите при вработување на разни целни групи на невработени лица, информации за активните мерки за вработување, можностите за изнаоѓање на соодветни работници според нивните потреби и др.

**Зајакнување на социјалниот дијалог и унапредување на колективното договарање.** ЕСРП поставува вкупно пет индикатори за мерење на зајакнувањето на социјалниот дијалог на трипартитно и бипартитно ниво, на национално и на локално ниво, и за унапредување на колективното договарање. Притоа, постигнувањето на целните вредности во 2021 година, засега е делумно, особено во делот на синдикалната организираност, каде што повторно е

евидентиран благ пад, иако минатата година де факто дојде до зголемување на бројот на членови на синдикатите. Падот се припишува на фактот што бројот на вработени во земјата расте побрзо од бројот на работници членови на синдикатите. Кај стапката на покриеност со колективно договарање на ниво на работодавач забележан е понатамошен напредок во споредба со 2020 и таргетот за 2022 е надминат. Кај стапката на успешно решени колективни работни спорови преку механизмот за мирно решавање на работни спорови е забележан напредок со оглед на тоа што единствениот поведен колективен спор преку овој механизам, беше успешно решен. Исто така, механизмот за следење на препораките на Економско-социјалниот совет и редовно следење на бројот на мислења/препораки упатени до Владата на РСМ е функционален. Минатата година евидентиран е зголемен број на мислења и препораки на ЕСС поднесени до Владата и ЕСС се профилира како важен и видлив фактор во носењето на економски политики и политики на пазарот на трудот.

## Приоритетна област 2: Човечки капитал и вештини

Приоритетната област „Човечки капитал и вештини“ вклучува три специфични цели: обезбедување квалитетно инклузивно образование и еднаков пристап до образование за сите; имплементацијата на Националната рамка за квалификации – основа за осигурување квалитет во системот за образование; и обука и зајакнување на вработливоста на работната сила и градење на флексибилни патишта за доживотно учење. Значаен напредок е постигнат во сите три специфични цели, каде повеќето таргети се или веќе постигнати или е речиси сигурно дека ќе се постигнат. Неопходен е натамошен и брз напредок во третата специфична цел, спефицично во однос на населението вклучено во доживотно учење (каде процентот е доста низок, намален е во однос на 2021 година, и е многу под таргетираната вредност).

Напредокот во оваа стратешка цел се мери преку насловниот индикатор Индекс на човеков развој. Се уште не е достапна вредноста за индикаторот во 2021 година. Индексот на човеков развој во 2019 година изнесуваше 0,774 и е под таргетот од 0,780.

**Обезбедување квалитетно инклузивно образование и еднаков пристап до образование за сите**. ЕСРП предвидува три индикатори за обезбедување на квалитетно инклузивно образование и еднаков пристап до образование за сите. Во 2021 година е остварен напредок кај дел од поставените индикатори со тоа што кај стапката на лица кои рано го напуштаат образованието, поставениот таргет за 2021 година од 6,8% е веќе надминат (стапката на напуштање е 4,6% во 2021 година). Кај другите два индикатори е забележано мало влошување во споредба со 2020. Имено, уделот на лицата на возраст 30-34 години кои имаат завршено високо образование се намали на 36,9% во 2021 (од 39,7% во 2020 година) и е под таргетот за 2022. Стапката на ученици со посебни потреби вклучени во редовното основно и средно образование се зголеми на 66,6% (од 64,8% во 2018 година), но во споредба со 2020 бележи мало влошување.

Во текот на 2021 година постигнат е напредок во инклузијата на децата од маргинализираните групи, пред сѐ во основното образование. Во наставата започнаа да се применуваат прилагодените наставни програми, за деца кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница. Во 2021 година повторно е зголемен бројот на доделени стипендии за средношколци Роми (800 стипендии во 2019, 900 во 2020 и 917 во 2021). Осипот на ученици корисници на стипендии е помал од 1% .

Завршени се постапките на сите државни основни училишта за ученици со посебни воспитно-образовни потреби со што истите се трансформирани во основни училишта со ресурсен центар. Ангажирани се 500 образовни асистенти за работа со ученици со попречености во основните училишта, за учебната 2021/2022 година.

Значителен напредок е постигнат и кон подобрување на интеграцијата и интеракцијата помеѓу ученици кои следат настава на различен јазик. Донесени се за првпат Стандарди за интеркултурно образование во основно образование и Упатство за организирање заеднички наставни часови (со ученици кои следат настава на различни наставни јазици).

Донесена е нова Концепција за основно образование, чија имплементација започна етапно (за учениците во прво и четврто одделение) од учебната 2021/2022 г. Параелно со Концепцијата донесени се и Националните стандарди за учениците во основното образование.

Извршена е реконструкција и изградба/доградба на нови училишта/објекти, како и спортски сали.

Во 2021 година за прв пат е спроведена постапка за напредување на наставниците во звање наставник-ментор. На првиот јавен оглас, во звање ментор се унапреди 141 наставник од основните училишта.

**Имплементација на националната рамка за квалификации – основа за осигурување квалитет во системот за образование и обука.** Напредокот во оваа сфера се мери преку три индикатори. Два од поставените индикатори се веќе постигнати. Воспоставена е Опсерваторија за вештини, како и функционален Регистер на квалификации и започната е постапка за негова надградба во 2021 година. Одреден напредок е постигнат во зголемување на бројот на секторски комисии за квалификации (зголемен е бројот од 10 на 11 во 2021 година), но потребен е натамошен напредок за постигнување на целта од воспоставени 16 секторски комисии до 2022 година. Во 2021 г. континуирано/редовно работеше и одржуваше седници Националниот одбор на Македонската рамка на квалификации за што беа обезбедени финансиски средства за работа во Буџетот на МОН. Во 2021 година беше воспоставена уште една дополнителна Секторска комисија за сообраќај, транспорт и складирање.

**Зајакнување на вработливоста на работната сила и градење на флексибилни патишта за доживотно учење.** Во ЕСРП 2022 се утврдени четири индикатори за следење на напредокот во остварување на оваа цел. Во 2021 година понатамошен напредок и надминување на таргетот за 2022 година е постигнат во однос на учество на учениците во средните стручни училишта како % од вкупниот број ученици во средно образование. Овој индикатор изнесува 64% во 2021 година (таргет >60%). Учеството во доживотното учење (2,5%) е сè уште под таргетот за 2022 година од 4%. Одличен напредок е забележан кај стапката на вработеност на лица (20–34 год.) кои неодамна завршиле средно или високо образование, која е зголемена на 58,2% (од 54,5% во 2020) и со тоа е надминат таргетот од 55%. Во 2021 година официјално започнаа со работа трите Регионални центри за стручно образование и обука и Министерството за образование и наука започна постапка за нивно реконструирање.

Изработени и донесени се наставните програми за четврта година за дуално стручно образование и наставните програми за новите паралелки и струки. Во дуалното образование во учебната 2021/2022 година се запишани 1.384 ученици во 44 училишта во соработка со 220 компании. Оваа учебна година бројот на дуални паралелки во државата од 11 е зголемен на 97. Конкурсот за упис на ученици за учебната 2021/2022 година целосно е усогласен со потребите на пазарот на трудот.

## Приоритетна област 3: Социјална инклузија и социјална заштита

Оваа стратешка цел вклучува шест специфични цели: зголемување на ефикасноста и ефективноста на системот на социјална помош; подобрување на достапноста на социјалните услуги; поддршка и унапредување на деинституционализацијата; унапредување на социјалната инклузија на Ромите; справување со клучните предизвици во делот на одржливоста на пензискиот систем; справување со клучните предизвици во областа на здравствениот систем и здравствената заштита на населението. Напредок е постигнат во рамки на сите овие цели, со тоа што потребни се поголеми напори за да се постигнат поставените таргети до 2022 година, особено во областа на унапредување на социјалната инклузија на Ромите (посебно во делот на домување/социјални станови).

Насловен индикатор за оваа стратешка цел е стапката на сиромаштија. Таргетот за оваа стратешка цел е намалување на стапката на сиромаштија на 16% во 2022 година. Стапката на сиромаштија во Северна Македонија е висока и изнесува 21.8%. Со тоа се оствариja очекувањата дека пандемијата ја влоши релативната сиромаштија и доходовната нееднаквост, но многу малку, меѓу другото и поради владините мерки кои ги таргетираaa

понискодоходовните сегменти. Така на пример, во исто време дојде до зголемување на бројот на домаќинства кои се покриени со сите видови парични давања од социјална заштита, што секако придонело кон ублажување на сиромаштијата.

**Зголемување на ефикасноста и ефективноста на системот за социјална помош.** ЕСРП поставува вкупно четири индикатори за мерење на ефикасноста на системот за социјална помош. Податоците се достапни за дел од поставените индикатори. Засега, индикаторите покажуваат извесен пораст на покриеноста на домаќинствата со социјална помош, како и програмите за заштита на децата и постарите лица над 65 години. Според податоците од АПУЖ позначајно влијание врз сиромаштијата има само кај постарите, додека децата се најзасегната група од населението кога станува збор за ефектот од пандемијата врз доходот и сиромаштијата на домаќинствата (стапката на сиромаштија пораснала од 27.8% во 2019 на 30.3% во 2020).

Според податоците на Министерството за труд и социјална политика, бројот на домаќинства кои добиваат гарантирана минимална помош (ГМП) на крајот на 2021 година изнесува 37.109 споредено со 25.095 домаќинства кои примале ГМП во 2019 година, кога беше воведен реформираниот систем на социјална и детска заштита. Во 2020 година, бројот на домаќинства кои примаат ГМП се зголеми за 8.235 нови корисници, додека во 2021 година, 3.779 нови домаќинства влегоа во системот, што резултираше со вкупно зголемување од 48% на корисниците на ГМП за период од две години. Во декември 2021, 10.292 постари лица над 65 годишна возраст, кои неможат да обезбедат средства за егзистенција по други основи го користеле правото на социјална сигурност. Со тоа е надминат и планираниот опфат од 6.000 постари лица.

Во 2021 правото на детски додаток го користеле во просек 48.000 деца, додека правото на додатокот за образование го користеле 28.814 ученици и студенти**.** Со обезбедените парични средства за исплата на додаток за образование им се помага на родителите во подмирувањето на училишните трошоци со цел редовно следење на наставата и превенирање во раното напуштање на училиште.

**Подобрување на достапноста на социјалните услуги.** ЕСРП поставува три индикатори за мерење на напредокот во достапноста на социјалните услуги. Солиден напредок има кај воспоставените локални совети за социјална заштита, преку што се следи инволвираноста на општините во планирањето и обезбедувањето на социјалните услуги – се формираа 60 локални совети. Одличен напредок е постигнат кај индикаторот за воспоставување на регионални совети за социјална заштита, поточно воспоставени се 7 совети со што може да се очекува дека таргетот од 8 совети во 2022 година ќе се исполни во целост. Постигнат и значително е надминат трагетот за број на лиценцирани нејавни даватели на услуги (62 во 2021, а таргетот за 2022 е 30) со што се обезбедува поголема достапност на социјалните услуги, иако се јавува нееднаква географска распространетост.

**Поддршка и унапредување на деинституционализацијата.** ЕСРП поставува вкупно три процесни индикатори за мерење на унапредувањето на деинституционализацијата. Кај два од нив, кои се взаемно поврзани (Број на лица сместени во станбени единици за живеење со поддршка или групни домови и Број на лица сместени во резиденцијални установи за социјална заштита) по стагнацијата во 2020 година поради пандемијата, постигнат е напредок во 2021 односно и беа преселени вкупно 20 корисници во четири нови станбени единици за живеење со поддршка, а се подготвуваат уште 15 корисници. Во декември 2021 година, вкупно 241 лица биле сместени во станбени единици за живеење со поддршка. Зголемен е бројот на корисници на социјални услуги, посебно кај услугите во домот и услугите на вон-семејна заштита.

На крајот од 2021 година, 226 лица сè уште живеат во резиденцијалните установи за социјална заштита.

Продолжи трансформацијата на социјалните резиденцијални институции: Во јули 2021 година отпочнаа со работа првите два јавни центри за поддршка на згрижувачките семејства во Скопје и во Битола (во поранешните резиденцијални социјални институции за сместување деца). Во третото тримесечие отпочна со работа и првиот приватен центар за поддршка на згрижувачките семејства во Скопје, раководен од граѓанска организација и соодветно

лиценциран за давање на оваа социјална услуга. Трите центри за поддршка на згрижувачките семејства ќе ја обезбедат оваа услуга за 327 згрижувачки семејства во кои се згрижени вкупно 559 корисници.

**Унапредување на социјалната инклузија на Ромите**. ЕСРП поставува вкупно 10 индикатори за мерење на унапредувањето на социјалната инклузија на Ромите, поделени во три дела: пазар на труд, образование и здравствена заштита. Напредок се забележува кај индикаторот за вклученост на Роми во активните програми и мерки за вработување и индикаторот за учество на Ромите во вкупниот број на регистрирани невработени лица во АВРСМ (%) каде се надминати и поставените таргети за 2022 година. Напредок има и кај вклученоста на ромски деца (0-6) во претшколско образование иако е сè уште далеку од постигнување на таргетот за 2022 година.

Потребен пак е натамошен напор за подобрување на состојбите со средното и високото образование на Ромите. Бројот на запишани студенти - Роми бележи пораст во однос на 2019: во 2021 активни биле 263 студенти Роми, од нив 110 биле поддржани со стипендија од МОН, и од нив во прва година биле запишани 47 лица. Напредок покажува и стапката на премин на ученици Роми од основно во средно од 77,4% во 2019 на 78% во учебната 2021/2022 година. Единствено кај стапката на премин на ученици Роми од средно во високо образование дошло до намалување од 40,5% во 2019 на 33,5% во 2021. Ова се должи на фактот што за време на пандемијата, младите Роми се активираа на пазарот на труд. Потребни се дополнителни напори кај сите индикатори за да се постигнат таргетите поставени за 2022 година. За таа цел МОН, предвидува ромски образовни медијатори за средно образование кои ќе ги поттикнат матурантите Роми да продолжат со високо образование.

Во областа на социјалното домување и генерално условите за живот, во 2021 биле реализирани седум проекти од комуналната инфраструктура во населби со претежно ромско население, што е далеку под таргетот од вкупно 23 проекти поставен за 2022. Во тек е изградба на нови социјални станови, а во 2021 извршена е распределба на дел од социјални станови, но меѓу корисниците немало Роми (немало Роми што се пријавиле на повикот).

**Справување со клучните предизвици во делот на одржливоста на пензискиот систем.** ЕСРП поставува два исходни индикатори за мерење на справувањето со клучните предизвици во делот на одржливоста на пензискиот систем, но само % на изворни приходи во однос на вкупни расходи на ФПИОСМ покажува напредок, додека % на просечна пензија во просечна плата со кој се мери адекватноста на пензиите бележи пад. Во 2021, процентот на изворни приходи во однос на вкупни расходи на ФПИОСМ се зголемил за 0,5 процентни поени споредено со 2020, но е под таргетот поставен за 2022.

Просечната пензија претставувала 53,02% во однос на просечна плата и бележи благо намалување во споредба со 2020 и сè уште е под нивото од 2018 (59,5%) и таргетот од 60% поставен за 2022. Просечната плата растела побрзо од просечната пензија. За заштита на стандардот на корисниците на пензија, Владата на Република Северна Македонија во својата програма се обврза на стабилен пензиски систем за сегашните и идните пензионери. Во таа насока, во времето на подготовка на овој извештај се подготвува измена на методологија за редовното усогласување на пензиите.

**Справување со клучните предизвици во областа на здравствениот систем и здравствената заштита на населението.** Исходниот индикатор стапка на доенечка смртност во 2020 бележи благ пораст на 5,7 промили (споредено со 5,6 промили во 2019) но е под 7 промили согласно поставениот таргет за 2022. За 2021, податоците ќе бидат објавени во јуни. Во 2021 година беше извршена надградба на интегрираниот здравствен информатички систем „Мој термин“ со 8 нови модули и со тоа таргетот за 2022 е надминат.

Во 2021 година завршена е реконструкција на општата болница Струмица, а гасифицирани се специјалната болница за гинекологија Мајка Тереза-Скопје и Општа Болница-Куманово. Завршена е реконструкција на пристапни патеки во Универзитетски Клинички центар Мајка Тереза во Скопје и поставени се 16 модуларни ковид центри и нови модуларни амбуланти за Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија – Скопје. Беше извршена надградба на интегрираниот здравствен информатички систем „Мој термин“ со осум нови модули и со тоа таргетот за 2022 е надминат.

# 2. ЕКОНОМСКО-СОЦИЈАЛЕН КОНТЕКСТ И СОСТОЈБИ

Пандемијата на ковид-19 предизвика пад на економијата на Северна Македонија од 6,1% во 2020 година. Притоа, опоравувањето од пандемијата е со побавно темпо од очекуваното. Имено, во 2021 година, според прелиминарните податоци на Државниот завод за статистика, растот на БДП изнесува 4%, што всушност значи дека македонската економија сè уште го нема достигнато пред-кризното ниво од 2019 година. Основна причина за нискиот интензитет на економско закрепнување се пролонгираната здравствена криза, како и нарушените синџири на снабдување. Економското закрепнување во 2021 година во најголем дел доаѓа од трговијата, додека останатите гранки забележуваат минимален раст или намалување (види Графикон 1).

Графикон број 1 – Бруто домашен производ, приходна страна (2021)




Извор: Државен завод за статистика

Градежништвото, по падот од 4% во 2020 година, во 2021 година забележа дополнителен пад од 2,5%, додека слични резултати забележа и земјоделството (3% пад во 2020 и 0,9% во 2021). Преработувачката индустрија по падот од значителни 6,5%, забележа скромен раст од 1,4% односно далеку од пред-пандемиското ниво.

На расходната страна на БДП се забележува солиден раст на бруто инвестициите, извозот и узвозот на годишно ниво. Сепак, повисокиот раст на увозот од извозот упатува на негативен придонес на нето-извозот во економскиот раст, како и релативно силна потрошувачка кај домаќинствата (приватната потрошувачка).

Геополитичките ризици (воениот конфликт помеѓу Русија и Украина), како и проблемите во меѓународните синџири на снабдување негативно ќе влијаат врз економскито раст и во 2022 година. Првичните проекции за растот на економијата во 2022 година изнесуваа 4,6% (Министерство за финансии) и 4,2% на ММФ. Неодамна ММФ ја намали оваа проекција на 3,2%.

Како резултат на преземените пакети на мерки за справување со пандемијата и економската криза предизвикана од истата, буџетскиот дефицит во 2020 година достигна 8,2% од БДП. Во 2021 година, дефицитот се намали но сепак изнесуваше високи 5,4% од БДП. Овие движења предизвикаа раст на јавниот долг до ниво од 60,8% од БДП.[1]

Спротивно на очекувањата, движењата на пазарот на труд во Северна Македонија се доста поволни и покрај падот и нискиот раст на економската активност изминатите години. Стапката на активност во 2021 година се намали во однос на 2020 година, од 56,4% на 56% (иако активноста на населението на возраст 15-64 остана непроменета). Стапката на вработеност

[1] Јавен долг (finance.gov.mk).

остана непроменета, додека стапката на невработеност се намали од 16,4% во 2020 година на 15,7% во 2021 година. Намалување е остварено и кај стапката на невработеност на младата популација која достигна 27,6% (од 29,6% во 2020).

Ескалацијата на руско-украинскиот конфликт предизвика силен раст и голема променливост на цените на примарните енергетски и неенергетски производи. Во 2021 година стапката на инфлација мерена преку трошоците за живот изнесуваше 3,2% што претставува највисоко ниво во изминатите осум години. Дополнително, во првите три месеци од 2022 година стапката на инфлација изнесува 7,7%. Притоа, растот на цените во најголем дел се должи на растот на цените на енергенсите и храната, односно производи врз чија цена Народната банка не може значително да влијае. Токму затоа, оправдана е политиката на Народната Банка умерено да ја зголемува основната каматна стапка.

Во однос на образовните индикатори, Северна Македонија бележи континуирано подобрување во повеќе индикатори (особено оние за младата популација) и се повеќе се приближува па дури и ги надминува земјите на ЕУ. Во 2021 година учеството на младите на возраст од 30 до 34 години со завршено високо образование во Северна Македонија бил 36,9% (во споредба со 17,1% во 2010 година), со што се доближиле до младите од ЕУ (41,6%).[i] И покрај овој напредок во образовните индикатори, сè уште е голем уделот на млади на возраст од 15-29 години во Северна Македонија кои не се ниту во образование ниту работат (NEET стапка), односно 24,3%, што е речиси двојно од просекот на ЕУ-27 (13,1% во 2021). Северна Македонија заостанува зад ЕУ и во индикаторите кои го мерат преминот од образование кон пазар на труд (или вработување). На пример, во 2021 година, 78,67% од младите (20-34) во ЕУ биле вработени 1-3 години по завршување на образованието, што е случај со 58,2% од младите во Северна Македонија.

# 3. НАПРЕДОК ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ЦЕЛИТЕ НА ЕСРП 2022

Овој дел од извештајот содржи информации за напредокот за секоја цел и за напредокот во постигнување на целните вредности на индикаторите. Деталите за остварениот напредок по мерки/активности и предизвиците во спроведувањето на активностите се презентирани во Анексот 1 на извештајот. Во Анексот 2 е даден збирен приказ на напредокот по индикатори.

## ПАЗАР НА ТРУД И ВРАБОТУВАЊЕ

Во однос на насловните индикатори за оваа стратешка цел, напредок е постигнат кај индикаторот стапка на вработеност на мажи, додека кај индикаторите стапка на вработеност на жени и стапка на вработеност на млади лица има благо влошување. Вкупната стапка на вработеност е непромената во споредба со 2020 година, со пад на вработеноста во приватниот сектор. Сите четири индикатори бележат напредок во однос на 2018 (почетна година во Програмата), но потребен е дополнителен напредок за постигнување на таргетите за 2022 година.

| Насловен индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стапка на вработеност (15+) (%)** | 45,1 | 47,3 | 47,2 | 47,2 | 48,5 |
| Стапка на вработеност (15+) - МАЖИ (%) | 54,4 | 56,6 | 55,9 | 56,2 | 58,7 |
| Стапка на вработеност (15+) - ЖЕНИ (%) | 35,8 | 38,1 | 38,4 | 38,3 | 39,0 |
| **Стапка на вработеност на млади лица (15-29) (%)** | 30,9 | 34,4 | 33,5 | 33,4 | 34,5 |

### 3.1.1. ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА СО НЕВРАБОТЕНОСТА, ОСОБЕНО КАЈ НАЈРАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ ЛИЦА (МЛАДИ, ДОЛГОРОЧНО НЕВРАБОТЕНИ И ДРУГИ)

ЕСРП поставува вкупно 10 индикатори за мерење на подобрувањето на состојбата со невработеноста, особено кај најранливите категории лица (млади, долгорочно невработени и други). И покрај здравствената и економска криза која продолжи и во 2021 година, главните индикатори на пазарот на труд се подобрени. Исклучок е стапката на долгорочната невработеност кај која има благо влошување.

Индикаторот за NEET кој во 2020 година покажа одредено влошување, во 2021 година има повторно подобрување односно намалување на %. Влошување има кај индикаторот за евидентирани вработувања на лица со инвалидност во отвореното стопанство, во однос на вработувањата во заштитни друштва, но сепак е надминат таргетот предвиден за 2022 година.

Таргетот за 2022 е надминат за стапката на вработеност на жените (20 - 64) и стапката на невработеност на млади лица (15-29), како и индикаторите што се однесуваат на Гаранцијата на млади и за опфатот на млади лица (15-29) со програми, мерки услуги за вработување.

| Индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| Стапка на вработеност (20 - 64) (%) | 56,1 | 59,2 | 59,1 | 59,5 | 59,8 |
| Стапка на вработеност (20 - 64) - МАЖИ (%) | 66,6 | 69,7 | 68,9 | 69,5 | 70,4 |
| Стапка на вработеност (20 - 64) - ЖЕНИ (%) | 45,2 | 48,4 | 49,0 | 49,2 | 48,9 |
| Стапка на невработеност (15+) (%) | 20,7 | 17,3 | 16,4 | 15,7 | 14,0 |
| Стапка на невработеност на млади лица (15-29) (%) | 37,0 | 30,5 | 29,6 | 27,6 | 30,5 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Стапка на долгорочна невработеност (%) | 15,5 | 13,1 | 12,4 | 12,5 | 11,0 |
| Стапка на млади лица кои не се вработени, ниту во образование или обука (NEET, 15-29) | 29,8 | 24,5 | 26,2 | 24,3 | 22,9 |
| Вкупен број лица вклучени во различните услуги на пазарот на труд и активни програми и мерки за вработување | 117.347 | 7.598 во активни мерки<br>115.836 во услуги | 10.953 во активни мерки<br>57.087 во услуги | 11.292 во активни мерки 75.175 во услуги | Мин.60.000 годишно |
| Опфат на млади лица (15-29) со програми, мерки услуги за вработување, во рамки на годишните Оперативни планови | 38,8% | 56,45% во активни мерки<br>38,34 % во услуги | 66,8% во активни мерки<br>35,5 % во услуги | 66,5% во активни мерки 29,3 % во услуги | Мин. 30% |
| Сите млади лица кои што првпат се пријавуваат во АВРСМ се профилирани рано, т.е. во текот на првиот месец од периодот на невработеност | √ | √ | √ | √ | √ |
| Број на млади вклучени (регистрирани) во Гаранцијата за млади | : | 20.302 | 25.502 | 19.322 | Мин. 10.000 |
| % од младите вклучени во Гаранцијата за млади, кои во период од четири месеци по вклучувањето во ГМ имале успешен излез (или се вработиле или се вклучиле во одредена обука или друга активна мерка) | : | 35% | 35% | 41%. | Мин. 30% |
| Процент на невработени лица – корисници на права од Центрите за социјални работи (ГМП), во однос на вкупниот број на учесници во активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот | : | 5,4 % во активни мерки<br>24,3% во услуги | 3,5 % во активни мерки<br>16,6% во услуги | 6,5 % во активни мерки 17,6% во услуги | 30% |
| Процент на евидентирани вработувања на лица со инвалидност во отвореното стопанство, во однос на вработувањата во заштитни друштва | 69% | 73,9% | 71,3 % | 61,89% | >60% |

### 3.1.1.1. Цел: Подобрување на вработеноста на младите и промовирање на повеќе и подобри работни места за младите лица

Сите индикатори во ЕСРП поврзани со Гаранцијата на младите и учеството на младите во активните мерки за вработување на годишно ниво се натфрлени. Сепак, бројот на млади лица вклучени во Гаранцијата за млади во 2021 бележи пад од 24 проценти во споредба со 2020, но за сметка на тоа, пораснал уделот на лицата што добиле понуда во период од четири месеци.

Во Гаранцијата за млади за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година **беа вклучени 19.322 млади невработени лица (9.663 жени), од кои 7.135 се вработиле, а 929 лица биле вклучени во некоја од активните мерки за вработување** кои имаат за цел да ја зголемуваат вработливоста на младите лица. Според тоа, **успешноста на Гаранција за млади на национално ниво изнесува 41,7%.**

Од вкупниот број на лица кои се вработиле, 594 лица биле вработени преку посредување при вработување, 813 биле вработени преку некоја од активните мерки за вработување, а 159 се основачи или управители. За 1.224 лица се уште не се поминати 4 месеци од нивниот влез во Гаранција за млади.

Од вкупниот број на лица кои се вработиле преку активни мерки за вработување, најголем дел се вработиле преку учество во мерката Субвенционирано вработување (663 лица), и во мерката Финансиска поддршка за создавање нови работни места (105 лица).

Од 1.257 невработени лица кои биле вклучени во некоја од активните мерки кои не водат кон директно вработување, најголемо учество младите лица имале во Програмата практикантство (693 лица).

Нешто над 40% од учесниците биле во Гаранцијата на млади и по четири месеци по вклучување во Гаранцијата за млади, додека остатијит се со непознат излез.

Успешноста на Гаранцијата за млади во дел од центрите за вработување (пр. Валандово, Виница, Кавадарци, Кочани, Неготино, Пробиштип, Свети Николе, Струмица и Штип) е над националниот просек, додека во Велес, Гостивар, Дебар, Кичево, Македонски Брод, Прилеп и Тетово, успешноста е под просекот во државата.

Со Гаранцијата за млади биле опфатени околу 20,6% од младите што не се вработени, што не се во образование или обука.

Стратегиите за активирање се важен инструмент за поддршка на интегрирањето на младите лица на пазарот на трудот и нивните основни составни елементи (помош при барање работа, услуги за советување и насочување, изготвување индивидуални планови за вработување, следење и санкционирање) се вклучени во Гаранцијата за млади. Лицата кои биле вклучени во Гаранцијата за млади се вклучувале во услугите кои ги нуди АВРСМ: 2.712 лица биле вклучени во некоја од услугите за вработување.

Притоа, спроведено е кариерно советување за 77 лица, профилирани се 1.011 лица, изработени се вкупно 1.124 индивидуални планови за вработување (од кои 18 ИПВ 2 за тешко вработливи лица).

Опфатот на млади лица (15-29) со програми, мерки и услуги за вработување, во рамки на годишниот Оперативен план достигна 66,5% за активни мерки и 29,3% за услуги на пазарот на трудот.

Во однос на мерката за јакнење на локалниот пристап за подобрување на вработеноста на младите лица, во рамки на Проектот „Зајакнување на социјалниот дијалог“, финансиран од ЕУ преку директен грант на Меѓународната организација на трудот, реализирани се повеќе активности, меѓу кои организирање вебинари за млади во 12 града на тема „Мои права на работа“; подготовка на анализи (дијагностики) за локалниот пазар на труд за Скопје, Велес и Радовиш и локални акциски планови за вработување за Струмица и Куманово. Спроведувањето на локалниот план за вработување во Битола резултираше со развој на 40 бизнис идеи, формирање на осум старт-апи и 35 вработувања, додека 30 лица се стекнаа со напредни IT вештини.

Младинскиот ресурсен центар iCan во Гостивар поддржа 1.146 млади лица во разни обуки, од кои 220 во подолготрајни стручни обуки во областа на информатиката и 132 во обуки за меки вештини (комуникациски, управување со проекти, итн.). Со поддршка на центарот **беа** развиени 40 старт-ап иницијативи и **се реализираа** 9 вработувања.

### 3.1.1.2. Цел: Намалување на невработеноста на долгорочно невработените и лицата од останатите ранливи групи

Се имплементираше Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд за 2021 година (со вклучена Гаранција за млади). **Реализацијата на сите активни програми и мерки за вработување за 2021 година изнесува повеќе од 94,6%** (планирани 11.993, вклучени 11.292 лица).

Постигнати се следните резултати:

- 1.877 лица беа вработени со програмата за поддршка на самовработување;
- 2.037 лица се вработени во програмите за субвенционирано вработување, вработување и раст на правни субјекти;
- 157 лица беа вработени со програмата за поддршка за вработување на лица со попреченост;
- 922 невработени лица беа вклучени во различните програми и мерки за обука;

- 1.287 невработени беа вклучени во програмата за практикантство;
- 500 невработени лица беа вклучени во програмата за работи во заедницата (Општинско корисна работа);
- 725 невработени лица беа ангажирани во програмата за јавни работи;
- 3.787 млади лица беа подржани преку програмата за младински додаток;
- 4.979 жени беа вклучени во мерките за вработување.

Во однос на услугите за вработување, во 2021 година беа обезбедени следните услуги:

- 45.640 лица добиле услуга за помош при барање работа;
- 328 невработени лица биле вклучени во мотивациски обуки;
- 38 невработени лица биле вклучени во обуки за Подготовка за вработување и за работа;
- 1.054 невработени лица ја користеле услугата Професионална ориентација и кариерно советување;
- 3.250 лица ја користеле услугата Активација на невработени Роми и други лица во ризик од социјално исклучување;
- 781 невработени лица, корисници на гарантирана минимална помош користеле услуги на советување и мотивација (СИМ);
- 20 невработени лица биле вклучени како поддршка во спроведувањето на Анкетата за потреби од вештини на пазарот на трудот.

Паралелно продолжија и активностите за активација и вклучување на ранливите групи на пазарот на трудот, особено на социјално загрозените корисници, т.е. на корисниците на гарантирана минимална помош, преку нивно вклучување во специјализирани услуги (менторство, психосоцијална поддршка) и програми за развој на вештини. Процесот на активација се спроведува со финансика поддршка од Инструментот за претпристапна помош (ИПА II), преку проектот „Активација на ранливи групи на пазарот на трудот“. **Во 2021 година во активните програми и мерки за вработување беа вклучени вкупно 118 лица, а во услугите за вработување (СИМ програма) беа вклучени 781 лица, корисници на гарантирана минимална помош.**

Во врска со процесот на активација на корисници на гарантирана минимална помош **се воспостави и системот за електронска размена на податоци помеѓу центрите за социјална работа и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија во делот на креирање на индивидуални планови за активација, а беа изработени планови за активација за 2.118 лица.**

Процентот на невработени лица – корисници на права од Центрите за социјални работи, во однос на вкупниот број на учесници во активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот од 6,5 % во активни мерки и 17,6% во услуги бележи раст во споредба со претходните годни, но и понатаму е под очекувањата, односно под годишниот таргет од 30%. Околностите поврзани со пандемијата на ковид-19 (како што е олеснување на условите за стекнување на правото на ГМП) можат делумно да ги објаснат послабите резултати. Неодамнешна Студија за влијанието на социјалните бенефиции врз активацијата на ранливите групи на пазарот на трудот покажа дека слабата активација е резултат на институционални предизвици, понатаму дестимулатори својствени на самиот систем за социјална заштита, можности за дополнителна заработка од неформална работа, обесхрабрување и семејна динамика кај корисниците на ГМП.

Услугата Активација на невработени Роми и други лица во ризик од социјално исклучување се реализира преку воспоставување на мрежа од Рома ментори и преку програми базирани на меѓународни искуства (Acceder програмата). Во рамките на оваа услуга невработените лица имаат пристап до тимот на ментори чија улога е да ги мотивираат и редовно да ги информираат невработените лица Роми и други лица во ризик од социјално исклучување за можностите за вработување или за зголемување на нивната вработливост како и комуникација со локалниот бизнис сектор во насока на олеснување на пристапот до работна сила од целната група. Моделот се имплементира во две пилот општини со значително присуство на Роми, но и добро развиено деловно опкружување, преку воспоставување на пилот центар за поддршка

на вработувањето на Роми и други лица изложени на ризик од социјално исклучување во партнерство со две избрани граѓански организации. **Во услугата биле вклучени вкупно 3.422 лица од кои 1.721 жени (50%) и 1.031 (30%) млади лица на возраст до 29 години. Во 2021 година биле информирани вкупно 3.971 лице.** За 3.422 (1.721 жени и 1.031 млади) лица пополнети се Прашалници за профилирање и вреднување на професионалните капацитети на невработеното лице за вклучување во активните мерки. **Дел од учесниците-154 (87 жени и 78 млади лица) се вклучиле во активна мерка за вработување, а дел биле директно вработени во приватниот сектор-186 (93 жени и 91 младо лице до 29 години).**

АВРСМ беше вклучена во системот на услуги за професионална рехабилитација и вклучување на пазар на труд на лица со попреченост. Со услугите за **професионална рехабилитација и вклучување на пазар на труд на лица со попреченост вкупно беа опфатени 268 лица, од кои 107 жени (40%) и 51 млади лица до 29 години (19%). Притоа, 150 лица (од кои 60 жени и 29 млади лица до 29 години) добиле пристап до работно ориентирана рехабилитација и поддршка при вработување.**

Со средства од Посебниот фонд беше субвенционирано вработување на 157 лица со попреченост. 61,89% од евидентираните вработувања на лица со инвалидност се во отвореното стопанство, во однос на вработувањата во заштитни друштва што претставува мало влошување во споредба со 2021, но во секој случај го надминува годишниот таргет од 60%.

За активација на поединците во ранлива положба, од голема важност е спроведувањето на Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија, која се усвои од страна на Владата на Република Северна Македонија во 2021 година. Целта на Стратегијата е развој на одржлив еко-систем кој ќе биде поттикнувачки и овозможувачки за социјалните претпријатија во земјава. Во рамки на документот се предвидуваат мерки и активности кои се однесуваат на креирање на култура на социјално претприемништво, развој на капацитетите на социјалните претпријатија и на актерите во еко-системот, развој на пазари за социјалните претпријатија и градење на финансиски еко-систем за социјалните претпријатија.

Во 2021 година, со техничка поддршка од страна на Советот за регионална соработка (Regional Cooperation Council), а финансирана од Европската Унија, беше спроведена Проценка на влијанието на дел од активните програми и мерки за вработување. Извештајот за спроведената проценка на влијанието на активните програми на пазарот на трудот е од значителна корист во дизајнирањето на активните програми и мерки за вработување и подобро таргетирање на долгорочно невработените и другите лица во ранлива положба.

### 3.1.1.3. Цел: Поттикнување на интеграцијата на жените на пазарот на труд и ублажување на родовите јазови

На македонскиот пазар на труд постои родов јаз во поглед на учеството на мажите и жените. Ниското учество на жените на пазарот на труд во споредба со мажите останува како еден од главните предизвици, иако во последните години забележано е намалување, што меѓу другото се должи на систематскиот и координиран пристап во спроведување на политиките од повеќе домени.

Стапката на вработеност кај жените (38.4%) е многу пониска од таа кај мажите (64.3%), додека само 45.5% од работоспособните жени во земјава се активни, за разлика од 77.1% од мажите. Единствено, жените се во поповолна положба во однос на стапката на невработеност, со оглед што таа е за 1.9 процентни поени пониска во однос на невработеноста на мажите. Но, овој тренд е регистриран само во последните неколку години; до 2015 година стапката на невработеност на жените беше константно повисока од таа на мажите.

При имплементацијата на програмите и мерките за вработување, како и услугите на пазарот на трудот, се почитува принципот на диверзитет и инклузивност за сите општествени категории во приватниот сектор согласно принципите на правична и адекватна застапеност на полова основа. Во 2021 од вкупниот број на учесници во активните мерки за вработување 4.979 биле жени (44,2%). Дополнително, неповратна финансиска поддршка била обезбедена и во рамки на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2021 година, преку подмерката 1.2 Финансиска поддршка за женско претприемништво и во мерката 115 – Поддршка за активен женски член во земјоделското домаќинство.

Во процес на подготовка е нов Закон за работните односи, во кој, меѓу останатото, ќе се направи усогласување на одредени права од националното законодавство со директивата 92/85/ЕЕС за воведување мерки за поттикнување на подобрување на безбедноста и здравјето при работа на трудниците и работничките кои неодамна родиле или дојат, Директивата за рамнотежа помеѓу работата и приватниот живот за родителите и старателите 2019/1158, како и со Конвенцијата (бр.183) и Препораката за заштита на мајчинството (бр.191) на МОТ.

Во новиот текст на Законот предвидени се низа нови одредби кои значат промени во насока на усогласување на професионалниот и приватниот живот на работниците.

Со цел да се подобри рамнотежата помеѓу работата и животот и учеството на пазарот на труд, Министерството за труд и социјална политика продолжи да инвестира во проширување на националните капацитети за предучилишно образование и згрижување. Во 2021 година беа отворени над 754 нови места во 11 новоотворени објекти.

И недоволниот број на сервиси за стари лица, особено во руралните средини, е пречка за активно учество на жените во економијата. Затоа продолжија активностите за развој на сервиси за грижа на стари и изнемоштени лица, како што се услуги за нега и грижа во домот, персонална асистенција, отворање на резиденцијални установи за стари лица, итн.

### 3.1.2. СПРАВУВАЊЕ СО НЕФОРМАЛНАТА ВРАБОТЕНОСТ

ЕСРП поставува еден индикатор за мерење на справувањето со неформалната вработеност, и тоа уделот на неформално вработени во вкупен број на вработени, кај кој во 2021 година има понатамошно подобрување споредено со минатите години, а целната вредност за 2022 од 16,5% е надмината уште во 2020 година.

| Индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| Учество/удел на неформално вработени во вкупниот број вработени (%) | 18,6 | 16,1 | 13,6 | 12,1 | 16,5% |

#### 3.1.2.1. Цел: Намалување на неформалната вработеност

Во 2021 година продолжи имплементацијата на Стратегијата за формализација на неформалната економија 2018-2022 година, а се подготви и нов Акциски план за формализација на неформалната економија за периодот од 2021 до 2022 година, како и Извештај за реализацијата на Акцискиот план за формализација на неформалната економија 2018-2020 година. **Учеството на неформално вработените во вкупната вработеност се намали на 12.1% во 2021.**

Во овој период продолжи и имплементација на проектот „Подобрување на условите за работа“ кој се спроведува од ноември 2019 година во рамки на ИПА II. Една од главните компоненти на овој проект, се однесува на јакнење на националните капацитети за подобрување на состојбите во земјата во делот на идентификување, мерење и справување со неформалната економија и неформалното вработување. Во тек се активности за воспоставување систем и софтверска алатка за собирање и споделување на податоци поврзани со непријавена работа помеѓу институциите, како и за пресметка на индикатори за големината и карактеристиките на неформалната економија. Се разработуваат и елементите на моделот за формализација на неформалната работа во дејностите на лични услуги, поправки во домот, туризам и угостителство и за регулирање на привремените и привремените ангажмани и сезонската работа. Тоа се прави во координација со проектот „Подобрување на условите за работа во земјоделството“, финансиран од ГИЗ.

Во соработка пак со Асоцијацијата на хотелиери–ХОТАМ, регионалниот ИПА проект Платформа за вработување и социјални работи – ESAP 2 ја пилотира мерката „Да се направи декларираната работа привлечна за работодавачите и вработените“. Мерката треба да генерира докази за ефективноста на поедноставувањето на процедурите за вработување и

помалиот придонес за социјално осигурување за краткорочните работници во намалувањето на неформалното вработување и работата на црно. Мерката се спроведува во општините Охрид и Струга во Северна Македонија.

Државниот инспекторат за труд (ДИТ) и во 2021 година преку вршење на инспекциски надзори на целата територија на државата продолжи со активно спроведување на заклучоците, препораките, уредбите, протоколите и одлуките на Владата на Република Северна Македонија во врска со состојбата предизвикана на пандемијата на ковид-19.

Согласно ова, **беа извршени вкупно 28.860 надзори (16.212 од областа на работните односи и 12.648 од областа на БЗР), при што беа утврдени недостатоци и неправилности за што се донесоа вкупно 5,928 решенија (3.092 од областа на работните односи и 2.836 од областа на БЗР).**

Во делот на човечки ресурси кој се однесува на инспекцискиот дел на инспекторатот, бројот на инспекторите на почетокот на 2021 година изнесуваше 114 инспектори, а заклучно со февруари 2022 година изнесува 129 инспектори. Во 2021 година **се спроведоа низа активности за зајакнување на капацитетите на Државниот инспекторат за труд** преку реализирање на низа генерички и специјализирани обуки.

Во 2021 година, Државниот инспекторат за труд во соработка со Меѓународната организација на трудот со средства од Европската Унија ја реализираа **кампањата „Мој труд, мои права“, како дел од Комуникациската стратегија на Економско-социјалниот совет.** Кампањата ги таргетираше младите кои сè уште се во процес на образование, вработените лица од сите професии, лицата што се во потрага по вработување, како и работодавачите. Главна алатка на кампањата за вработените, барателите на работа и работодавачите е веб-страницата www.mojtrudmoiprava.mk во која се содржани сите информации за правата и обврските што произлегуваат од работниот однос.

Беше подготвена **Стратегијата за безбедност и здравје при работа 2021-2025 и Акцискиот план за БЗР за периодот 2021-2023**. Подготвените документи беа разгледани и усвоени од страна на Владата на Република Северна Македонија во декември 2021 година. При подготовка на документот беше земена предвид и Стратешка рамка на ЕУ за безбедност и здравје при работа 2021-2027 насловена како „Безбедност и здравје при работа во светот на работата кој се менува“ (EU strategic framework on health and safety at work 2021-2027 „Occupational safety and health in a changing world of work).

### 3.1.3. УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТАТА И УСЛУГИТЕ НА ЈАВНАТА СЛУЖБА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

ЕСРП поставува вкупно пет индикатори за мерење на унапредувањето на квалитетот на работата и услугите на јавната служба за вработување. Во 2021 година е направен напредок споредено со резултатите постигнати во 2020 година кај сите индикатори, но потребна е значителна работа за постигнувањето на поставените целни вредности за 2022 година.

| Индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на реновирани/реконструирани подрачни центри за вработување со значително подобрени услови за работа | 15 | 1 | 1 | 2 | 25 |
| Број на вработени во АВРСМ и број на лица вклучени во активности за јакнење на нивите капацитети (обуки, работилници, семинари и сл.) | 430 | 127 | 129 | 253 | мин. 550 секој од враб. најмалку еднаш годишно вклучен во обука/семинар |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на невработени лица за кои е изготвен ИПВ-2 | 6.213 | 7.514 | 3.448[ii] | 4.070 | 14.000<br>Од кои мин. 60% вклучени во активна мерка или услуга |
| Број на барања за посредување при вработување до АВРСМ од работодавачи | 4.824<br>3.164 (66%) позитивно решени | 4.705<br>3.013 (64,04%) позитивно решени | 3.646<br>2.767 (75,9%) позитивно решени | 4.151<br>2.751 (66,3%) позитивно решени | 6.000<br>Најголем дел позитивно решени |

#### 3.1.3.1. Цел: Понатамошно подобрување на капацитетите на АВРСМ

Заклучно со 31.12.2021 година во АВРСМ пополнети се вкупно 384 од 650 систематизирани работни места, со извршители кои се вработени на неопределено време. Во текот на годината, во АВРСМ работен однос на неопределно време засновале вкупно 4 административни службеници по пат на јавен оглас, 131 лице засновале работен однос на определено работно време поради зголемен обем на работа во тековната година и 1 лице засновало работен однос на определено работно време за имплементација на ИПА заради работа на проект. Воедно, во тековната година беше овозможено и кариерно напредување на вработените во АВРСМ, при што 3 административни службеници беа унапредени од пониски во повисоки работни места по пат на интерен оглас.

Во 2021 година беа реновирани вкупно 2 центри за вработување и тоа Куманово и Тетово.

Во текот на годината беа организирани повеќе обуки за подобрување на капацитетите на вработените во АВРСМ, како на пример, обуки за градење на капацитети за советници за работодавачи и посредување при вработување, обука за тренери за практична обука за работа со работодавачи, обуки за посредување при вработување и користење на функциите на електронскиот систем на АВРСМ, дизајнирање и спроведување на програма за зелени и дигитални работни места, обуки за вработените од дел од центрите за вработување за ментори/коучи за зелени и дигитални работни места, обука и техничка поддршка за кариерно советување, Гаранција за млади.

#### 3.1.3.2. Цел: Понатамошно подобрување на услугите и работата на АВРСМ со клиентите (невработените лица и работодавачите)

Со **услугата помош при барање работа** што опфаќа профилирање и подготовка на индивидуални планови за вработување за невработените лица, советување за вработување, давање информации за потребите на пазарот на трудот, слободни работни места, и др. **во 2021 година биле опфатени 45.640 лица од кои 23.647 жени и 14.199 млади лица до 29 години.**

Во 2021 година (состојба од 01.01.2021 до 31.12.2021 година), во рамки на услугите кон барателите на работа, изготвени се вкупно 23.884 индивидуални планови за вработување. Од нив 19.774 индивидуални планови за вработување-ИПВ-1 (за лица кои се директно вработливи или со умерени потешкотии при вработувањето) и 4.070 ИПВ-2 (индивидуални планови за вработување за тешко вработливи лица, односно за лица кои се соочуваат со значајни пречки за вклучување на пазарот на трудот). Бројот на лица за кои ќе биде изработен ИПВ-2, односно ИПВ за тешко вработливи лица зависи од бројот на невработени лица за кои врз основа на профилирањето е утврдено дека припаѓаат на категорија на тешко вработливи лица. Од вкупиот број на изработени ИПВ 2.066 биле вклучени во некоја од активните програми и мерки за вработување во рамки на ОП 2021.

**Во текот на 2021 година беа доставени вкупно 4.151 барање за посредување при вработување, споредено со годишниот таргет од 6000.** Во посредувањето беа вклучени вкупно 23.892 лица (жени – 11.347; млади лица до 29 години – 6.049) **и беа вработени 2.751 лице** (жени – 1.875; млади лица до 29 години - 882). Од вкупниот број на доставените барања,

само од работодавачите од приватниот сектор, биле доставени 1.655 барања за посредување. Во посредувањето биле вклучени вкупно 18.674 лица (жени – 7.421; млади лица до 29 години – 4.773) и биле вработени 734 лица (жени - 344; млади лица до 29 години - 215). Решавањето на дел од овие барања за посредување при вработување продолжи и во 2022 година, со што се зголеми бројот на позитивно решени барања со обезбедени работници според барањата на работодавачите.

Воспоставена е соработка помеѓу сите центри за вработување и центрите за социјална работа, со редовна комуникација и одржување на работни состаноци (воглавно онлајн), посебно за усогласување на процедурите за селекција на лица корисници на гарантирана минимална помош и изготвување на индивидуалните планови за активација, согласно Правилникот за соработка за вклучување на корисникот на ГМП во активните мерки за вработување од мај 2019 год. **Заклучно со 31.12.2021 беа изготвени 2.118 индивидуални планови за активација.**

### 3.1.4. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ ВО РСМ НА ТРИПАРТИТНО И БИПАРТИТНО НИВО, НА НАЦИОНАЛНО И НА ЛОКАЛНО НИВО, УНАПРЕДУВАЊЕ НА КОЛЕКТИВНОТО ДОГОВАРАЊЕ

ЕСРП поставува вкупно пет индикатори за мерење на зајакнувањето на социјалниот дијалог на трипартитно и бипартитно ниво, на национално и на локално ниво, унапредување на колективното договарање. Притоа, постигнувањето на целните вредности во 2021 година, засега е делумно, особено во делот на синдикалната организираност, каде што повторно е евидентиран благ пад, иако минатата година дојде до зголемување на бројот на членови на синдикатите. Падот се припишува на фактот што бројот на вработени во земјата расте побрзо од бројот на работници членови на синдикатите. Кај стапката на покриеност со колективно договарање на ниво на работодавач забележан е понатамошен напредок во споредба со 2020 и таргетот за 2022 е надминат. Кај стапката на успешно решени колективни работни спорови преку механизмот за мирно решавање на работни спорови е забележан напредок со оглед на тоа што единствениот поведен колективен спор преку овој механизам, беше успешно решен. Исто така, механизмот за следење на препораките на Економско-социјалниот совет и редовно следење на бројот на мислења/препораки упатени до Владата на РСМ е функционален. Минатата година евидентиран е зголемен број на мислења и препораки на ЕСС поднесени до Владата и ЕСС се профилира како важен и видлив фактор во носењето на економски политики и политики на пазарот на трудот.

| Индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| Стапка на синдикална организираност (%) | 21,16 | 19,83 | 17,29 | 16.76 | >26 |
| Стапка на покриеност со колективно договарање на ниво на гранка, односно оддел (%) | 32,68 | | 38,46 | 43.39 | 37 |
| Број на колективни договори на ниво на работодавач | 85 | 92 | 92 | 92 | 95-100 |
| Стапка на успешно решени колективни работни спорови преку механизмот за мирно решавање на работни спорови | 60% | 60% | 60% | 100% | Мин. 70% |
| Воспоставен и функционален механизам за следење на препораките на ЕСС / редовно следење на бројот на мислења/препораки упатени до владата на РМ | 7 мисл./преп. | 10 мисл./преп. | 2 мисл./преп. | 9 мислења/препораки | Мин. 3 мисл./преп. |

### 3.1.4.1. Цел: Јакнење на капацитетите на социјалните партнери и механизмите на социјалниот дијалог

Во периодот од март 2021 до февруари 2022 година, Економско-социјалниот совет (ЕСС) непречено функционираше, одржувајќи вкупно 10 седници, на кои се разгледуваа поголем број на прописи и документи од економско-социјалната сфера. На повеќето седници во фокусот беа предложување и усвојување на политики и конкретни мерки за надминување на последиците и негативните ефекти од здравствено-економската криза предизвикана од пандемијата на ковид-19. Бројот на средби на ЕСС во изминатиот период е во постојан пораст, од седум седници во 2019 година, осум во 2020 година, десет седници во 2021 година. Содветно на тоа, направените анализи покажаа и зголемена видливост на ЕСС во државата.

На локално ниво, во текот на 2021 година, 12 локални економско-социјални совети со поддршка на проектот на Меѓународната организација на трудот, финансиран од Европската Унија, подготвија дијагностики на локалниот пазар на труд, со фокус на јазот во вештини и образование, и со препораки за надминување на проблемите. Дијагностиките служеа како основа за дијалогот меѓу општините и Министерството за образование и наука при подготовката на програмата за средно образование. Врз основа на дијагностиките, локалните економскосоцијални совети на Струмица и Куманово, со поддршка на проектот, подготвија локални акциски планови за вработување, кои беа одобрени од Советите на општините.

Локалниот економско-социјален совет Битола беше вклучен во реализацијата и следењето на првото локално партнерство за вработување, во рамките на кое се спроведоа мерки за подобрување на вештините на младите и поддршка на стартапи.

Локалниот економско-социјален совет Струга беше вклучен во подготовката на пилот-мерката за намалување на непријавената работа во секторот хотели, ресторани и угостителство во општините Струга и Охрид, преку подобрување на вештините на младите за вработливост и олеснување на административниот товар на работодавачите. Пилот-проектот ќе го реализира ХОТАМ, колективна членка на Организацијата на работодавачи на Македонија.

Дванаесетте локални економско-социјални совети беа активно вклучени во организацијата на вебинари за млади на тема Мои права на работа, во рамки на кампањата за подигнување на свеста за работничките права „Мој труд, мои права“.

Организацијата на работодавачи на Македонија организираше локални средби со своето членство за дискусија на теми од интерес на работодавачите и врз основа на заклучоците од тие средби излегуваше со предлог-мерки.

Сојузот на синдикатите на Македонија организираше локални средби во своето членство и работниците, во општините каде што се основани локални економско-социјални совети, за промоција на своите услуги за бесплатна правна помош на работниците во случај на повреда на работничките права.

Активностите на локално ниво, како и на социјалните партнери беа поддржани од проектот „Зајакнување на социјалниот дијалог“.

Во извештајниот период се склучија пет грански колективни договори, за здравство, за вработените во јавната администрација, полиција, производство и трговија.

Во текот на 2021, имаше само еден колективен спор што беше решен со примена на механизмот за мирно решавање на работните спорови. Постои потреба да се разгледа можноста и потребата за изменување и дополнување на Законот за мирно решавање на работните спорови, со цел да се олесни примената на законот, особено кај индивидуалните спорови, кои се решаваат по пат на арбитража.

## ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ И ВЕШТИНИ

Напредокот во оваа стратешка цел се мери преку насловниот индикатор Индекс на човеков развој. Сè уште не е достапна вредноста за индикаторот во 2021 година. Индексот на човеков развој во 2019 година изнесуваше 0,774 и е под таргетот од 0,780.

| Насловен индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Индекс на човеков развој** | 0,759 | 0,774 | / | / | | 0,780 |

## 3.2.1. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТНО ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ И ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ

ЕСРП предвидува 3 индикатори за обезбедување на квалитетно инклузивно образование и еднаков пристап до образование за сите. Во 2021 година е остварен напредок кај дел од наведените индикатори со тоа што кај стапката на лица кои рано го напуштаат образованието, поставениот таргет за 2022 година од 6,8% е веќе надминат (стапката на напуштање е 4,6% во 2021 година). Кај другите два индикатори е забележано мало влошување во споредба со 2020. Имено, уделот на лицата на возраст 30-34 години кои имаат завршено високо образование се намали на 36,9% во 2021 (од 39,7% во 2020 година) и е под таргетот за 2022. Стапката на ученици со посебни потреби вклучени во редовното основно и средно образование се зголеми на 66,6% од 64,8% во 2018 година, но во споредба со 2020 бележи мало влошување.

| Индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| Стапка на лица кои рано го напуштаат образованието (%) | 7,1 | 7,1 | 5,7 | **4,6** | 6,8 |
| Удел на лицата на возраст 30-34 години кои имаат завршено високо образование (%) | 33,3 | 35,7 | 39,7 | **36,9** | 40 |
| Стапка на ученици со посебни потреби вклучени во редовното основно и средно образование (%) | 64,8 | | 67,1 | **66,6** | 70 |

### 3.2.1.1. Намалување на осипувањето кај учениците и на бројот на лица кои рано го напуштаат образованието

Во текот на 2021 година постигнат е напредок во инклузијата на децата од маргинализираните групи, пред сè во основното образование. Целосно се имплементираат одредбите од Законот за основното образование во насока на инклузија на децата од маргинализираните групи. Во текот на јануари, за време на зимскиот распуст, училиштата ги користеа новодонесените инструменти за проверка на знаењата на децата кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница, во насока на нивно вклучување во наставата во второто полугодие. Во наставата започнаа да се применуваат прилагодените наставни програми, за деца кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница. Завршена е постапката по јавниот повик за ангажирање на 35 ромски образовни медијатори за поддршка на основното образование на Роми за учебната 2021/2022 година.

Во 2021 година повторно е зголемен бројот на доделени стипендии за средношколци Роми (800 стипендии во 2019, 900 во 2020 и 917 во 2021). Осипот на ученици корисници на стипендии е помал од 1% .

Во учебната 2021/2022 обезбедени се бесплатни учебници за сите ученици во основните и средните училишта. Изработени се нови наставни материјали за прво и четврто одделение. Наставните материјали за четврто одделение за прв пат се изработени во дигитален формат и поставени на специјализирана веб платформа. За учениците од социјално-ранливите категории од страна на МОН набавени се 10.000 таблет компјутери.

Во учебната 2021/2022 година, обезбедено е бесплатно сместување на учениците во ученичките домови од градовите каде нема средни училишта (гимназиски и стручни училишта). Во насока на подобрување на условите за сместување, кујните во ученичките домови беа опремени со нова опрема.

Значителен напредок е постигнат и кон подобрување на интеграцијата и интеракцијата помеѓу ученици кои следат настава на различен јазик. Со Решение на министерката бр.12-11647/2 од 6.8.2021 г. донесени се за првпат Стандарди за интеркултурно образование во основно образование. Интеркултурните стандарди се поврзани со Националните стандарди, издвоени се клучните интеркултурни компетенции што потоа се развиени за секој образовен циклус во основното образование (крај на трето, шесто и деветто одделение).

На 20.9.2021 од страна на Бирото за развој на образованието (БРО) и Центарот за стручно образование и обука (ЦСОО) донесено е Упатство за организирање заеднички наставни часови со ученици кои следат настава на различни наставни јазици.

Во учебната 2021/2022 доделени се 70 гранта за основни училишта и 25 гранта за средни училишта за реализација на активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција и толеранција во основните и средните училишта, согласно Законите за основното односно средното образование и во 2021 година.

### 3.2.1.2. Унапредување на опфатот и условите за пристап до сите нивоа на образование на лицата (децата/учениците/студентите) со попреченост

Во насока на обезбедување на поддршка за децата со попреченост, за зголемување на нивната мобилност и поддршка за запишување во редовниот образовен систем усвоен е Закон за изменување на Законот за социјалната заштита[iii], со кој се овозможи услугата лична асистенција да ја користат и деца со навршени шест години живот.

Исто така, донесен е Закон за изменување на Законот за социјалната заштита со кој се овозможи примена на нов модел за проценка на потребите за лица со попреченост преку функционалната проценка на деца и млади до 26 годишна возраст, како и одредување на мерки за дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка, а наод и мислење за видот и степенот на попреченост даваат стручните тела кои вршат функционална проценка.

Во соработка со УНИЦЕФ во 10 градинки се пилотира програма за инклузија во рамки на која направена е програма за алтернативна аугментативна комуникација, обезбедени се таблети и изработен е софтвер за поддршка на децата кои имаат потешкотии со говорот.

Во текот на 2021 година постигнат е значителен напредок во инклузијата на децата со попреченост и децата од маргинализираните групи во основното образование, а делумен напредок во средното и високото образование.

Завршени се постапките на сите државни основни училишта за ученици со посебни воспитно-образовни потреби со што истите се трансформирани во основни училишта со ресурсен центар, а постојните посебни паралелки при основните училишта, се трансформираа во центри за поддршка на учењето на учениците со попреченост (одобрени се систематизациите на сите училишта и измените на статутите). Донесено е Решение за реонизација за соработка на општинските основни училишта со основните училишта со ресурсен центар и/или центрите за поддршка бр.12-1861/1 од 2.2.2021. Формирани се инклузивни тимови во сите училишта.

Обезбдени се согласности за ангажирање на 500 образовни асистенти за работа со ученици со попречености во основните училишта, за учебната 2021/2022 година и спроведена е постапка за нивно ангажирање преку училиштата со ресурсни центри.

Во соработка со Канцеларијата на УНИЦЕФ реализирани се обуки на кадарот во ресурсните центри, односно обука за обучувачи за образовни асистенти, кои понатаму ја спроведоа обуката на образовните асистенти и на наставниците во чии паралелки беа вклучени овие ученици. Обучени се 36 мастер тренери и 500 образовни асистенти кои се ангажирани за учебната 2021/2022 година. Дополнително беа спроведени и обуки за инклузивните тимови во училиштата.

Обезбедени се согласности и завршени се постапките за вработување на 49 нови специјални едукатори и рехабилитатори во основните редовни училишта и училиштата со ресурсни центри во насока на поддршка на учениците со попреченост и на наставниот кадар.

Основните училишта со ресурсни центри добија 2,5 милиони денари за набавка на опрема и дидактички средства во функција на поддршка на инклузивното образование.

Министерството за образование и наука за првпат испечати учебници со Брајово писмо за учениците со оштетен вид (за учениците од прво и четврто одделение). Со помош на овие материјали за учење се обезбедува еднаков пристап во наставата за секој ученик.

Продолжија активностите во рамки на двете програми за инклузивност финансирани од ЕУ: реконструкција во насока на обезбедување на пристапност на 15 образовни објекти и програмата „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“, за инклузија на деца со попреченост во редовното основно образование.

Во учебната 2021/2022 година, 312 ученици со попреченост се вклучени во т.н. редовни средни училишта, додека во посебните средни училишта за ученици со попреченост вклучени се вкупно 232 ученици. За учениците вклучени во т.н редовни средни училишта, формирани се инклузивни тимови кои изготвуваат индивидуални наставни планови. Министерството за образование и наука за учебната 2021/2022 година додели 137 стипендии за ученици со попреченост, кои учат во средно образование. Износот на стипендијата е зголемен на 3.500 денари месечно (од 2.750 денари месечно).

Продолжија активностите за изработка на нов Закон за средно образование, кој меѓу другото ќе има и одредби за зголемување на опфатот и вклученоста на учениците со попреченост во средното образование (по примерот на Законот за основно образование).

Во 2021 година се спроведоа подготвителни активности (тендерските постапки) за реконструкција и изведба на градежни работи на четири високо-образовни објекти (УКИМ: Факултет за архитектура и Градежен факултет, Правен факултет, Економски факултет и Филозофски и Филолошки факултет) во насока на обезбедување пристап и функционалност за лицата со посебни потреби.

#### 3.2.1.3. Подобрување на содржините и квалитетот во образованието и јакнење на капацитетите на човечките ресурси (капацитетите на училиштата и наставниот кадар)

Во 2021 година постигнат е значителен напредок во постигнување на целта на ЕСРП за подобрување на средината за учење, вклучително и содржините, методите и техниките на учење во насока на обезбедување на индивидуален пристап кон учениците.

Во таа насока со Решение на Министерката бр.08-3980/1 од 3.3.2021, донесена е нова Концепција за основно обраозвание, чија имплементација започна етапно (за учениците во прво и четврто одделение) од учебната 2021/2022 г.

Паралелно со Концепцијата донесени се и Националните стандарди за учениците во основното образование со Решение на министерката бр.08-4176/2 од 5.3.2021 г.

Врз основа на националните стандарди изработени се нови наставни програми за прво, четврто одделение (во примена од септември 2021) и за второ и петто одделение (во примена од септември 2022 г.) Новите наставни програми се базирани на компетенции коишто учениците почнуваат да ги стекнуваат од прво одделение, а продолжуваат да ги развиваат во наредните одделенија, пред сé компетенциите кои произлегуваат од подрачјето со кое наставниот предмет има директна врска, но и трансверзалните компетенции преку кои се остварува и интеграцијата и се овозможува целосен развој на учениците.

Издадени се согласности за новофинансирање на наставен кадар за прво одделение за намалување на учениците во паралелка од 20 до максимум 30 ученици, со што од учебната 2021/2022 година исполнета е законската обврска за учениците од прво, второ и третто одделение (сукцесивно воведување). Обезбеден е т.н тандем наставник по физичко образование за прво, второ и трето одделение од основно образование, односно покрај

одделенскиот наставник, наставата по физичко образование ја изведува и предметен наставник по физичко образование. Согласно Законот за основно образование во сите основни училишта формирани се училишни парламенти.

Во текот на 2021 година, завршена е изградба/доградба на четири нови училишта и реконструкција на 22 училишта. Во фаза на изградба/доградба се седум нови училишта/објекти, а започната и во тек е реконструкција на 42 училишта. Завршени се со изградба 7 училишни спортски сали, а во фаза на изградба се уште шест нови училишни спортски сали.

Во 2021 спроведени се неколку набавки за подобрување на условите за учење во основните училишта. Опремени се кабинетите по природни науки за околу 360 училишта, набавени се 10.000 таблет компјутери и 97 смарт табли со ЛЦД проектор.

Во 2021 година за прв пат е спроведена постапка за напредување на наставниците во звање наставник-ментор. На првиот јавен оглас, во звање ментор се унапредени 141 наставник од основните училишта.

Владата на 65-та седница одржана на 13.4.2021 година го утврди текстот на Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта и истиот е доставен во собраниска процедура на усвојување. За да се надминат состојбите со вработувањата на определено време секоја учебна година, како и состојбите со трансформациите на работниот однос од определено на неопределено работно време на наставниците и стручните соработници, се пристапи кон изменување и дополнување на Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта во насока на создавање на нивна правна и економска сигурност преку засновање на работен однос на неопределено време.

### 3.2.2. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНАТА РАМКА ЗА КВАЛИФИКАЦИИ – ОСНОВА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ КВАЛИТЕТ ВО СИСТЕМОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

Напредокот во оваа сфера се мери преку три индикатори. Два од поставените индикатори се веќе постигнати. Воспоставена е Опсерваторија за вештини, како и функционален Регистер на квалификации и започната е постапка за негова надградба. Одреден напредок е постигнат во зголемување на бројот на секторски комисии за квалификации (зголемен е бројот од 10 на 11 во 2021 година), но потребен е натамошен напредок за постигнување на целта од 16 секторски комисии во 2022 година.

| Индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на формирани Секторски Комисии за квалификации (за развој и проверка на квалитетот на квалификациите во одредени сектори) | 9 | 9 | 10 | 11 | 16 |
| Воспоставена и функционална Опсерваторија за вештини (за предвидување на потребите од вештини на пазарот на труд) | Не е воспоставена | Не е функционална. Внесени се одредби во новиот Закон за основно образование (од 2019 година) за обработка на лични податоци за потребите на Опсерваторија на вештини, а потребно е да се внесат одредби и во Законот за | Фукционална е Внесени се одредби во Законот за средно образование (од 2020 година) за обработка на лични податоци за потребите на Опсерваторија на вештини, а потребно е да се внесат одредби и во Законот за високо обраазование за | Фукционална е. потребно е да се внесат одредби и во Законот за високо образование за да може да се добиваат статистички податоци и анализи за високото образование | Воспоставена е |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | средно и Законот за високо образование за да биде функционална | да може да се добиваат статистички податоци и анализи за високото образование | | |
| Функционален Регистер на квалификации (за преглед и транспарентност на квалификациите) | Воспоставен регистер | Воспоставен регистер | Функционален регистар за стандард на квалификации | Функционален регистар за стандард на квалификации, започната е постапката за надградба на регистарот | Функционален и надграден регистар со модул за регистар стандарди на занимање и модул за ревизија на стандард на занимање |

#### 3.2.2.1. Воспоставување одржлив систем на НРК и јакнење на човечките ресурси за негова примена

Во 2021 г. континуирано/редовно работеше и одржуваше седници Националниот одбор на Македонската рамка на квалификации за што беа обезбедени финансиски средства за работа во Буџетот на МОН.

Во 2021 година беше воспоставена уште една дополнителна Секторска комисија за сообраќај, транспорт и складирање.

Започна со имплементација твининг проектот ,,Понатамошна поддршка за имплементирање на НРК" (твининг партнери се институции од Литванија, Словенија и Франција), кој се очекува да ја потпомогне функционалноста на НРК преку:

- понатамошно развивање и имплементација на процеси/процедури за осигурување на квалитет,
- транспарентност и управување со вештините и квалификациите во рамки на доживотното учење во општото образование и стручното образование и обука и високото образование,
- подобрување на квалитетот и подобра приспособливост на образованието и обуките согласно барањата на пазарот на трудот,
- поврзување на формалното, неформалното и искуственото учење, како и
- поддршка на процесот на валидација на резултатите од учење стекнати преку неформално или искуствено учење.

Во рамки на ИПА проект започната е и надградбата на Регистарот на квалификации и набавка на опрема (сервери и лаптопи за системот на НРК), но целосната реализиција ќе биде во текот на 2022 година.

### 3.2.3. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ВРАБОТЛИВОСТА НА РАБОТНАТА СИЛА И ГРАДЕЊЕ НА ФЛЕКСИБИЛНИ ПАТИШТА ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ

Во ЕСРП 2022 се утврдени четири индикатори за следење на напредокот во остварување на оваа цел. Во 2021 година понатамошен напредок и надминување на таргетот за 2022 година е постигнат во однос на учество на учениците во средните стручни училишта како % од вкупниот број ученици во средно образование. Овој индикатор изнесува 64% во 2021 година (таргет >60%). Учеството во доживотното учење (2,5%) е сè уште под таргетот за 2022 година од 4%, а е опаднато и во споредба со претходната година (2,5%). Одличен напредок е забележан кај индикаторот кој го мери преминот од образование кон пазар на труд: стапката на вработеност на лица (20–34 год.) кои неодамна завршиле средно или високо образование, која е зголемена

на 58,2% (од 54,5% во 2020) и со тоа е надминат таргетот од 55%. Во 2021 година официјално започнаа со работа трите Регионални центри за стручно образование и обука и Министерството за образование и наука започна постапка за нивно реконструирање.

| Индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| Учество на учениците во средните училишта во системот на СОО (%) | 60,0 | 61,8 | 62,1 | 64 | >60% |
| Учество во доживотно учење (%) | 2,4 | 2,8 | 2,6 | 2,5 | >4.0% |
| Стапка на вработеност на лица (20–34 год.) кои неодамна завршиле средно или високо образование (%) | 49,1 | 57,2 | 54,5 | 58,2 | 55% |
| Број на Регионални центри за стручно образование и обука (РЦСОО) | Нема | Активностите се отпочнати. Направени се измени на Законот за стручно образование и обука и определени се трите средни стручни училишта кои ќе се трансформираат во РЦСОО | Три<br>На 24-та седница на Владата, одржана на 24.11.2020 донесени се Одлуки со кои три општински училишта продолжуваат со работа како Регионални центри за стручно образование и обука.<br>Врз основа на одлуките, трите училишта ги изменија статутите, а МОН издаде решенија за согласност | Три<br>Во 2021 започнаа со работа три регионални центри за стручно образование и обука | |

### 3.2.3.1. Развој, модернизација и зголемување на атрактивноста на стручното образование и обука

Изработени се и формално донесени нови модуларно дизајнирани наставни програми, за сите нови квалификации/ образовни профили во средно стручно обрзование кои се базирани на резултати од учење, изразени со EQVET кредити и поени за општо-образовните и стручните предмети од прва до четврта година, кои започнаа да се имплементираат од учебната 2019-2020 година (прва година). Во учебната 2021/2022 започнаа да се применуваат новите наставни програми во средните стручни училишта во третата година. Наставните програми за четврта година сукцесивно ќе се воведат во следната учебна година. Наставните програми се изработени во соработка со бизнис заедницата и ги отсликуваат потребите на пазарот на труд.

Изработени и донесени се наставните програми за четврта година за дуално стручно образование и наставните програми за новите паралелки и струки. Во дуалното образование во учебната 2021/2022 година се запишани 1.384 ученици во 44 училишта во соработка со 220 компании. Оваа учебна година бројот на дуални паралелки во државата од 11 е зголемен на 97.

Под слоганот „Учи паметно, работи стручно“ организирани се низа средби со компаниите за отворање на барани профили во стручните училишта. Имено, преку социјален дијалог со компаниите и бизнис заедницата на локално ниво, МОН заедно со општините работеше на

утврдување кои профили ќе бидат отворени во средните стручни училишта во учебната 2021/2022 година.

Конкурсот за упис на ученици за учебната 2021/2022 година целосно е усогласен согласно потребите на пазарот на трудот. По однос на бројот на запишани ученици во средните училишта во споредба со учебната 2020/2021 година може да се утврди дека има намалување на запишани ученици во гимназиско образование и зголемување на бројот на запишани ученици во стручно образование (зголемување за 6% споредено со минатата учебна година). Најголем број од запишаните ученици односно 64% се запишани во стручно образование, 32% во гимназиско образование и 3% во останатите видови на образование.

Министерството за образование и наука врз основа на донесена одлука од 58-та седница на Владата одржана на 26.3.2021, ги зголеми стипендиите за учениците од средните стручни училишта и износот на стипендијата, со што дополнително се стимулираат учениците кои своето образование го продолжуваат во едно од стручните средни училишта во земјава. За учебната 2021/2022 г. доделени се вкупни 2.268 стипендии.

Изготвен е предлог текст на нов Закон за стручно образование и обука, кој е доставен за консултација со пошироката јавност.

Од 1.1.2021 г. започнаа со работа трите регионални центри за стручно образование и обука во Тетово, Куманово и Охрид. Во текот на годината спроведени се постапки и започната е реконструкција на регионалните центри во Куманово и Охрид, а постапката за реконструкција на регионалниот центар во Тетово е во тек.

На 28.9.2021 започна имплементацијата на нов проект финансиран со ИПА средства, за поддршка на реформите во средното стручно образование, со кој е предвидено отворање на нови регионални центри во останатите плански региони.

### 3.2.3.2. Развој и унапредување на неформалното образование и образованието за возрасни

Во текот на 2021 не е постигнат напредок во однос на донесувањето на новиот Закон за образование на возрасни кој е усвоен од страна на Владата во јануари 2021 и доставен до Собранието со цел негово донесување. Со законот целосно се унапредува системот на неформално образование на возрасните, а се уредува и системот на валидација на знаењата, вештините и компетенциите стекнати преку неформалното образование.

## СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Вкупниот напредок во делот на социјалната инклузија и социјалната заштита се мери преку стапката на релативна сиромаштија, која во 2020 (според објавените податоци во 2022) бележи пораст за 0,2 процентни поени во однос на претходната година.

| Насловен индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стапка на сиромаштија (%)** | 21,9% | 21,6% | 21,8% | податокот ќе биде објавен во декември 2022 | 16,0 |

### 3.3.1. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА И ЕФЕКТИВНОСТА НА СИСТЕМОТ ЗА СОЦИЈАЛНА ПОМОШ

ЕСРП поставува вкупно четири индикатори за мерење на ефикасноста на системот за социјална помош. Податоците се достапни за дел од поставените индикатори. Засега, индикаторите покажуваат извесен пораст на покриеноста на домаќинствата со социјална помош, како и програмите за заштита на децата и постарите лица над 65 години. Позначајно влијание врз сиромаштијата има само кај постарите, додека кај децата и младите дошло до зголемување на сиромаштијата. Според податоците од АПУЖ, децата се најзасегната група од населението кога станува збор за ефектот од пандемијата врз доходот и сиромаштијата на домаќинствата (стапката на сиромаштија пораснала од 27.8% во 2019 на 30.3% во 2020).

| Индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| % на домаќинства кои се покриени со сите видови парични давања од социјална заштита | 8 | 8,5 | Податокот за 2020 ќе биде објавен во јуни 2022 | Податокот за 2020 ќе биде објавен во 2023 | 14 |
| % на апсолутна сиромаштија | : | : | : | | <1,0 |
| Број на деца опфатени со програмите за детска заштита (детски додаток и образовен додаток) | 43.000 д.д.<br>3.800 о.д. | 38.855 д.д.<br>9.408 о.д. | 43.649 д.д<br>26.167 о.д | 48.800 д.д<br>28.815 о.д | 75.000 д.д.<br>65.000 о.д. |
| Број на лица корисници на право од социјална сигурност на старите лица | : | 6.495 | 8.573 | 10.292 | 6.000 |

### 3.3.1.1. Цел: Подобрување на обемот, опфатот и таргетирањето на системот на социјалната помош

Согласно последно објавените податоци на Државниот завод за статистика од Анкетата за приходи и услови за живот во 2020 година, стапката на сиромаштија во Северна Македонија е висока и изнесува 21.8% (односно 451,900 лица). Коефициентот на Џини (мерка за нееднаквоста во распределбата на приходите) бележи пораст во споредба со 2019 година и изнесува 31,4 %. Со тоа се оствarija очекувањата дека пандемијата ја влоши релативната сиромаштија и доходовната нееднаквост, но многу малку, меѓу другото и поради владините мерки кои ги таргетирааа пониско доходовните сегменти.

Анализирано по типови домаќинства, стапката на сиромаштијата на домаќинствата составени од двајца возрасни со две издржувани деца во 2020 година е 20.7 %. Стапките на сиромаштија според најфреквентниот статус на економска активност покажуваат намалување во однос на претходната година. Така, стапката на сиромашни вработени лица е 7.9%, стапката на сиромашни пензионери е 7.0%, додека стапката на сиромашни невработени е 45.1%, а на неактивни 32.5%. Од таа причина од исклучително значење е активацијата на корисниците на системот на социјална заштита и нивно вклучување на пазарот на трудот. Активацијата се одвива со бавно темпо, што меѓу другото се должи на институционални предизвици, понатаму фактори својствени на самиот систем за социјална заштита, можности за дополнителна заработка од неформална работа, обесхрабрување и семејна динамика кај корисниците на ГМП.

Според податоците на Министерството за труд и социјална политика, бројот на домаќинства кои добиваат гарантирана минимална помош (ГМП) на крајот на 2021 година изнесува 37.109 споредено со 25.095 домаќинства кои примале ГМП во 2019 година, кога беше воведен реформираниот систем на социјална и детска заштита. Во 2020 година, бројот на домаќинства кои примаат ГМП се зголеми за 8.235 нови корисници, додека во 2021 година, 3.779 нови домаќинства влегоа во системот, што резултираше со вкупно зголемување од 48% на корисниците на ГМП за период од две години.

Во продолжение следува анализата на корисниците на ГМП според различни белези направена врз основа на податоците за корисниците на ГМП во ноември 2021. Така, од родова перспектива, домаќинствата во кои носител на правото е жена сочинуваат 35,8% од сите домаќинства кои примаат ГМП што одговара на традиционалната поставеност на семејствата. Во однос на големината на домаќинствата корисници, од вкупниот број на домаќинства корисници на ГМП, 28,2% се едночлени домаќинства, потоа 23,5% се двочлени домаќинства и 17,9% се четиричлени домаќинства. Домаќинствата со пет или повеќе членови, кои се особено ранливи и изложени на ризик од сиромаштија се застапени со 10,7%.

Во однос на образовната структура, лицата со основно образование сочинуваат 60,2% од носителите на правото на ГМП, а потоа следат оние со средно образование (19%) и без

основно образование (18,5%). Ниското образовно ниво на членовите на домаќинствата корисници на ГМП претставува голема бариера за успешна транзиција на овие лица кон вработување.

31,7% од вкупниот број домаќинства корисници на ГМП исто така користат детски додаток. Приближно секое петто домаќинство кое прима ГМП (21,2%) домаќинства исто така користи образовен додаток за децата.

Значителен дел од домаќинствата кои примаат ГМП добиваат и енергетски додаток. Бројот на домаќинства корисници постојано се зголемуваше со текот на годините и достигна 45.914. Бројот на домаќинства што примаат енергетски додаток е за 26,6% поголем од вкупниот број на домаќинства што примаат ГМП и ова е важно право на социјална заштита за справување со енергетската сиромаштија.

Меѓу различните видови на парични надоместоци за социјална заштита, ромските домаќинства најмногу користат ГМП (19,9%) и додаток за енергетска сиромаштија (17%). Домаќинствата од етничко албанско потекло се претежно корисници на додаток за енергетска сиромаштија (44,7%), ГМП (41,8%) и детски додаток (48,8%). Етничките Македонци најмногу користат енергетски додаток (27,2%), ГМП (26,5%) и детски додаток (15,9%).

Во декември 2021, 10.292 постари лица над 65 годишна возраст, кои неможат да обезбедат средства за егзистенција по други основи го користеле правото на социјална сигурност. Со тоа е надминат и планираниот опфат од 6.000 постари лица.

Со Законот за заштита на децата, се обезбедуваат парични права за децата, кои се во насока на искоренување на детската сиромаштија и обезбедување еднакви можности за сите деца. Во извештајниот период правото на детски додаток го користеле во просек 48.800 деца, додека правото на додатокот за образование го користеле 28.814 ученици и студенти. Двата индикатори се под планираниот таргет за 2022. Со обезбедените парични средства за исплата на додаток за образование им се помага на родителите во подмирувањето на училишните трошоци со цел редовно следење на наставата и превенирање во раното напуштање на училиште.

По однос на мерката за подобрување на соработката помеѓу институциите задолжени за спроведување мерки за активација на пазарот на труд и за обезбедување социјална заштита, во 2021 година соработката помеѓу службите за вработување и социјална заштита се зајакна и продлабочи. Се изврши прилагодувањето на софтверското решение на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и центрите за социјална работа, со што се овозможи размената на податоци во реално време и заедничко изготвување на индивидуален план за најлесно вработливиот член на домаќинството.

Соработката помеѓу двете служби резултираше со изработени 2.118 планови изготвени по воспоставување на електронската размена на податоци, додека 1.075 корисници беа вклучени во активни мерки за вработување од воведувањето на гарантираната минимална помош.

Се спроведува оценка на влијанието на гарантираната минимална помош врз активација на корисниците на пазарот на труд, што ќе послужи за натамошно унапредување на процесите и соработката помеѓу двете служби.

### 3.3.2. ПОДОБРУВАЊЕ НА ДОСТАПНОСТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ

ЕСРП поставува вкупно 3 индикатори за мерење на развиеноста на социјалните услуги. Солиден напредок има кај воспоставените локални совети за социјална заштита – се формираа 60 локални совети. Одличен напредок е постигнат кај индикаторот за воспоставување на регионални совети за социјална заштита, поточно воспоставени се 7 совети со што може да се очекува дека таргетот од 8 совети во 2022 година ќе се исполни во целост. Постигнат и значително е надминат трагетот за број на лиценцирани нејавни даватели на услуги (62 во 2021, а таргетот за 2022 е 30) со што се обезбедува поголема достапност на социјалните услуги, иако се јавува нееднаква географска распространетост.

| Насловен индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на воспоставени локални совети за социјална заштита | 0 | 9 | 11 | 60 | 81 |
| Број на воспоставени регионални совети за социјална заштита | : | 0 | 0 | 7 | 8 |
| Број на лиценцирани даватели на услуги (според типот на услуги; во домот на корисникот, во заедницата, вон-семејна заштита | : | 12<br>(10-услуги во домот, 1-услуги во заедницата, 1-услуги вон-семејна заштита) | 20<br>(12-услуги во домот, 2-услуги во заедницата, 6-услуги вон-семејна заштита) | 62<br>(1-услуги на стручна помош и поддршка, 2-услуги на советување, 31-услуги во домот, 8-услуги во заедницата, 20-услуги вон-семејна заштита) | 30 |

### 3.3.2.1. Цел: Развој и унапредување на социјалните услуги и можностите за вклучување различни субјекти во нивно квалитетно и ефикасно обезбедување

Во насока на развојот на социјалните услуги, значителен прогрес е забележан во лиценцирањето на нови даватели на социјални услуги, што е клучно за подобрување на пристапот до нови квалитетни услуги од страна на корисниците.

**Во 2021 беа лиценцирани 42 нови даватели на социјални услуги** и со тоа во моментов, согласно Законот за социјална заштита **постојат 62 лиценцирани даватели на социјални услуги**, кои имаат капацитет да обезбедуваат услуги за над 2.700 корисници. Околу 80% од лиценцираните провајдери се формирани и/или ги обезбедуваат услугите со средства од државата.

Склучени се 7 управни договори со здруженија и приватни даватели на социјални услуги за давање на социјални услуги (лична асистенција, живеење со поддршка, третман и рехабилитација на лица кои имаат проблем со зависности и услугата за стручна помош и поддршка).

Во обезбедување на социјалните услуги вклучени се околу 955 лица, од кои 816 се директни даватели на услугата – 238 лични асистенти, 406 негувателки/герентодомаќинки и 106 стручни лица (социјални работници, психолози, дефектолози, специјални едукатори, медицински сестри) и 66 стручни лица одговорни за координирање на услугите. Најголем дел од новите услуги се услуги во домот (50%), претежно за стари лица и резиденцијални домови за стари лица (32%), но исто така и персонална асистенција за лица со попреченост, центар за активно стареење за стари лица, центар за дневен престој на деца со попреченост (13%), а се развиваат и услуги на советување за деца без родители и родителска грижа и услуги на стручна помош (2%) и поддршка на згрижувачките семејства (3%). Три станбени единици беа лиценцирани за обезбедување на услугата поддржано живеење на 15 лица од Специјалниот завод Демир Капија.

Заводот за социјални дејности со помош на ИПА проектот „Поддршка на модернизација и деинституционализација на социјални услуги", реализираше осум обуки на специфични теми, на кои учествуваа 254 стручни работници (195 жени). Во рамки на овие обуки беа **зајакнати капацитетите на стручните работници за процесот на мониторинг и евалуација на социјалните услуги, изработка на индивидуални планови за социјални услуги, развој на социјални услуги за стари лица и долгорочна грижа, професионална рехабилитација и вработување на лица со попреченост и воспоставување иновативни услуги во заедницата**.

Дополнително, со цел зајакнување на капацитетите на стручните лица во установите за социјална заштита, Заводот за социјални дејности спроведе 85 обуки за 1.663 лица (1.340 жени), за работа на брачни и семејни односи, старателство, деца во ризик, проценка на

ризици, комуникација и методи и техники на работа со корисници, сексуално и репродуктивно здравје, права на лицата со попреченост, процена на најдобриот интерес на детето, мапирање на социјален простор и реинтеграција на жртви на семејно насилство.

Еден од предизвиците во развојот на социјалните услуги е поголемото вклучување на локалните самоуправи и регионалните структури во планирањето и испораката на социјалните услуги. Во таа насока спроведени се мерки за поддршка и градење на капацитетите на општините за креирање и спроведување на ефикасни локални политики и за обезбедување квалитетни и ефикасни социјални услуги, така што **18 општини беа поддржани за воспоставување на нови социјални услуги** (финансирани во рамки на Проектот за подобрување на социјалните услуги, кој Министерството за труд и социјална политика го спроведува со заем од Светска Банка), додека **12 општини подготвија планови за социјална заштита.** Изработени се насоки за планирање на социјалните услуги на регионално ниво и за функционирање на советите за социјална заштита.

### 3.3.3. ПОДДРШКА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДЕИНСТИТУЦИОНАЛИЗАЦИЈАТА

ЕСРП поставува вкупно три процесни индикатори за мерење на унапредувањето на деинституционализацијата. Кај два од нив, кои се взаемно поврзани (Број на лица сместени во станбени единици за живеење со поддршка или групни домови и Број на лица сместени во резиденцијални установи за социјална заштита) по стагнацијата во 2020 година поради пандемијата, постигнат е напредок во 2021 односно и беа преселени вкупно 20 корисници во четири нови станбени единици за живеење со поддршка, а се подготвуваат уште 15 корисници. Во декември 2021 година, вкупно 241 лица биле сместени во станбени единици за живеење со поддршка. Зголемен е бројот на корисници на социјални услуги, посебно кај услугите во домот и вон-семејна заштита.

На крајот од 2021 година, 226 лица сѐ уште живеат во резиденцијалните установи за социјална заштита.

| Индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на лица сместени во станбени единици за живеење со поддршка или групни домови | 173 | 226 | 226 | 241 | 250 |
| Број на корисници на социјални услуги (по тип на услуги: во домот, во заедницата, вон-семејна заштита) | 3.058 | Вкупно 4620 (423-услуги во домот, 2042-услуги во зедницата, 2155 вон-семејна (*опфаќа згрижувачки семејства и сместување во установи за стари лица, податокот за организирано живеење што исто така е вон-семејна е погоре наведен) | Вкупно 4629 (454-услуги во домот, 1728-услуги во зедницата, 2447 вон-семејна (*опфаќа згрижувачки семејства и сместување во установи за стари лица, податокот за организирано живеење што исто така е вон-семејна е погоре наведен | Вкупно 4680 (518-услуги во домот, 1200-услуги во зедницата, 2962 вон-семејна (*опфаќа згрижувачки семејства и сместување во установи за стари лица, податокот за организирано живеење што исто така е вон-семејна е погоре наведен | 4.500 |
| Број на лица сместени во резиденцијални установи за социјална заштита | 376 | 260 (во фаза на деинституционализација – Бања Банско, Т.Поле и Демир Капија) | 261 | 226 | 0 |

### 3.3.3.1. Цел: Зајакнување на процесот на деинституционализација

Во 2021 година продолжи преселбата на корисниците од Специјалниот завод Демир Капија, иако со намалено темпо во споредба со годините пред пандемијата со Ковид-19: до крајот на 2021 година беа **преселени вкупно 20 корисници во четири нови станбени единици за живеење со поддршка** (во Демир Капија и во Неготино). Воспоставувањето на новите единици беше направено со финансиска поддршка од Европската Унија, а нивното редовно финансирање е обврска на државниот буџет.

Продолжи трансформацијата на социјалните резиденцијални институции: **Во јули 2021 година отпочнаа со работа првите два јавни центри за поддршка на згрижувачките семејства во Скопје и во Битола** (во поранешните резиденцијални социјални институции за сместување деца). Во третото тримесечие отпочна со работа и првиот приватен центар за поддршка на згрижувачките семејства во Скопје, раководен од граѓанска организација и соодветно лиценциран за давање на оваа социјална услуга. Трите центри за поддршка на згрижувачките семејства ќе ја обезбедат оваа услуга за 327 згрижувачки семејства во кои се згрижени вкупно 559 корисници. Реализирани се обуки за стручните работници вработени во овие центри за примена на стандардите и процедурите за работа со згрижувачките семејства и корисниците, како и за поддршка на згрижувачките семејства во услови на пандемија. Овие напори имаат за цел да го унапредат згрижувањето во семејна средина на деца кои имаат потреба од сместување вон сопственото семејство.

Во последниот квартал од 2021 година започна изработката на новиот тригодишен Акциски план за периодот 2022-2024 за спроведувањето на Националната стратегија за деинституционализација 2018-2027. Акцискиот план се развива низ партиципативен процес и со техничка поддршка на Европската Унија. До крајот на декември 2021 година беше изработен првиот нацрт, што се очекува да биде финализиран и усвоен од Владата до крајот на март 2022 година.

Во насока на обезбедување на поддршка за децата со попреченост, за зголемување на нивната мобилност и поддршка за запишување во редовниот образовен систем усвоен е Закон за изменување на Законот за социјалната заштита[iv] со кој **се овозможи услугата лична асистенција да ја користат и деца со навршени шест години живот.**

Исто така, донесен е Закон за изменување на Законот за социјалната заштита[v] со кој **се овозможи примена на нов модел за проценка на потребите за лица со попреченост преку функционалната проценка на деца и млади до 26 годишна возраст,** како и одредување на мерки за дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка и наод и мислење за видот и степенот на попреченост даваат стручните тела кои вршат функционална проценка.

## 3.3.4. УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ИНКЛУЗИЈА НА РОМИТЕ

ЕСРП поставува вкупно 10 индикатори за мерење на унапредувањето на социјалната инклузија на Ромите, поделени во три дела: пазар на труд, образование и здравствена заштита. Напредок се забележува кај индикаторот за вклученост на Роми во активните програми и мерки за вработување и индикаторот за учество на Ромите во вкупниот број на регистрирани невработени лица во АВРСМ (%) каде се надминати и поставените таргети за 2022 година. Напредок има и кај вклученоста на ромски деца (0-6) во претшколско образование иако е се уште далеку од постигнување на таргетот за 2022 година.

Потребен пак е натамошен напор за подобрување на состојбите со средното и високото образование на Ромите. Бројот на запишани студенти - Роми бележи пораст во однос на 2019: во 2021 активни биле 263 студенти Роми, од нив 110 биле поддржани со стипендија од МОН, и од нив во прва година биле запишани 47 лица. Напредок покажува и стапката на премин на ученици Роми од основно во средно од 77,4% во 2019 на 78% во учебната 2021/2022 година. Единствено кај стапката на премин на ученици Роми од средно во високо образование дошло до намалување од 40,5% во 2019 на 33,5% во 2021. Ова се должи на фактот што за време на пандемијата, младите Роми се активираа на пазарот на труд. Потребни се дополнителни напори кај сите индикатори за да се постигнат таргетите поставени за 2022 година. За таа цел

МОН, предвидува ромски образовни медијатори за средно образование кои ќе ги поттикнат матурантите Роми да продолжат со високо образование.

Добар напредок има кај поддржаните проекти на општините за комунална инфраструктура. Но, сè уште нема позначајни промени кај останатите индикатори во доменот на домување на Ромите, бидејќи проектите се во фаза на имплементација, додека податоците од ресорот транспорт и врски за бројот на Роми на кои им се доделени социјални станови под закуп не се достапни.

| Насловен индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| Вклученост на Роми во услугите на пазарот на труд и активните програми и мерки за вработување | 227 (во акт. прог. и мерки за враб.) 8.071 (услуги) | 251 во активни мерки<br>9.736 во услугите | 431 (во активни програми и мерки за вработување)<br>6.539 вклучени во услугите за вработување.<br>Во Гаранција за млади вклучени 1.530 млади невработени лица Роми | 488 во активни мерки<br>4396 во услугите | 325 апмв<br>10.000 услуги |
| Учество на Ромите во вкупниот број на регистрирани невработени лица во АВРСМ (%) | 8,52 | 9,1 | 9,2 | 10.2 | 8,7 |
| Вклученост на Ромски деца (0-6) во претшколско образование | 729 | 762 | 347[vi] | 420 | 1.000 |
| Процент на ученици Роми кои успешно го завршуваат основното образование (%) | 77 | 80% | | | 83% |
| Број на запишани студенти-Роми во високо образование | 300 | 192 | | 263 | 400 |
| Стапка на премин на ученици Роми од основно во средно образование (%) | 87,0 | 77,4 % | | 78% | 92 |
| Стапка на премин на ученици Роми од средно во високо образование (%) | 38,0 | 40,5% | | 33,5% | 45 |
| Број на ромски семејства кои имаат пристап до социјални станови | 118 | 0 | 0 | Нема податоци за бројот на Роми на кои им се доделени социјални станови под закуп;<br>Ниту еден од распределените станови во Струмица не е доделен на ромско семејство/немало Роми апликанти | 150 |
| Број на реализирани проекти од комуналната инфраструктура во населби со претежно | : | | 1 | 7 | 23 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ромско население | | | | | |
| Стапка на доенечка смртност кај ромската популација (на 1,000 живородени деца, промили, ‰) | 10,2 | 7,1 | 11.1 | Податокот за 2021 ќе биде објавен во јуни 2022 | <7 |

### 3.3.4.1. Цел: Понатамошно унапредување на условите и квалитетот на живот, пристапот до услуги и социјалната инклузија на Ромите во Република Македонија

Во рамки на имплементацијата на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година **3.250 лица ја користеле услугата: Активација на невработени Роми и други лица во ризик од социјално исклучување**. Владата на Република Северна Македонија **усвои Националната програма за трансформација на непријавената работа помеѓу Ромите во Република Северна Македонија** (Промоција на декларирана работа кај Ромите 2021-2023).

**Во 2021 има тренд на зголемување на бројот на Роми вклучени во активните мерки за вработување и е надминат таргетот поставен за 2022. Но, бројот на опслужени Роми со услуги на пазарот на труд бележи повторен пад.**

Учебната 2021/2022 година е четврта година по ред во која со заклучок на Владата на Република Северна Македонија, децата Роми од социјален ризик се вклучени во предучилишното образование со ослободување од партиципација за децата од домаќинства во социјален ризик. **Бројот на запишани деца Роми на национално ниво изнесува 420, од нив 200 се од семејства со социјален ризик кои се ослободени од плаќање на партиципација**. Во 18 општини се ангажирани 18 медијатори за јакнење на свеста кај родителите за важноста од образованието.

**Во 2021, доаѓа до повторен раст на вклученоста на ромски деца (0-6) во претшколско образование: 420 деца споредено со 347 во 2020.**

Постојат позитивни промени во делот на средното образование на Ромите. Во 2021 зголемен е и бројот на доделени стипендии во средно образование на средношколци Роми во пет категории (од 800 во 2019, на 900 во 2020 и 917 во 2021). Воедно намален е бројот на ученици Роми во специјалните средни училишта.

Во областа на социјалното домување и генерално условите за живот, во 2021 биле реализирани седум проекти од комуналната инфраструктура во населби со претежно ромско население, што е под таргетот од 23 поставен за 2022. Во тек е изградба на нови социјални станови, и извршена е распределба на дел од социјални станови во Струмица, но меѓу лицата што се пријавиле на повикот немало Роми. Со забрзано темпо се одвиваат проектите финансирани преку Инструментот за претпристапна помош во општините Виница, Шуто Оризари и Велес, Штип, Битола, Берово, Прилеп и Кичево кои опфаќаат измена на урбанистичките планови, легализација на куќи на ромски семејства, рехабилитација на куќи, реновирање на оддели од здравствена установа, обука преку работа на млади Роми, управување со цврст отпад, итн.

Во однос на мерката за континуирано подобрување на здравствениот статус и пристапот до здравствена заштита за Ромите, Министерство за здравство обезбедува финансиски средства за поддршка и имплементација на Стратегијата за Ромите за имплементација на проектот ромски здравствени медијатори и ангажирани се 23 ромски здравствени медијатори. Во тек се активности за подобрување на условите во здравствениот дом Шуто Оризари.

## 3.3.5. СПРАВУВАЊЕ СО КЛУЧНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ ВО ДЕЛОТ НА ОДРЖЛИВОСТА НА ПЕНЗИСКИОТ СИСТЕМ

ЕСРП поставува два исходни индикатори за мерење на справувањето со клучните предизвици во делот на одржливоста на пензискиот систем, но само % на изворни приходи во однос на вкупни расходи на ФПИОСМ покажува напредок, додека % на просечна пензија во просечна плата со кој се мери адекватноста на пензиите бележи пад.

| Индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| % на изворни приходи во однос на вкупни расходи на ФПИОСМ | 53,1 | 57,33 | 60,02 | 60,47% | 65 |
| % на просечна пензија во просечна плата | 59,5 | 54,41 | 54,72 | 53.02% | 60 |

### 3.3.5.1. Цел: Зајакнување на финансиската одржливост на пензискиот систем и унапредување на ефикасноста во остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување

Во 2021, процентот на изворни приходи во однос на вкупни расходи на ФПИОСМ се зголемил за 0,5 процентни поени споредено со 2020, но е под таргетот поставен за 2022.

Во насока на подобрување на квалитетот на услугите на администрацијата во пензискиот систем во рамки на „Проектот за администрирање на социјалното осигурување (Social Insurance Administration Project-SIAP)“ спроведени се подготовки за воспоставување на Единствен унифициран регистарски систем за социјално осигурување (Single Unified Registry System - SURS), воспоставување на централизиран систем за вештачење на инвалидноста односно способноста за работа и тело за координација на централизираното вештачење, реформирање на системот за вработување на лицата со попречености и ревидирање на листата на работни места/професии кои имаат право на предвремено пензионирање поради стажот на осигурување со зголемено траење (бенефициран стаж).

### 3.3.5.2. Цел: Одржување на адекватноста на пензијата и заштита на стандардот на корисниците на пензија

Просечната пензија претставувала 53,02% во однос на просечна плата и бележи благо намалување во споредба со 2020 и сè уште е под нивото од 2018 (59,5%) и таргетот од 60% поставен за 2022. Просечната плата растела побрзо од просечната пензија. За заштита на стандардот на корисниците на пензија, Владата на Република Северна Македонија во својата програма се обврза на стабилен пензиски систем за сегашните и идните пензионери. Во таа насока, во времето на подготовка на овој извештај се подготвува измена на методологија за редовното усогласување на пензиите.

## 3.3.6. СПРАВУВАЊЕ СО КЛУЧНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ ВО ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВЕНИОТ СИСТЕМ И ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО

| Индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| Стапка на доенечка смртност (промили, ‰) | 9,2 | 5,6 | 5.7 | Податокот за 2021 ќе биде објавен во јуни 2022 | <7,0 |
| Број на новоизградени и реконструирани јавно-здравствени објекти | 1 нов<br>3 рек. | 7 | 0[vii] | 7 реконст. 16 нови (модуларни ковид центри) | 2 нови<br>4 рек. |
| Извршена надградба со нови модули на интегрираниот здравствен информатички систем „Мој термин“ | 31 (4 нови) функционални модули | 3 нови функционални модули | 5 нови функционални модули | 8 нови функционални модули | 33 функционални модули |

### 3.3.6.1. Цел: Унапредување на пристапот до здравствена заштита за сите граѓани, условите во здравството и квалитетот на здравствените услуги

**Исходниот индикатор стапка на доенечка смртност во 2020 бележи благ пораст на 5,7 промили (споредено со 5,6 промили во 2019), но е под 7 промили согласно поставениот таргет за 2022. За 2021, податоците ќе бидат објавени во јуни.**

Во 2021 година завршена е реконструкцијата на општата болница Струмица, а гасифицирани се специјалната болница за гинекологија Мајка Тереза-Скопје и Општата Болница-Куманово. Завршена е реконструкцијата на пристапните патеки во Универзитетски клинички центар Мајка Тереза во Скопје и поставени се 16 модуларни Ковид центри и нови модуларни амбуланти за Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија – Скопје.

Во однос на **интегрираниот здравствен информатички систем „Мој термин“, во 2021 беше извршена надградба со осум нови модули,** со што таргетот за 2022 е надминат.

Во текот на 2021 година успешно функционираше Центарот за епидемиолошко следење и управување со здравствени кризи за 24/7 следење на состојбата со ковид-19, обезбедување на информации во реално-време во две насоки – кон јавно-здравствената власт и базата, изготвување на дневна и неделна информација, давање на стручна помош и совети, проценка на ризици. **Воспоставен е оперативен систем за електронско пријавување на заразни болести и АЛЕРТ систем за синдромско пријавување во реално време.** Се врши анализирање на сите расположливи податоци и споделување со референтни институции (WHO, ECDC) според востановени процедури.

### 3.3.6.2. Цел: Подобрување на стручноста и компетентноста на здравствените работници

Во 2021 година се спроведе Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи (2019 – 2022) и беа доделени специјализации/супспецијализации за вработените во јавните здравствени установи.

# 4. КОМУНИКАЦИЈА

За спроведување на политиките и програмите во областа на вработување, образованието и социјалната заштита се спроведоа разновидни комуникациски активности, како на пример комуникациски кампањи, подготовка и дисеминација на материјали и соопштенија за медиумите, средби на локално ниво или со деловната заедница, интервјуа и настапи на медиумите, итн.

Комуникациски активности се одвиваа во текот на целата година, паралелно за сите клучни теми. Главни канали на комуникација во 2021 беа веб страниците на министерствата, социјалните медиуми, онлајн медиумите и соодветни дигитални инфо-платформи, специјализирани медиуми/платформи фокусирани и тематски настани и иницијативи. Пристапот што се применуваше е лично и фокусирано обраќање, конкретизирана содржина, едноставни и лесно читливи визуелни и аудио решенија, практични совети и насочувања, технички необременети со административна терминологија. Во комуникациските активности се вклучени двете ресорни министерства и други надлежни институции, релевантни меѓународни организации, корисници, итн.

Поради ограничувањата воведени за спречување на ширење на вирусот, социјалните медиуми и онлајн медиумите станаа доминантни канали за промовирање на политиките и програмите на пошироката заедница.

Во 2021, продолжија да се спроведуваат неколкуте кампања за доближување на реформите до граѓаните, деловната заедница и граѓанскиот сектор:




Станува збор за интегрирана промотивна кампања во чиј состав се продуцираат продукти кои го пренесуваат искуството на вистински корисници на мерките за вработување. Промотивните активности се реализираа зависно од динамиката и достапноста, како и пополнување на опфатот на програмите и мерките за вработување. Се реализираше и краткорочна кампања за промовирање на успешните резултати.







Се спроведуваа и промотивни активности, главно преку социјалните медиуми за поттикнување на активацијата на корисниците на гарантирана минимална помош на пазарот на трудот.

УЧИ ПАМЕТНО, РАБОТИ СТРУЧНО

Под слоганот „Учи паметно, работи стручно“ беа организирани низа средби со компаниите за отворање на барани профили во стручните училишта. Имено, преку социјален дијалог со компаниите и бизнис заедницата на локално ниво, МОН заедно со општините работеше на утврдување кои профили ќе бидат отворени во средните стручни училишта во учебната 2022/2023 година.



Повеќегодишна кампања за запознавање на јавноста со реформите во сферата на социјалната и детската заштита.

Информациите се однесуваат на инвестициите за развој и унапредување на социјалните услуги, како и на раниот детски развој и образование. Информациите се објавуваат на: https://www.ssip.mk/ и https://www.facebook.com/Se.Grizhime






Продолжи да се спроведуваат и две кампањи под покровителство на Економско-социјалниот совет со поддршка на МОТ и ЕУ во функција на јакнење на работничките права.




МОЈ ТРУД, МОИ ПРАВА

Кампања се спроведува за подигање на свеста во однос на правата од работен однос. Работниците, работодавачите и другите заинтересирани граѓани се упатуваат на веб-страница https://mojtrudmoiprava.mk/, за да се информираат за сѐ во врска со работничките права. Веб страницата имала 90.000 прегледи. 500 ученици од средните училишта биле обучени за основните работнички права.

Кампања за формализација на непријавената работа

https://www.facebook.com/FormalizirajJaRabotata










**Кампања за промовирање на социјалното претприемништво и социјалните претпријатија**

Кампањата се спроведува во рамки на ИПА проектот „Поддршка на социјалните претпријатија”. Кампањата опфати одржување на Национален и регионални саеми за социјалните претпријатија, застапеност на социјалните медиуми. Посебно медиумско внимание привлече отворањето на првиот Национален центар за социјалните претпријатија.






# 5. ЗАКЛУЧОЦИ И ИДНИ ЧЕКОРИ

Во овој дел се презентирани клучните активности што се планираат или треба да се преземат во 2022 во трите приоритетни области заради остварување на зацртаните цели и целните вредности на индикаторите за 2022 година.

ЕСРП предвидува вкупно 78 мерки/активности во трите приоритетни области. Речиси сите активности се повеќегодишни, односно за целото времетраење на програмата. Дел од активностите се спроведуваат според годишни оперативни планови, па оценката за степенот на реализација е донесена според тоа дали се остварени годишните планови. Треба да има предвид дека и во случај на целосна имплементација на активноста во 2021, истата активност е релевантна и продолжува да се спроведува и во наредните години (таков е примерот со спроведувањето на активните мерки за вработување). Од друга страна, некои мерки се спроведуваат сукцесивно, па ако нивното спроведување е започнато и во тек, општата оценка е дека тие делумно се спроведени и во наредниот период, треба да се преземат чекори до целосна реализација.

За 44 мерки е оценето дека целосно се имплементирани, 32 мерки делумно и 2 активности не се започнати со имплементација.

За спроведување на мерките биле потрошени 245 мил. евра, но овие средства се потценети бидејќи не ги опфаќаат, на пример административните трошоци на институциите одговорни за обезбедување на услугите, како и одредени донации што не се дел од Буџетот на РСМ и за кои министерствата немаа информации.

Во 2022 продолжува спроведувањето на активностите во сите приоритетни области, како што е наведено во продолжение.

### Приоритетна област 1: Пазар на труд и вработување

- **Гаранцијата за млади** продолжува да се спроведува и во 2022 со опфат на најмалку 10.000 млади лица од кои, во период од 4 месеци најмалку 30% ќе бидат вработени, повторно вклучени во образовниот процес или ќе бидат вклучени во активни програми и мерки за вработување. Потребно е зајакнување на теренските активности во насока на активирање на неактивните млади лица.

  Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија е носител на Гаранцијата за млади и зголемувањето на нејзините кадровски, информатички, физички и финансиски ресурси е неопходно за успешно спроведување на програмата. Се очекува дека АВРСМ ќе успее да го реализира Планот за вработувања за 2022, да дигитализира дел од своите процеси и да ги оствари планираните подобрувања на условите за работа и давање на услугите во дел од центрите за вработување.

  Во делот на „Раната интервенција“ ќе се продолжи со континуирано промовирање и подобрување на стручните училишта, воведување на новите наставни програми за четврта година во стручните училишта од септември 2022 г., континуирано промовирање и подобрување на стручните училишта, организирање на советодавни средби со локалната заедница и бизнис секторот, во насока на усогласување на уписната политика во средните стручни училишта согласно потребите на пазарот на трудот. Понатаму, по донесување на Законот за образование на возрасни, ќе бидат донесени сите подзаконски акти со кои се уредуваат механизмите за валидација на неформалното образование и искуственото учење (акредитација на понудувачи на услуги за валидација, креирање регистар). Измените на Законот за високо образование би овозможиле да започне употребата на информациониот систем „Опсерваторија на вештини“ заради следење на исходите од образовните процеси и усогласување на образованието со пазарот на трудот.

  Конечно, во 2022г. ќе се изработи нов план за имплементација на ГМ, што ќе се темели на резултатите и искуствата од спроведувањето на ГМ, како и на препораките и насоките на Европската комисија.

- Инвестициите во активни мерки, нивното продолжувањето и зголемување е значајно, особено за справување со предизвиците од економската и здравствената криза.

Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2022 година ќе поддржи 13.075 невработени лица, за што е алоциран буџет во износ од околу 29,9 милиони евра. Од посебна важност се програмите со кои се креираат работни места и обуките за оспособување за работа.

- Предизвик за 2022 е и доследно спроведување на политиките за **активација на социјално загрозените лица** (корисници на Гарантирана минимална помош, Роми и др.), кои се интензивираа изминатата година, но темпото на спроведување е сè уште под очекувањата. Се очекување финализирање на Студијата за влијанието на социјалните бенефиции врз активацијата на ранливите групи на пазарот на трудот (се изработува со поддршка на Програмата за равој на Обединетите нации и Швајцарската агенција за развој и соработка). Понатаму, потребно е да се испланираат краткорочни и долгорочни решенија за спроведување на препораките од Студијата за влијанието на социјалните бенефиции врз активацијата на ранливите групи на пазарот на трудот во однос на:

  ~Подобрување на човечките и финансиките ресурси на центрите за социјална работа и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија;

  ~Разгледување на можноста за промени на ГМП и на целокупниот систем на социјална и детска заштита за работата да биде попривлечна опција во споредба со програмата ГМП;

  ~Доследна примена на мерките за октривање и санкции за да се намали можноста корисниците на ГМП да работат во неформалната економија;

  ~Обезбедување квалитетни советодавни услуги за да се ублажи обесхрабреноста на корисниците на ГМП за интеграција на пазарот на трудот.

  Што се однесува до **вработувањето на лицата со попреченост** продолжува пилотирањето на работно-ориентираната рехабилитација. Фокусот ќе биде на работно-ориентирани обуки за лицата со попреченост и поддршка при вработување. Ќе се спроведат консултации и натамошна разработка на нов концепт за вработување на лицата со попреченост. Ќе се подготвува нов закон за вработување на инвалидни лица, кој ќе го уредува новиот концепт на вработување на инвалидни лица.

  Во 2022 ќе се спроведува **Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија**, преку подготовка на законска рамка и натамошно функционирање на националниот центар за поддршка на социјалните претпријатија, преку обезбедување финансиска поддршка за раст и развој на социјалните претпријатија меѓу другото во функција на отворање работни места и вклучување на најранливите категории на пазарот на труд.

- **Зголемување на учеството на жените на пазарот на трудот и намалување на родовиот јаз** е еден од приоритетите во новата Национална стратегија за вработување 2021-2027. Ќе се продолжи со мерки за активација на жените и намалена родова нееднаквост на пазарот на труд. Ќе биде донесен и нов Закон за родова еднаквост со цел воспоставување на ефикасен систем на родова еднаквост.

  За **усогласување на професионалниот и приватниот живот**, посебно важно е донесувањето на нов Закон за работните односи со кој ќе се воведе отсуство заради татковство, можност за користење на родителско отсуство и од татковците, платено отсуство од работа за давање нега и право на работа со флексибилна форма заради грижа и нега на дете во согласност со Директивата за родителско отсуство на ЕУ и меѓународните трудови стандарди. Министерството за труд и социјална политика и понатаму ќе инвестира во создавање капацитети за опфат на поголем број на деца во предучилишно образование, како и со натамошен развој на сервиси за грижа на стари и изнемоштени лица.

  Ќе се иницира ратификација на Конвенцијата на МОТ број 190 за насилство и вознемирување (C190 - Violence and Harassment Convention, 2019) и измени на Законот за заштита од вознемирување на работно место заради унапредување на мерките за елиминирање на сексуалното вознемирување на работното место.

- **Справувањето со неформалната вработеност** во државата е уште еден приоритет за ефикасно и долгорочно подобрување на состојбите на пазарот на труд. Во 2022 ќе се

финализира ваучерски модел во секторот на услуги, туризам и угостителство, како и во земјоделието, со фокус на личните услуги и услугите во домаќинството, ќе се спроведе кампања за непријавената работа и ќе се развие алатка за споделување на податоците и за пресметка на индикаторите за следење на Стратегијата за неформална економија. Со донесување на новиот Закон за работните односи ќе се унапреди начинот на регулирање на сезонското и другите облици на флексибилно вработување. Се разгледува потребата од подготовка на законско решение за регулирање на сезонските, привремените и повремените вработувања. Продолжува и зајакнувањето на капацитетите на Државниот инспекторат за труд.

- Во однос на **унапредување на квалитетот на работата и услугите на јавната служба за вработување**, приоритет е зајакнување на човечките ресурси и престројување на работењето на Агенцијата за вработување, имајќи го предвид и зголемениот наплив на клиенти и останатите предизвици што ги наметнаа социјалната реформа и пандемијата. Во 2022 година предвидено е Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија да модернизира четири центри за вработување во трите плански региони (Полошки, Североисточен и Југозападен). Во текот на 2022 година согласно Планот за вработувања на АВРСМ, планирано е да се вработат 29 лица на неопределено време, од кои меѓу другото 19 нови вработувања во центрите за вработување, и 10 вработувања во секторите во Централната служба на АВРСМ. Исто така, се предвидени и 3 унапредувања. Се предвидува унапредување на методологијата на Анкетата за потребата од вештини на пазарот на трудот. Ќе продолжи соработката помеѓу стручните лица во центрите за социјална работа и центрите за вработување заради изготвување на индивидуални планови за корисниците на ГМП и нивно вклучување на пазарот на трудот. Затоа е важно да се зајакне воспоставената комуникација и да се унапредат постоечките процедури на соработка помеѓу центрите, како и надградба на нивните капацитети преку спроведување на обуки.

- Се очекува **социјалниот дијалог** да продолжи да игра клучна улога во обликување на економските, социјалните и политиките на пазарот на трудот за периодот по 2022 година. Се планира поддршка на синдикатите и здруженијата на работодавачи, преку подобрување на видливоста, и преку прилагодување на новата реалност со воведување на нови услуги да ги задржат постојните и да привлечат нови членови. Иако е направен значителен напредок во насока на задолжување на останатите министерства и државни органи за доставување на материјали до ЕСС, сепак како предизвик за ЕСС сè уште останува неговата видливост во однос на останатите државни органи и институции. Конечно, постои потреба од оценка на потребата за ревидирање на постојната правна рамка за мирно решавање на работни спорови.

### Приоритетна област 2: Човечки капитал и вештини

- За **поттикнување на инклузијата на децата од маргинализираните групи** се планира проширување на работните обврски на образовните медијатори со цел опфат и на учениците Роми во средно образование и ангажирање на педагошки помошници за ученици Роми во општина Шуто Оризари, Гази Баба, Карпош, Ѓорче Петров и Чаир.

  Во насока на континуирано обезбедување на учебници за учениците во основните училишта, приоритет е подготовка и донесување на нов Закон за учебници за основно и средно образование, што ќе биде проследено и со изработка и одобрување на нови учебници за прво, второ, четврто и петто одделение согласно новите наставни програми.

  Ќе се продолжи и со обезбедување на бесплатно сместување на учениците во ученичките домови и во учебната 2022/2023 година, како и со подобрување на условите за сместување во ученичките домови.

  Во насока на засилено следење и евидентирање на учениците кои нередовно ја посетуваат наставата во училиштето и зајакната работа со родителите на учениците се предвидува ревизија на програмата за ученици и Програмите за советување на родители/старатели со поддршка на УНИЦЕФ.

Ќе бидат усвоени Стандарди за интеркултурно образование во средното образование со цел да се подобри интеграцијата и интеракцијата помеѓу ученици кои следат настава на различен јазик.

За унапредување на вклученоста на учениците со попреченост во редовното основно образование се предвидува понатамошна поддршка на основните училишта со ресурсни центри и зајакнување на нивните капацитети, како и континуирана поддршка и обука на инклзуивните тимови во училиштата.

Со донесување нов Закон за средно образование и отворање ресурсни центри се очекува да се придонесе и кон зголемување на опфатот и вклученоста на учениците со попреченост во средното образование.

За подобрување на пристапноста и достапноста во високото образование за студентите со попреченост ќе биде донесена и ќе се применува Уредба за правото на лицата со попреченост и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање (на предлог на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачката дејност е донесена на 23-та седница на Владата одржана на 8.3.2022[viii]). Истовремено, се работи на комплетирање на реконструкцијата на четирите високо-образовни установи за обезбедување на пристапност и достапност на студентите со попреченост. Конечно, во функција на подобрување на можностите и проширување на опсегот на програмите за учење на возрасните лица со попреченост се очекува верификација на поголем број на програми за неформално образование за возрасни лица со попреченост и целосно оспособување на сите функционалности на регионалните центри за стручно образование и обука.

За **подобрување на содржините и квалитетот во образованието** следува сукцесивна имплементација на Концепцијата за основно образование во сите одделенија, врз основа на која ќе бидат изработени нови наставни програми согласно националните стандарди базирани на компетенции. Понатаму се планира донесување нов Закон за средно образование и нова Концепција за средно образование.

Во функција на јакнење на капацитетите на човечките ресурси во образованието ќе се преземат активности за акредитација на програми за обука на наставници и стручни соработници и изработка на каталог на обуки. Ќе се спроведе и постапка за унапредување во звање за стручни соработници во основното образование и за наставници и стручни соработници во средното образование.

- Во однос на имплементацијата на Националната рамка за квалификации за доживотно учење се очекува понатамошно активна работа на Националниот одбор на Македонската рамка на квалификации во креирањето на политиките за квалификациите. Потребно е да се формираат преостанатите секторски комисии за квалификации. Со поддршка на ИПА твининг проектот ,,Понатамошна поддршка за имплементирање на НРК”, планирано е да се работи и на комуникациска стратегија и политики за комуникација на рамката и прегледност на квалификациите. Исто така, со поддршка на ИПА проектот ќе се надгради Регистарот на квалификации.
- Во делот на **зајакнување на вработливоста на работната сила и градење на флексибилни патишта за доживотно учење** се планира воведување на новите наставни програми за четврта година во стручните училишта од септември 2022 г. во насока на обезбедување на поголема усогласеност на СОО со потребите на пазарот на труд. Во новиот Закон за стручно образование и обука ќе се уреди системот на постсредно образование, а ќе се обезбеди континуирано промовирање и подобрување на стручните училишта, организирање на советодавни средби со локалната заедница и бизнис секторот, во насока на усогласување на уписната политика во средните стручни училишта за учебната 2022/2023 година согласно потребите на пазарот на трудот. Во Законот ќе бидат вградени одредби од Концептот за учење преку работа и ќе се развие нова формула за начинот на финансирање на стручното образование (земајќи го предвид учењето преку работа). Трите регионални центри за стручно образование и обука во целост ќе се реновираат и ќе се зајакнат нивните капацитети. Ќе се разгледаат можности за воспоставување нови регионални центри во останатите плански региони. По донесување на Законот за образование на возрасни, ќе

бидат донесени сите подзаконски акти со кои системски се уредуваат механизмите за валидација на неформалното образование и искуственото учење.

### Приоритетна област 3: Социјална инклузија и социјална заштита

- Продолжува следењето на примената на законите во сферата на **социјалната и детската заштита** од аспект на адекватноста и опфатот на програмите, особено имајќи ја предвид актуелната енергетска криза и порастот на цените. Исто така, ќе се пристапи кон планирање на краткорочни и долгорочни решенија за спроведување на препораките од Студијата за влијанието на социјалните бенефиции врз активацијата на ранливите групи на пазарот на трудот. Ќе започне развој на интегриран софтвер на социјалните надоместоци и социјалните услуги. Во однос на достапноста на социјалните услуги, и понатаму ќе се обезбедува финансиска и техничка поддршка за развој на нови социјални услуги во 10 општини на територијата на Република Северна Македонија, како и лиценцирање на ново воспоставените сервиси. Бројот на лиценцирани даватели на услуги се очекува да се зголеми, со опфат на даватели на лиценцирани услуги од сите категории, а со тоа и зголемување на опфатот на корисници кои ќе имаат пристап до потребните услуги во својата заедница.

  Се интензивираат активностите за јакнење на системот на следење и квалитет на социјалните услуги (пр. тестирање на постапките за известување) и за подобрување на капацитетите на сегашните и потенцијалните даватели на социјални услуги, вклучувајќи ги општините. Се предвидува и поддршка на дополнителен број општини да развијат планови за социјална заштита.

- Продолжува и имплементацијата на **Националната стратегија за деинституционализација** со подготовка за преселба на 30тина корисници од Специјалниот завод во Демир Капија во живеење со поддршка, трансформација на постојните установи (отворање на центарот за одмена на семејната грижа во Демир Капија, реновирање на Заводот за рехабилитација на деца и млади Скопје – Топанско Поле). Поточно, ќе се изработи проектна документација за темелна реконструкција на Заводот за рехабилитација на деца и млади Скопје, што предвидува институцијата да прерасне во современ центар за рана идентификација и интервенција, центар за дневен престој, професионална рехабилитација и центар за одмена на семејната грижа. Ќе се усвои нов тригодишен Акциски план за периодот 2022-2024 за спроведувањето на Националната стратегија за деинституционализација 2018-2027.

- Активностите на АВРСМ за зголемување на можностите за **вработувањето на Ромите** продолжуваат со реализација на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2022 година. Продолжува и активацијата на невработени Роми и други лица во ризик од социјално исклучување согласно моделот Acceder и менторска програма за Роми.

  Ромските образовни медијатори во основно образование продолжуваат со работа, а се зголемува и нивниот број со цел зголемување на опфатот на децата **Роми** во основното образование, намалување на бројот на ученици кои го напуштаат училиштето, намалување на бројот на ученици Роми запишани во училишта за деца со посебни потреби, зајакнување на врските на ромската заедница и родителите со училиштето, преку борба против социјалната исклученост (десегрегација и дискриминација) и почитување на разликите и преку промовирање на интеркултурното образование. Ќе се прошират работните обврски на образовните медијатори со цел опфат и на учениците Роми во средно образование и ќе се ангажираат педагошки помошници за ученици Роми во општина Шуто Оризари, Гази Баба, Карпош, Ѓорче Петров и Чаир.

  Во Прилеп, Битола, Штип и Берово ќе се легализираат куќите на околу 6.800 ромски домаќинства, ќе се изградат 80 нови живеалишта во Штип и Кичево, а истовремено ќе реконструктурираат 65 куќи во Прилеп и Берово (со поддршка на ИПА).

  Во делот на здравствената заштита потребно е да се изнајде решение за гинеколог во општина Шуто Оризари од редот на докторите упатени на специјализација.

- Во континуитет ќе се преземаат соодветни мерки за обезбедување **социјалната сигурност на пензионерите**. Така следува измена на методологијата за редовното усогласување на пензиите два пати годишно: наместо 100% усогласување со пораст на трошоци за живот, усогласувањето ќе се врши со збирот од 50% на пораст на трошоци за живот и 50% пораст на просечна плата, два пати годишно и тоа на 1 март и 1 септември (измената се усвои во март 2022).

  Ќе се направат долгорочни проекции кои ќе покажат потреба за натамошни интервенции во системот со цел да се обезбеди негова одржливост. Во 2022г., фокусот ќе биде на развој на Единствен унифициран регистарски систем и подготовка на потребните законски измени. Истовремено се вршат подготовки за воспоставување централизиран систем за вештачење на инвалидноста, односно способноста за работа и Централно координативно тело за утврдување инвалидност.

- Завршување на започнатите реконструкции и изградби на јавните здравствени установи (Клиничка болница Штип, Општа болница Кичево, Универзитетска клиника по хируршки болести Св. Наум Охридски, Поликлиника во Сарај, замена на амбулантско поликлинички објекти од Здравствен дом Скопје) како и отпочнување со нови во рамки на буџетот на Министерството за здравство. Исто така се планира реконструкција за зголемување на енергетска ефикасност на 18 јавни здравствени установи преку проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор имплементиран преку Министерството за финансии, а финансиран од Светска Банка.

  Ќе бидат надградени и одредени модули на интегрираниот здравствен информатички систем „Мој термин“, а ќе се изврши и интегрирање на ИТ системите на Министерството за здравство и Фондот на здравствено осигурување, за дефинирање на стандарди и основно решение за Единствениот регистер на пациенти за сите здравствени установи.

# АНЕКС 1 – СЛЕДЕЊЕ НА ЕРСП МАТРИЦАТА НА ЦЕЛИ И МЕРКИ

## ПАЗАР НА ТРУД И ВРАБОТУВАЊЕ

### 3.1.1. ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА СО НЕВРАБОТЕНОСТА, ОСОБЕНО КАЈ НАЈРАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ ЛИЦА (МЛАДИ, ДОЛГОРОЧНО НЕВРАБОТЕНИ И ДРУГИ)

| 3.1.1.1. Цел: Подобрување на вработеноста на младите и промовирање на повеќе и подобри работни места за младите лица | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Потрошени средства |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| а/ Поддршка на интегрирањето на младите на пазарот на трудот - поддршка на вработувањето, продолжување на образованието, практикантство (ГМ – интегрирање на пазарот на труд) | **АВРСМ**<br><br>МТСП, ЦОВ и др. локални институции, провајдери на услуги, работодавачи | 2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>Целосно се имплементирани активностите предвидени за 2021 во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот; Активноста продолжува да се спроведува и во 2022 година.<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Во Гаранцијата за млади за периодот од 1.1.2021 до 31.12.2021 година беа вклучени 19.322 млади невработени лица (9.663 жени), од кои 7.135 се вработиле, а 929 лица биле вклучени во некоја од активните мерки за вработување кои имаат за цел да ја зголемуваат вработливоста на младите лица. Според тоа, успешноста на Гаранција за млади досега изнесува 41%.<br><br>Од вкупниот број на лица кои се вработиле, 594 лица биле вработени преку посредување при вработување, 813 биле вработени преку некоја од активните мерки за вработување, а 159 се основачи или управители. За 1.224 лица не биле поминати 4 месеци од нивниот влез во Гаранција за млади.<br><br>Од вкупниот број на лица кои се вработиле преку активни мерки за вработување, најголем дел се вработиле преку учество во мерката Субвенционирано вработување (663 лица), и во мерката Финансиска поддршка за создавање нови работни места (105 лица).<br><br>Од 1.257 невработени лица кои биле вклучени во некоја од активните мерки кои не водат кон директно вработување, најголемо учество младите лица имале во Програмата практикантство (693 лица). | **Проблеми**:<br><br>/<br><br>**Идни чекори**:<br><br>*Имплементацијата на Гаранција за млади ќе продолжи да се спроведува на целата територија на Република Северна Македонија, со цел подобрување на позиционирањето на младите на пазарот на трудот, пред се, преку олеснување на преминот од образование кон вработување.<br><br>*Во 2022 година, ќе се оцени спроведувањето на ГМ и ќе се подготви нов План за имплементација на Гаранцијата за млади 2023-2025. | Средствата се претставени под 3.1.1.2. а/ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| б/ Унапредување и проширување на услугите на Агенцијата за вработување насочени кон младите невработени лица (ГМ – активности за активација) | **АВРСМ**<br><br>МТСП | 2022 | **Статус:** Делумно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Лицата кои биле вклучени во Гаранција за млади се вклучувале во услугите кои ги нуди АВРСМ: 2.712 лица биле вклучени во некоја од услугите за вработување.<br><br>Притоа, спроведено е кариерно советување за 77 лица, профилирани се 1.011 лица, изработени се вкупно 1.124 Индивидуални планови за вработување (од кои 18 ИПВ 2 за тешко вработливи лица).<br><br>АВРСМ континуирано се грижи за развој, јакнење и унапредување на човечките ресурси односно на нивните вештини, знаења и компетенции. Во текот на 2021 беа организирани обуки за 253 вработени на шест различни теми, како на пример, посредување при вработување, за работа со работодавачи, обуки за посредување при вработување и користење на функциите на електронскиот систем на АВРСМ, дизајнирање и спроведување  на програма за зелени и дигитални работни места, кариерно советување, Гаранција за млади, итн.<br><br>Во 2021 година беа реновирани вкупно 2 центри за вработување и тоа Куманово и Тетово. | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**:<br><br>*Услугите за поддршка на невработените лица за активно барање работа ќе продолжат да се спроведуваат во центрите за вработување во 2022 година.<br><br>*Се планира реновирање четири центри за вработување согласно расположливите буџетски средства. | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| в/ Унапредување и реформи на образовниот систем, со посебен акцент на квалитетот и содржината на стручното образование и обука и неговата релевантност за подготовка на младите за полесна транзиција и интеграција на пазарот на труд (ГМ - рана интервенција) | **МОН**<br><br>МТСП, БРО, ЦССОО, ЦОВ, ДПИ | 2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>Целосно се имплементирани активностите предвидени за 2020<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>* Реформирано е четиригодишно стручно образование. Изработени се и формално донесени нови модуларно дизајнирани наставни програми, за сите нови квалификации/ образовни профили во средно стручно образование кои се базирани на резултати од учење, изразени со EQVET кредити и поени за општо-образовните и стручните предмети од прва до четврта година, кои започнаа да се имплементираат од учебната 2019-2020 година (прва година).<br><br>*Во учебната 2021/2022 започнаа да се применуваат новите наставни програми во средните стручни училишта во третата година. Наставните програми за четврта година сукцесивно ќе се воведат во следната учебна година. Наставните програми се изработени во соработка со бизнис заедницата и ги отсликуваат потребите на пазарот на труд.<br><br>*Изработени и донесени се наставните програми за четврта година за дуално стручно образование и наставните програми за новите паралелки и струки.<br><br>* Под слоганот „Учи паметно, работи стручно“ беа организирани низа средби со компаниите за отворање на барани профили во стручните училишта. Преку социјален дијалог со компаниите и бизнис заедницата на локално ниво, МОН заедно со општините работеше на утврдување кои профили ќе бидат отворени во средните стручни училишта во учебната 2021/2022 година.<br><br>*Конкурсот за упис на ученици за учебната 2021/2022 година целосно е усогласен согласно потребите на пазарот на трудот.<br><br>Во дуалното образование во учебната 2021/2022 година се запишани 1.384 ученици во 44 училишта во соработка со 220 компании. Оваа учебна година бројот на дуални паралелки во државата од 11 е зголемен на 97.<br><br>*Изготвен е предлог текст на нов Закон за стручно образование и обука, кој е доставен за консултација со пошироката јавност. | **Проблеми**:<br><br>/<br><br>**Идни чекори**:<br><br>* Воведување на новите наставни програми за четврта година во стручните училишта од септември 2022 г.<br><br>*Континуирано промовирање и подобрување на стручните училишта, организирање на советодавни средби со локалната заедница и бизнис секторот, во насока на усогласување на уписната политика во средните стручни училишта согласно потребите на пазарот на трудот. | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| г/ Воведување и имплементација на ефикасни механизми за валидација на неформалното и искуственото учење (ГМ - рана интервенција) | **МОН**<br><br>МТСП, БРО, ЦССОО, ЦОВ, ДПИ | 2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Новиот предлог Закон за образование на возрасни е во собраниска процедура на усвојување. Со него се уредува целосно постапката/механизмите за валидација на неформалното и искуственото учење**.** | **Проблеми**:<br><br>Во моментот нема системски (законски уреден) систем за валидација, имајќи предвид дека Законот е во собраниска процедура на донесување.<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Донесување на новиот Закон за образование на возрасни и сите подзаконски акти. Подзаконските акти ќе ги доуредат механизмите за валидација на неформалното образование и искуственото учење, со што истото ќе биде имплементирано системски (акредитација на понудувачи на услуги за валидација, креирање на регистар). | Нема фискални импликации |
| д/ Надградување и унапредување на постојните модели и информациски системи во функција на креирање порелевантни политики за образование и вработување на младите лица (ГМ - рана интервенција) | **МОН**<br><br>МТСП | 2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Информациониот систем „Опсерваторија на вештини" е изграден, но со цел истиот да може да започне со употреба, потребни се измени на Законот за високо образование. | **Проблеми**:<br><br>Не се донесени измени на Законот за високо образование со цел воведување на законски основ за размена на податоци за потребите на Опсерваторијата на вештини, поради што не е отпочната со работа Опсерваторијата на вештини.<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Измени на Законот за високо образование, со што непречно би можела да започне употребата на Информациониот систем „Опсерваторија на вештини". | Нема фискални импликации |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ѓ/ Идентификување, информирање и мобилизирање на младите за учество во програмите за вклучување на пазарот на труд и зголемување на вработливоста (ГМ – терենски активности) | **АВРСМ**<br><br>МТСП, Агенција за млади и спорт, Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, младински, граѓански организациидав атели на услуги | 2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Со оглед на состојбата со ковид-19, не се спроведоа терենски активности како пред пандемијата . Сепак, мора да се спомене дека бројот на невработени лица кои се евидентираат во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, и во текот на 2021 година бележи зголемување, иако со помала динамика споредено со 2022. Особено треба да се има предвид дека преку евидентирањето на корисниците на гарантираната минимална помош, АВРСМ практично ги таргетира неактивните млади лица. | **Проблеми**:<br><br>Со оглед на состојбата со ковид-19, не се спроведоа теренски активности како во 2018 и 2019.<br><br>**Идни чекори**:<br><br>*Зајакнување на теренските активности во насока на активирање на неактивните млади лица (спроведувањето ќе зависи од условите и мерките за спречување на ширење на пандемијата заради потребата од директни контакти на младинските работници со младите лица).<br><br>*Во моментот се изработува нов план за имплементација на ГМ, каде што ќе се испланираат интервенции за закјакнување на теренските активности. | Нема фискални импликации |
| е/ Јакнење на локалниот пристап за подобрување на вработеноста на младите лица | **МТСП**<br><br>АВРСМ, локални институции, ЛЕСС, социјални партнери, МОТ | 2021 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Во однос на мерката за јакнење на локалниот пристап за подобрување на вработеноста на младите лица, во рамки на Проектот „Зајакнување на социјалниот дијалог", финансиран од ЕУ преку директен грант на Меѓународната организација на трудот, реализирани се повеќе активности, меѓу кои организирање вебинари за млади во 12 града на тема „Мои права на работа"; подготовка на анализи (дијагностики) за локалниот пазар на труд за Скопје, Велес и Радовиш и локални акциски планови за вработување за Струмица и Куманово. Спроведувањето на локалниот план за вработување во Битола резултираше со развој на 40 бизнис идеи, формирање на осум старт-апи и 35 вработувања, додека 30 лица се стекнаа со напредни IT вештини .<br><br>Младинскиот ресурсен центар iCan во Гостивар поддржа 1.146 млади лица во разни обуки, од кои 220 во подоготрајни стручни обуки во областа на информатиката и 132 во обуки за меки вештини (комуникациски, управување со проекти, итн.). Со поддршка на центарот беа развиени 40 старт-ап иницијативи и се реализираа 9 вработувања. | **Проблеми**: /<br><br>**Идни чекори**: | Средствата за ЛЕСС-те се прикажани под 3.1.11. г/<br><br>142.500€ Швајцарската агенција за развој и соработка и УНДП |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |

| 3.1.1.2. Цел: Намалување на невработеноста на долгорочно невработените и лицата од останатите ранливи групи | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Потрошени средства |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| а/ Подготовка и имплементација на годишните Оперативни планови за услуги на пазарот на труд и активни програми и мерки за вработување, со фокус на дизајнирање на сет од разновидни услуги и мерки прилагодени на потребите на различните специфични ранливи групи на невработени лица | **АВРСМ**<br><br>МТСП социјални партнери, провајдери на услуги | 2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>Целосно се имплементирани активностите предвидени за 2021 во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот; Активноста продолжува да се спроведува и во 2022 година.<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Се имплементираше Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд за 2021 година (со вклучена Гаранција за млади). Реализацијата на сите активни програми и мерки за вработување за 2021 година изнесува повеќе од 94,6% (планирани 11.993, вклучени 11.292 лица).<br><br>Постигнати се следните резултати:<br>- 1.877 лица беа вработени со програмата за поддршка на самовработување;<br>- 2.037 лица се вработени во програмите за субвенционирано вработување, вработување и раст на правни субјекти;<br>- 157 лица беа вработени со програмата за поддршка за вработување на лица со попреченост;<br>- 922 невработени лица беа вклучени во различните програми и мерки за обука;<br>- 1.287 невработени беа вклучени во програмата за практикантство;<br>- 500 невработени лица беа вклучени во програмата за работи во заедницата (Општинско корисна работа);<br>- 725 невработени лица беа ангажирани во програмата за јавни работи;<br>- 3.787 млади лица беа подржани преку програмата за младински додаток;<br><br>4.979 жени беа вклучени во мерките за вработување. | **Проблеми**:<br><br>Поради настанатата ситуација со ковид-19 одредени видови услуги на пазарот на трудот се реализираа со намален обем поради тоа што не можеа да се спроведуваат на начин како што е предвидено (на пример, групни активности во рамките на повеќе видови услуги и др). Активностите на центрите за вработување беа насочени кон оние услуги кои се спроведуваа со индивидуален приод во работењето со невработените лица преку информирање, советување, мотивирање и други активности за зајакнување нивните капацитети.<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Со новиот Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2022 година, планираниот опфат на лица во програми за вработување и услуги на пазарот на труд изнесува 13.075 невработени лица, а вкупниот буџет од сите извори е 1.839.184.606 денари (околу 29,9 милиони евра). | **24.647.223€** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Во однос на услугите за вработување, во 2021 година беа дадени следните услуги:<br>- 45.640 лица добиле услуга за помош при барање работа;<br>- 328 невработени лица биле вклучени во мотивациски обуки;<br>- 38 невработени лица биле вклучени во обуки за Подготовка за вработување и за работа;<br>- 1.054 невработени лица ја користеле услугата професионална ориентација и кариерно советување;<br>- 3.250 лица ја користеле услугата Активација на невработени Роми и други лица во ризик од социјално исклучување;<br>- 781 невработени лица, корисници на гарантирана минимална помош користеле услуги на советување и мотивација (СИМ);<br>- 20 невработени лица биле вклучени како поддршка во спроведувањето на Анкетата за потреби од вештини на пазарот на трудот.<br>Во текот на 2021 година работодавачите доставија вкупно 4.151 барања за посредување при вработување. Во посредувањето беа вклучени вкупно 23.892 лица и беа вработени 2.751 лице. Од вкупниот број на доставените барања, само од работодавачите од приватниот сектор беа доставени 1.655 барања за посредување. Во посредувањето беа вклучени вкупно 18.674 лица и беа вработени 734 лица. | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| б/ Развивање и спроведување специфични мерки за активација и поддршка на вработувањето на социјално загрозените лица (корисници на Гарантирана минимална помош, Роми и др.), за поттикнување на нивното активно учество на пазарот на труд, барањето работа и вработување | **АВРСМ**<br><br>МТСП; Центри за социјална работа; социјални партнери; провајдери на услуги; | 2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Продолжија и активностите за активација и вклучување на ранливите групи на пазарот на трудот, особено на социјално загрозените корисници, т.е. на корисниците на гарантирана минимална помош, преку нивно вклучување во специјализирани услуги (менторство и психосоцијална поддршка како дел од т.н. СИМ програма) и програми за развој на вештини. СИМ програмата започна да се спроведува во 2021 година. Во текот на годината во активните програми и мерки за вработување беа вклучени вкупно 118 лица, а во услугите за вработување (СИМ програма) беа вклучени 781 лица, корисници на гарантирана минимална помош.<br><br>Во врска со процесот на активација на корисници на гарантирана минимална помош се воспостави и системот за електронска размена на податоци помеѓу центрите за социјална работа и Агенцијата за вработување во делот на креирање на индивидуални планови за активација, а беа изработени планови за активација за 2.118 лица. | **Проблеми**:<br><br>*Слабата активација е резултат на институционални предизвици, понатаму фактори својствени на самиот систем за социјална заштита, можности за дополнителна заработка од неформална работа, обесхрабрување и семејна динамика кај корисниците на ГМП<br><br>**Идни чекори**:<br><br>* Продолжува активацијата на корисниците на ГМП, невработени Роми, долгорочно невработените и други лица во ризик од социјално исклучување.<br><br>* Планирање на краткорочни и долгорочни решенија за спроведување на препораките од Студијата за влијанието на социјалните бенефиции врз активацијата на ранливите групи на пазарот на трудот во однос на: | **634.927€**<br><br>Од кои:<br>„Активација на ранливи групи на пазарот на трудот“: 209.425€ (ИПА)<br><br>и<br><br>Acceder и менторска програма за Роми: 424.900€ Швајцарската агенција за развој и соработка и УНДП |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Услугата Активација на невработени Роми и други лица во ризик од социјално исклучување се реализира преку воспоставување на мрежа од Рома ментори и преку програми базирани на меѓународни искуства (Acceder програмата). Во рамките на оваа услуга невработените лица имаа пристап до тим на ментори чија улога беше да ги мотивираат и редовно да ги информираат невработените лица Роми и други лица во ризик од социјално исклучување за можностите за вработување или за зголемување на нивната вработливост како и комуникација со локалниот бизнис сектор во насока на олеснување на пристапот до работна сила од целната група. Дополнително вклучувањето на пазарот на труд на невработените лица беше поддржано и преку АЦЦЕДЕР програма. Моделот се имплементира во 2 пилот општини со значително присуство на Роми, преку воспоставување на пилот центар за поддршка на вработувањето на Роми и други лица изложени на ризик од социјално исклучување во партнерство со две избрани граѓански организации. Во услугата биле вклучени вкупно 3.422 лица од кои 1.721 жена (50%) и 1.031 (30%) млади лица на возраст до 29 години. Во 2021 година биле информирани вкупно 3.971 лице. За сите лица кои биле вклучени во услугата пополнети се Прашалници за профилирање и вреднување на професионалните капацитети на невработеното лице за вклучување во активните мерки. Дел од учесниците - 154 (87 жени и 78 млади лица) се вклучиле во активна мерка за вработување, а дел биле директно вработени во приватниот сектор - 186 (93 жени и 91 младо лице до 29 години). | ~Подобрување на човечките и финансиските ресурси на ЦСР и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија<br>~Разгледување на можноста за промени на ГМП и на целокупниот систем на социјална и детска заштита за работата да биде попривлечна опција во споредба со програмата ГМП<br>~Доследна примена на мерките за откривање и санкции за да се намали можноста корисниците на ГМП да работат во неформалната економија<br>~Обезбедување квалитетни советодавни услуги за да се ублажи обесхрабреноста на корисниците на ГМП за интеграција на пазарот на трудот | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| в/ Поддршка на вработувањето на лицата со попреченост | **АВРСМ,**<br><br>МТСП,<br>УНДП | 2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>Имплементирани се активностите предвидени за 2021; Активноста продолжува и во 2022 година.<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>АВРСМ беше вклучена во системот на услуги за професионална рехабилитација и вклучување на пазар на труд на лицтаа со попреченост. Овие услуги се спроведуваа во рамките на проектот на УНДП, МТСП и АВРСМ – „Креирање можности за работа за сите“ поддржан од Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ). Професионалната рехабилитација како модел се воспостави и спроведува во РЕХА центрите – Центри за професионална рехабилитација и поддршка при вработувањето на лица со попречености, во Скопје и Струмица. Моделот овозможува спроведување на пристап ориентиран кон клиентот, кој во фокусот ги има неговите индивидуални потенцијали. Центрите за вработување беа вклучени во активностите поврзани со услугите и активните мерки за вработување кои ги спроведува АВРСМ, но и во фазите на информирање, реализација на информативни средби со лицата со попречености поврзани со услугите на професионална рехабилитација кои се испорачуваат во рамки на двата пилот - центри.<br><br>Со услугите за професионална рехабилитација и вклучување на пазар на труд на лица со попреченост вкупно беа опфатени 268 лица, од кои 107 жени (40%) и 51 млади лица до 29 години (19%). Притоа, 150 лица (од кои 60 жени и 29 млади лица до 29 години) добиле пристап до работно ориентирана рехабилитација и поддршка при вработување, од кои:<br><br>- 29 лица (6 жени и 11 млади лица) кои аплицирале за учество во мерката Поддршка за самовработување (претприемништво) добиле услуга за функционална проценка, од кои 20 лица основале сопствен бизнис и се самовработиле (5 жени и 9 млади лица до 29 години). Новоосnованите бизниси креирале 8 дополнителни вработувања,<br>- 15 лица (5 жени, 6 млади лица) го комплетирале процесот на професионална рехабилитација,<br>- 14 лица (5 жени, 2 млади лица) се вработиле,<br><br>60 лица (31 жена и 3 млади лица) институционално згрижени добиле услуги на психосоцијална рехабилитација. | **Проблеми**:/<br><br>**Идни чекори**:<br><br>*Продолжува пилотирањето на работноориентираната рехабилитација, со постепен премин кон самоодржливост на услугите. Фокусот ќе биде на работно-ориентирани обуки за лицата со попреченост и поддршка при вработување.<br><br>* Консултации и натамошна разработка на нов концепт за вработување на лицата со попреченост. Подготовка на нов закон за вработување на инвалидни лица, кој ќе го уредува новиот концепт на вработување на инвалидни лица. | **2,748,851**<br><br>**2,531,125.6€**<br>Посебен фонд, АВРСМ (средствата се веќе одразени во 3.1.1.2.а/)<br><br>217,726€<br>Швајцарската агенција за развој и соработка |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Мерката Поддршка за вработување на лица со попреченост се реализира согласно Законот за вработување на инвалидни лица и доделени се средства за вработување на 157 лица со попреченост (74,8% од планираниот опфат од 2.010 лица) од кои 53 лица се жени и 17 лица се Роми (доделени се средства во износ од 76.129.820денари). Склучени се 57 договори за набавка на опрема (доделени се средства во износ од 97.054.301 денари) и склучен е еден договор за адаптација на работно место во износ од 1 000.000 денари) | | |
| г/ Развој на социјалното претприемништво, во функција на отворање работни места и вклучување на најранливите категории на пазарот на труд | **МТСП,**<br><br>МЕ, АВРСМ, МФ, АППРМ, ФИТР, НВО, банки и финансиски институции, бизнис сектор | 2020 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>Имплементирани се активностите предвидени за 2020; Активноста продолжува и во 2021 година.<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>*Подготвена е Национална стратегија за развој на социјалните претпријатија 2021-2027 и истата е усвоена од страна на Владата на Република Северна Македонија. Целта на Стратегијата е развој на одржлив еко-систем кој ќе биде поттикнувачки и овозможувачки за социјалните претпријатија во земјава. Во рамки на документот се предвидуваат мерки и активности кои се однесуваат на креирање на култура на социјално претприемништво, развој на капацитетите на социјалните претпријатија и на актерите во еко-системот, развој на пазари за социјалните претпријатија и градење на финансиски еко-систем за социјалните претпријатија.<br><br>*Се воспостави и во ноември започна да работи првиот Национален центар за поддршка на социјалните претпријатија со осум регионални контакт точки. Центарот организираше национален и регионални саеми за социјалните претпријатија и обезбеди поддршка за социјалните претпријатија.<br><br>*Се обезбеди финансиска поддршка за раст и развој на социјалните претпријатија. Фондот за иновации и технолошки развој го објави првиот повик за доделување грантови за развој на социјални претпријатија  (финансиската рамка на повикот е100.000€ ) . | **Проблеми**: /<br><br>**Идни чекори**:<br><br>*Подготовка на законска рамка за регулирање на работата на социјалните претпријатија<br><br>* Обезбедување финансиска поддршка за раст и развој на социјалните претпријатија. | Средства  од ИПА проект „Поддршка на социјалните претпријатија“ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| д/ Редовно и континуирано мониторирање и оценка на успешноста на активните мерки за вработување и услуги на пазарот на труд, поставување на таргети и следење на нивното исполнување | **АВРСМ,**<br><br>МТСП; социјални партнери; | 2022 | **Статус**: : Целосно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>* Во годишниот Оперативен план е наведено дека мониторингот се спроведува „како секојдневно мониторирање на локално ниво од страна на центрите за вработување и на национално ниво од Агенцијата за вработување“. На месечно, квартално и годишно ниво мониторингот се спроведува од МТСП, национален координатор, директор и Одборот за надзор. Оперативните насоки за спроведување на ОП, подготвени на годишно ниво, дополнително ги специфицираат постапките и документацијата потребна за секоја активна мерка на пазарот на трудот, вклучена во Оперативниот план. Агенцијата за вработување има добро разработен ИТ софтверски систем кој обезбедува солидна основа за собирање и обработка на податоци потребни за мониторинг.<br>* Со техничка поддршка од страна на Советот за регионална соработка (Regional Cooperation Council), а финансирана од Европската Унија, беше спроведена Проценка на влијанието на дел од активните програми и мерки за вработување. Извештајот за спроведената проценка на влијанието на активните програми на пазарот на трудот е од значителна корист во дизајнирањето на активните програми и мерки за вработување.<br>* Во функција на подобрување на информациите за идните движења на пазарот на трудот се направи надградба на моделот ХЕРМАК на Министерството за труд и социјална политика за долготрајно предвидување на пазарот на трудот. | **Проблеми**:/<br>**Идни чекори**<br>*Финализирање на Студијата за влијанието на социјалните бенефиции врз активацијата на ранливите групи на пазарот на трудот<br>* Унапредување на методологијата на Анкетата за потребата од вештини на пазарот на трудот | Средства од ИПА проекти |
| **3.1.1.3. Цел: Поттикнување на интеграцијата на жените на пазарот на труд и ублажување на родовите јазови** | | | | | |
| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Потрошени средства |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Поттикнување на учеството и вработеноста на жените и намалување на родовиот јаз на пазарот на труд | **МТСП,**<br><br>АВРМ, МЕ, МЗШВ, социјални | 2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>*При имплементацијата на програмите и мерките за вработување, како и услугите на пазарот на трудот, се почитува принципот на диверзитет и инклузивност за сите | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**:<br>*Усвојување на Стратегијата за родова еднаквост | **49.400€**<br>Мерки за развој и поддршка на претприемниш |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | партнери, ДИТ, релевантни невладини организации, бизнис сектор | | општествени категории во приватниот сектор согласно принципите на правична и адекватна застапеност на полова основа. Во 2021 од вкупниот број на учесници во активните мерки за вработување 4,979 биле жени.<br><br>*Во рамки на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2021 година, област А – Поддршка и развој на микро, мали и средни претпријатија и занаетчиство беа субвенционирани 27 бизниси преку подмерката 1.2 Финансиска поддршка за женско претприемништво (исплатени 3.063.147 денари).<br><br>*Продолжи спроведувањето на Мерката 115 – Поддршка за активен женски член во земјоделското домаќинство со финансиски грант во висина од 180.000 денари за набавка на опрема. | 2021-2026. Нацрт Стратегијата предвидува специфична цел „Зголемувањето на учеството на жените на пазарот на трудот за целокупната економија и намалување на родовиот јаз во економскиот живот“. Поважни исходи за остварување на оваа цел се: 1) Зголемена активација на жените и намалена родова нееднаквост на пазарот на труд, со посебен фокус на жените од маргинализираните заедници, 2) Намален родов јаз во платите преку соодветни мерки, 3) Намалена секторска и хиерархиска сегрегација на работните места, 4) Подобрен квалитет на работа на жените, 5) Воспоставени мерки за усогласување на професионалниот и приватниот живот, во согласност со Директивата на ЕУ за баланс на професионален и приватен живот, 6) Родово сензитивни мерки за ублажување на последиците од кризни и вонредни состојби врз жените во економијата.<br><br>* Ратификација на Конвенцијата на МОТ број 190 за насилство и вознемирување (C190 - Violence and Harassment Convention, 2019) и измени на Законот за заштита од вознемирување на работно место заради унапредување на мерките за елиминирање на сексуалното вознемирување на работното место. | твото<br><br>243.000€<br><br>Средствата за активни мерки се претставени под 3.1.1.2. а/ |
| б/ Усогласување на приватниот и професионалниот живот | **МТСП,**<br><br>ДИТ, ДЗС, УЈП, Државен пазарен инспекторат, Централен регистар | 2022 | **Статус:** Делумно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>* Во процес на подготовка е нов Закон за работните односи, во кој, меѓу останатото, ќе се направи усогласување на одредени права од националното законодавство со Директивата 92/85/ЕЕС за воведување мерки за поттикнување на подобрување на безбедноста и здравјето при работа на трудниците и работничките кои неодамна родиле или дојат, Директивата за рамнотежа помеѓу работата и приватниот живот за родителите и старателите 2019/1158, како и со Конвенцијата (бр.183) и Препораката за заштита на мајчинството (бр.191) на МОТ.<br><br>Во новиот текст на Законот предвидени се низа нови одредби кои значат промени во насока на усогласување на | Проблеми:<br><br>Идни чекори:<br><br>* Донесување Закон за работните односи со нови решенија со кои ќе се воведе отсуство заради татковство, можност за користење на родителско отсуство и од татковците, платено отсуство од работа за давање нега и право на работа со флексибилна форма заради грижа и нега на дете, во согласност со Директивата за родителско отсуство на ЕУ и меѓународните трудови стандарди.<br><br>* Усвојување на Стратегијата за родова еднаквост 2021-2026 од страна на Собранието на Република | **5.217.470€**<br><br>Буџет РСМ (Капитални инвестиции)<br><br>1.300.000 €<br><br>Буџет на РСМ (Заем на Светска банка): 3,917,470€<br><br>Средствата за |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | професионалниот и приватниот живот на работниците.<br><br>* Беа отворени 11 нови објекти за предучилишно образование со што се креираше капацитет за најмалку 754 деца. Вкупниот број на објекти (згради) на јавните установи во кои се згрижуваат деца од предучилишна возраст е 330, од кои 210 објекти се во градски и 120 објекти во рурални средини. Згрижувањето и воспитувањето на децата од предучилишна возраст се обезбедува во 30 приватни детски градинки со 26 објекти, кои се претежно во урбаните средини и во општините во градот Скопје. И покрај постојаното зголемување на капацитетите, потребите и интересот за згрижување на деца се доста големи бидејќи во моментот на листата на чекање за згрижување деца во поголемите урбани средини има 5.470 деца.<br><br>* Продолжија активностите за развој и лиценцирање на сервиси за грижа на стари и изнемоштени лица и лица со попреченост, како што се услуги за нега и грижа во домот, персонална асистенција, отворање на резиденцијални установи за стари лица, итн. | Северна Македонија која предвидува и имплементација на минимум стандарди за еднаква распределба на одговорностите во домот од Директивата за рамнотежа помеѓу домот и работата.<br><br>*Донесување нов Закон за родова еднаквост со цел воспоставување на ефикасен систем на родова еднаквост.<br><br>*Изградба на нови објекти на установите за ран детски развој и создавање капацитети за опфат на поголем број на деца.<br><br>*Натамошен развој на сервиси за грижа на стари и изнемоштени лица. | сервиси за стари лица се претставени под 3.3.2.1. б/ |

## 3.1.2. СПРАВУВАЊЕ СО НЕФОРМАЛНАТА ВРАБОТЕНОСТ

### 3.1.2.1. Цел: Намалување на неформалната вработеност

| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Потрошени средства |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Унапредување на процесите и механизмите на мерење, следење и детектирање на неформалната економија[ix] | **МТСП**<br><br>МЗШВ, МФ, УЈП, социјални партнери | 2021 | **Статус**: Делумно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>Во овој период продолжи и имплементација на проектот „Подобрување на условите за работа“ кој се спроведува од ноември 2019 година во рамки на ИПА II. Една од главните компоненти на овој проект, се однесува на јакнење на националните капацитети за подобрување на состојбите во земјата во делот на идентификување, мерење и справување со неформалната економија и неформалното вработување. Во тек се активности за воспоставување систем и софтверска алатка за собирање и споделување на податоци поврзани со непријавена работа помеѓу институциите, како и за пресметка | **Проблеми**:/<br>**Идни чекори**: | **86.000€**<br>(ЕУ,проект „Подобрување на условите за работа“) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | на индикатори за големината и карактеристиките на неформалната економија. | | |
| б/ Мерки за стимулирање и поддршка на формализацијата на неформалните економски активности[x] | **МТСП**<br><br>МЗШВ, МФ, УЈП, социјални партнери | 2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Се разработуваат и елементите на моделот за формализација на неформалната работа во дејностите на лични услуги, поправки во домот, туризам и угостителство и за регулирање на привремените и привремените ангажмани и сезонската работа. Се спроведе и истражување (фокус групи и интервјуа) со работодавачите и работниците, што ќе биде основа за доусогласување на предложениот модел. Се настојува овој модел да биде конзистентен/единствен со моделот за формализација на сезонската работа во земјоделскиот сектор, предложен во рамки на проектот за „Подобрување на условите за работа за сезонските работници во земјоделието“, спроведуван од ГИЗ. | **Проблеми**:/<br><br>**Идни чекори**:<br><br>*Финализирање на ваучерски модел во секторот на услуги, туризам и угостителство, како и во земјоделието.<br><br>*Подготовка на законското решение за регулирање на сезонските, привремените и повремените вработувања. | |
| в/ Спроведување промотивни активности за информирање и подигнување на јавната свест за потребата и придобивките од формализацијата на неформалната економија, како и за ризиците и штетните ефекти од неформалната работа | **МТСП**<br><br>ДИТ, УЈП, инспекциски служби, социјални партнери | 2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br><br>Активноста започна во 2021, но се планира да продолжи во 2022<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Во рамки на проектот „Зајакнување на социјалниот дијалог“, спроведуван од Меѓународната организација на трудот и финансиран од ЕУ се спроведе кампањата „Формализирај ја работата“, под мотото „За да имаш добар персонал, грижи се добро за персоналот“. Се одржа завршен настан, а имаше и поголем број објави на социјалните медиуми. | **Проблеми**: /<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Спроведување на промотивни активности | |
| г/ Зајакнување на капацитетите и на ефективноста на инспекциските служби во справувањето со непријавена работа, вклучително и подобрување на усогласеноста со стандардите на Европската унија и практичното | **МТСП**<br><br>ДИТ, инспекциски служби, УЈП социјални партнери, МОТ | 2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>Имплементирани се активностите предвидени за 2021; Активноста продолжува и во 2022 година.<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>*Државниот инспекторат за труд (ДИТ) изврши вкупно 28.860 надзори (16.212 од областа на работните односи и 12.648 од областа на БЗР), при што беа утврдени недостатоци и неправилности за што се донесоа вкупно 5.928 решенија (3.092 од областа на работните односи и 2.836 од областа на БЗР). Заради повреда на законите врз кои се врши надзорот | **Проблеми**:/<br><br>**Идни чекори**:<br><br>*Во 2022 година планирано е да се вработат 26 нови инспектори (11 од работни односи, 13 од безбедност и здравје при работа и двајца интегрирани инспектори), согласно Планот за доекипирање на инспекциските служби (меѓу кои е и Државниот инспекторат за труд) за периодот 2021-2022 година, усвоен од страна на Владата на Република Северна Македонија. | **2.030.000€** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| спроведување на прописите во делот на работните односи и безбедноста и здравјето при работа | | | кај работодавачите издадени се вкупно 835 платни налози (517 од областа работните односи и 318 од областа на БЗР), 72 прекршочни постапки (57 од областа на работните односи и 15 од областа на БЗР) и 19 кривични постапки (4 од областа на работните односи и 15 од областа на БЗР).<br><br>Од областа на БЗР, од вкупниот број на вонредни инспекциски надзори, 1.529 надзори се извршени за: потешки повреди при работа (1.508), колективни повреди при работа (2) и повреди со смртни последици (19).<br><br>Од вкупниот број на извршени надзори 1.648 од област на безбедност и здравје при работа, 3.897 се вонредни инспекциски надзори кои се однесуваат на почитувањето на заклучоците, препораките, уредбите, протоколите и одлуките на Владата на Република Северна Македонија за пандемијата на ковид-19.<br><br>*Во делот на човечки ресурси кој се однесува на инспекцискиот дел на инспекторатот, бројот на инспекторите на почетокот на 2021 година изнесуваше 114 инспектори, а на крајот на годината изнесува 129 инспектори, и тоа 85 од областа на работните односи и 44 од областа на безбедност и здравје при работа. 23 немаат лиценца за инспектор и се ставени во програма за менторство.<br><br>*Во извештајниот период се спроведоа низа активности за зајакнување на капацитетите на Државниот инспекторат за труд преку реализирање на низа генерички и специјализирани обуки.Темите кои се опфатени со обуките се однесувааат на зајакнување на капацитетите на инспекторите во насока на постојано следење и запознавање со измените во законската регулатива од областа на работните односи и безбедност и здравје при работа.<br><br>*Државниот инспекторат за труд во соработка со Меѓународната организација на трудот со средства од Европската Унија ја реализираа кампањата „Мој труд, мои права“, како дел од Комуникациската стратегија на Економско-социјалниот совет. Кампањата ги таргетираше младите кои сè уште се во процес на образование, вработените лица од сите професии, лицата што се во потрага по вработување, како и работодавачите. Главна алатка на кампањата за вработените, барателите на работа и работодавачите е веб-страницата www.mojtrudmoiprava.mk во која се содржани сите информации за правата и обврските што произлегуваат од работниот однос. | *Во 2022 година буџетот на Државниот инспекторат за труд е 141,1 милиони денари. Истиот е зголемен за 11 милиони денари во споредба со буџетот за 2021 година.<br><br>*Продолжуваат активностите во рамки на процесот на унапредување на законската рамка за безбедност и здравје при работа. | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Во декември 2021, Владата на Република Северна Македонија ја усвои новата Стратегија за безбедност и здравје при работа 2021-2025 и Акцискиот план за БЗР за периодот 2021-2023. | | |

## 3.1.3. УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТАТА И УСЛУГИТЕ НА ЈАВНАТА СЛУЖБА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

### 3.1.3.1. Цел: Понатамошно подобрување на капацитетите на АВРСМ

| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Потрошени средства |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Подобрување на физичките капацитети и условите за работа во службата за вработување | **АВРСМ** | 2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>Во 2021 година беа реновирани вкупно 2 центри за вработување и тоа Куманово и Тетово. | **Проблеми**:<br>**Идни чекори**:<br>Во 2022 година предвидено е Агенцијата за вработување да модернизира четири центри за вработување во трите плански региони (Полошки, Североисточен и Југозападен). | **617.090€** |
| в/ Унапредување на човечките ресурси во јавната служба за вработување преку зголемување на бројот на вработени и обезбедување на нивен континуиран развој | **АВРСМ** | 2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>Агенцијата за вработување се состои од една централна канцеларија, триесет центри за вработување и дваесет и пет диспензирани канцеларии.<br>Во текот на 2021 година се реализирани вкупно 136 вработувања од кои :<br>- 4 вработувања на неопределено време, и<br>- 132 вработувања на определено време.<br>Во текот на 2021 година беа организирани неколку обуки за разни теми и тоа: | **Проблеми**:<br>Земајќи го предвид обемот на надлежностите на Агенцијата за вработување и услугите што ги обезбедуваат, секогаш се потенцира потребата од дополнителни човечки ресурси, но секое вработување е ограничено со законски прописи, односно со добивање финансиска согласност од Министерството за финансии.<br>Високиот процент на вработени на определено време на долг рок има негативно влијание врз квалитетот на услугите на Агенцијата.<br>**Идни чекори**:<br>Вкупниот број предвидени работни места со | **4.467.564€** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | ➢ Обуки за градење на капацитети за советници за работодавачи и посредување при вработување (47 вклучени од сите центри за вработување). Обуките се одвиваа преку сесии со практична примена на знаењата и имплементација на стекнатите вештини.<br>➢ Обука за тренери за практична обука за работа со работодавачи (12 лица од дел од центрите за вработување).<br>➢ Интерна обука за центрите за вработување “Посредување при вработување и користење на функциите на електронскиот систем на АВРСМ“. Со оваа обука беа опфатени вработените од 30 центри за вработување поделени во 5 групи (46 учесници од сите центри за вработување и 1 учесник од Централната служба на АВРСМ).<br>➢ Теоретски и практични обуки за вработените од центрите за вработување (53 учесници од центрите за вработување) „Дизајнирање и спроведување на програма за зелени и дигитални работни места преку градење на капацитетите на Агенцијата за вработување” (поддржана од УНДП во соработка со АВРСМ).<br>➢ Обуки за вработените од дел од центрите за вработување за ментори/коучи за зелени и дигитални работни места (вклучени 15 вработени од дел од центрите за вработување) и обука за обучувачи ( вклучени 16 вработени).<br>➢ Обуки (поддржани од УНДП во соработка со АВРСМ) „Обезбедување на обука и техничка поддршка за кариерно советување за Агенцијата за вработување“ (вклучени 57 вработени од центрите за вработување). Се реализираа теоретски и практични обуки со менторство. | актот за систематизација е 650, од кои 544 се административни јавни службеници, 45 даватели на јавни услуги, 49 помошно технички лица и 12 други вработени.<br><br>Во текот на 2022 година согласно Планот за вработувања на АВРСМ, планирано е да се вработат 29 лица на неопределено време, од кои меѓу другото 19 нови вработувања во центрите за вработување, и 10 вработувања во секторите во Централната служба на АВРСМ. Исто така се предвидени и 3 унапредувања. | |

## 3.1.3.2. Цел: Понатамошно подобрување на услугите и работата на АВРСМ со клиентите (невработените лица и работодавачите)

| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Потрошени средства |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| а/ Унапредување на процесот на профилирање и на изготвување и квалитетот на индивидуалните планови за вработување и нивно поврзување со активните програми и мерки за вработување | **АВРСМ** | 2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>Имплементирани се активностите предвидени за 2021 и истите породолжуваат со спроведување во 2022 година;<br>Помош при барање работа опфаќа профилирање и подготовка на индивидуални планови за вработување за невработените лица, советување за вработување, давање информации за потребите на пазарот на трудот, слободни работни места, и др. - со овие услуга беа опфатени 45.640 лица од кои 23.647 жени и 14.199 млади лица до 29 години.<br>Во рамки на услугата изработени се 19.774 индивидуални планови за вработување-ИПВ-1 (за лица кои се директно вработливи или со умерени потешкотии при вработувањето) и 4.070 индивидуални планови за вработување – ИПВ 2 (за потешко вработливи лица). | **Проблеми**:<br>Поради настанатата ситуација со ковид-19 одредени видови услуги на пазарот на трудот се реализираа со намален обем. За изработка на ИПВ е потребно присуство на невработеното лице во центарот за вработување и подолго советување што беше отежнато во настаните услови. Дел од невработените лица на евиденција веќе претходно имале изработен ИПВ.<br>**Идни чекори**:<br>Континуирано обезбедување на услугите согласно законските прописи. | Види 3.1.3.1.в/ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| б/ Унапредување на соработката со работодавачите | **АВРСМ** | 2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>Имплементирани се активностите предвидени за 2021; Активноста продолжува и во 2022 година.<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Во текот на 2021 година беа доставени вкупно 4.151 барање за посредување при вработување. Во посредувањето беа вклучени вкупно 23.892 лица (жени – 11.347; млади лица до 29 години – 6.049) и беа вработени 2.751 лице (жени - 1875; млади лица до 29 години - 882). Од вкупниот број на доставените барања, само од работодавачите од приватниот сектор, беа доставени 1.655 барања за посредување. Во посредувањето беа вклучени вкупно 18.674 лица (жени – 7.421 ; млади лица до 29 години – 4.773) и беа вработени 734 лица (жени - 344; млади лица до 29 години - 215). Решавањето на дел од овие барања за посредување при вработување продолжи и во 2022 година, со што се зголеми бројот на позитивно решени барања со обезбедени работници според барањата на работодавачите.<br><br>Во 2021 година беа реализирани 5.133 средби со работодавачите. Од нив, 456 средби се остварени преку посети на работодавачите, а 4.677 средби со работодавачите се остварени во центрите за вработување. Исто така, реализирани се групни средби со работодавачи на кои учествуваа вкупно 75 работодавачи. Средбите со работодавачите беа организирани со цел информирање и запознавање на работодавачите со поволностите при вработување на разни целни групи на невработени лица, информации за активните мерки за вработување, можностите за изнаоѓање на соодветни работници според нивните потреби и др. | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Континуирано обезбедување на услугите согласно законските прописи. | Види 3.1.3.1.в/ |
| в/ Унапредување на соработката на Центрите за вработување со Центрите за социјална работа, особено кога станува збор за активација на лица корисници на гарантирана минимална помош и на други парични | **АВРСМ,**<br><br>ЦСР, МТСП | 2020 | **Статус**: Делумно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Воспоставена е соработка помеѓу сите ЦВ и ЦСР, со редовна комуникација и одржување на работни состаноци (воглавно онлајн), посебно за усогласување на процедурите за селекција на лица корисници на гарантирана минимална помош и изготвување на индивидуалните планови за активација, согласно Правилникот за соработка за вклучување на корисникот на ГМП во активните мерки за вработување од мај 2019 год. | **Проблеми:**<br><br>Соработката на центрите за вработување и центрите за социјална работа е отежната поради недоволниот број на човечки капацитети кои се ставени на располагање за извршување на овие активности, односно водители на случај, но и различниот пристап кон корисниците, различни надлежности и географска дистрибуција на двете служби.<br><br>**Идни чекори:** | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| надоместоци и бенефиции, лица под ризик од социјална исклученост, меѓу кои Роми, лица со попреченост | | | Воспоставена е електронска размена на податоци и изработка на Индивидуалните планови за активација помеѓу Центрите за вработување и Центрите за социјална работа. Заклучно со 31.12.2021 беа изготвени 2.118 индивидуални планови за активација. | Продолжување со воспоставената комуникација и унапредување на постоечките процедури на соработка помеѓу центрите, како и надградба на нивните капацитети преку спроведување на обуки.<br><br>Подобрување на соработката помеѓу стручните лица во центрите за социјална работа и центрите за вработување заради изготвување на индивидуални планови за корисниците на ГМП и нивно вклучување на пазарот на трудот. | |

## 3.1.4. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ ВО РСМ НА ТРИПАРТИТНО И БИПАРТИТНО НИВО, НА НАЦИОНАЛНО И НА ЛОКАЛНО НИВО, УНАПРЕДУВАЊЕ НА КОЛЕКТИВНОТО ДОГОВАРАЊЕ

### 3.1.4.1. Цел: Јакнење на капацитетите на социјалните партнери и механизмите на социјалниот дијалог

| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Потрошени средства |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Спроведување стратешки и маркетинг планови на организации на работодавачи и синдикати | **Социјални партнери,**<br><br>МОТ, МТСП | 2021 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Проектот „Зајакнување на социјалниот дијалог“ обезбеди поддршка на спроведувањето на комуникациските стратегии за Сојузот на синдикати на Македонија (ССМ), Конфедерацијата на слободни синдикати на Република Македонија (КСС), Унија на независни и автономни синдикати (УНАСМ) и Конфедерација на синдикални организации на Македонија (КСОМ) (пр. активности и објави на социјалните медиуми, рекламирање на услугите, спроведување кампања за работничките права, итн.). | **Проблеми**:/<br><br>**Идни чекори**:<br><br>/ | **35.000€** |
| б/ Зајакнување на постојните и развивање модернизирани услуги кои ќе ги обезбедуваат социјалните партнери (организациите на работодавачи и синдикатите) | **МТСП,**<br><br>Социјални партнери, МОТ | 2021 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Се спроведоа проекти со кои се воведоа девет нови услуги на синдикатите и здруженијата на работодавачи. Проектите беа финансирани во рамки на проектот „Зајакнување на социјалниот дијалог“,<br><br>Фокусот на проектите на синдикатите беше на обезбедување правна помош на работници и обуки и дигитализација на | **Проблеми**:/<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Планирање на поддршка на синдикатите и здруженијата на работодавачи, преку подобрување на видливоста, и преку прилагодување на новата реалност со воведување на нови услуги да ги задржат | **135.000€** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | услугите.<br><br>Здруженијата на работодавачи создадоа платформа за е-учење и се развија модули за обука. Се разви и се примени алатка за анкета за плата.<br><br>Се развија материјали за правното катче и платформата за ресурси, три програми за обука за управување со човечки ресурси и вештини за иднина на работа; дигитална деловна трансформација и пристап до финансии за развој на претпријатија.<br><br>Новите услуги и зголемената видловост доведоа до пораст на членството на социјалните партнери:<br>*ССМ забележа пораст на членството за 9%,<br>*ОРМ има четири нови членки кои вработуваат 1.800 работници,<br>*Во КСС е регистриран еден грански синдикат<br>*Во БКМ има 20 нови членки кои вработуваат 600 работници. | постојните и да привлечат нови членови. | |
| в/ Зголемување на учеството на Економско-социјалниот совет во обликувањето на економоско-социјалните политики, преку зголемување на капацитетите на ЕСС да обезбедува квалитетни мислења | **Социјални партнери**<br><br>МТСП, МОТ | 2021 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Во периодот од март 2021 до февруари 2022 година, Економско-социјалниот совет (ЕСС) непречено функционираше, одржувајќи вкупно 10 седници, на кои се разгледуваа поголем број на прописи и документи од економско-социјалната сфера[2]. На повеќето седници во фокусот беа предложување и усвојување на политики и конкретни мерки за надминување на последиците и | **Проблеми**:/<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Иако е направен значителен напредок во насока на задолжување на останатите министерства и државни органи за доставување на материјали до ЕСС, сепак како предизвик за ЕСС се уште останува неговата видливост во однос на останатите државни органи и | **75.000€** |

[2] Разгледување на Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услугите на пазарот на труд за 2021 година; Разгледување на Информација за долгорочно предвидување на пазарот на труд; Разгледување на Програмата за економски реформи 2021-2023; Разгледување и усвојување на Годишна програма за работа на ЕСС за 2021 година; Мислење за висината на минимална плата; усвојување на Годишниот извештај за работењето на Економско – социјалниот совет во 2020 година; Информација за имплементација на Работниот план за преглед на занимања 2018-2021; Усвојување на предлог за Ратификација на Конвенција 190 на Меѓународната организација на трудот – МОТ; Разгледување на Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за трговија; Разгледување на Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи (во делот на неделниот одмор и утврдувањето на неделата како ден за одмор); Разгледување на документ за перформанс мониторинг на Економско-социјални совети од држави на Западен Балкан, во рамки на регионалниот проект Платформа за вработување и социјални прашања 2 (ЕСАП 2); Разгледување на анализи подготвени во рамки на Проектот „Зајакнување на социјалниот дијалог“ (Предлог политики за претприемничка култура, Пречки во пристапот до финансиски средства за микро, мали и средни претпријатија, Претрпиемнички еко-систем во РСМ - Проценка на пазарот); Анализа „Премостување на возрасниот јаз - развој на иницијативи на социјалните партнери за управување со предизвиците поврзани со возраста“; Разгледување на Стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија (2021-2027) со Акциски план 2021-2023; Разгледување на Извештај за ревидираниот Акциски план за формализирање на неформалната економија 2018-2020; Разгледување на Акциски план за формализирање на неформалната економија 2021-2022; Разгледување на Национална стратегија за вработување 2021-2027 со Акцискиот план за вработување 2021-2023 година и Разгледување на Стратегија за безбедност и здравје при работа 2021-2025 со Акциски план за БЗР 2021-23.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| до Владата и спроведување кампањи во координација со ЛЕСС-те | | | негативните ефекти од здравствено-економската криза предизвикана од пандемијата на ковид-19.[3]<br>Бројот на средби на ЕСС во изминатиот период е во постојан пораст, од седум седници во 2019 година, осум во 2020 година, десет седници во 2021 година. Содветно на тоа, направените анализи покажаа и зголемена видливост на ЕСС во државата. | институции. | |
| г/ Зајакнување на социјалниот дијалог на локално ниво, преку иницирање на спроведување локални партнерства за вработување во процес овозможен од Локалните економско-социјални совети | **Социјални партнери,**<br><br>Општини, МОТ, МТСП | 2021 | **Статус**: Целосно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>На локално ниво, локалните економско-социјални совети во 12 општини одобрија територијални дијагностики на пазарот на труд, како основа за планирање на локалните политики, кои што потоа резултираа и со два локални планови за вработување.<br>Локалниот економско-социјален совет Битола беше вклучен во реализацијата и следењето на првото локално партнерство за вработување Битола Стартап центар, во рамките на кое се спроведоа мерките за вработување – подобрување на вештините на младите и поддршка на стартапи.<br>Локалниот економско-социјален совет Струга беше вклучен во подготовката на пилот-мерката за намалување на непријавената работа во секторот хотели, ресторани и угостителство во општините Струга и Охрид. Пилот-проектот ќе го реализира ХОТАМ, колективна членка на Организацијата на работодавачи на Македонија. | **Проблеми**:/<br>**Идни чекори**: | **130.000€** |
| д/ Поддршка, ефикасно функционирање и натамошно подобрување на воспоставениот механизам за мирно решавање на работни спорови | **МТСП,**<br><br>социјални партнери, МОТ | 2022 | **Статус**: Не е имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>Нема промена во правната и институционалната рамка. | **Проблеми**:<br>**Идни чекори**:<br>Разгледување на потребата од ревидирање на постојната правна рамка за мирно решавање на работни спорови. | |

[3] Дискусија за Петтиот пакет на мерки за справување со економското влијание на здравствената криза предизвикана од СарсКов-2

# ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ И ВЕШТИНИ

## 3.2.1. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТНО ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ И ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ

### 3.2.1.1. Цел: Намалување на осипувањето кај учениците и бројот на лица кои рано го напуштаат образованието

| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Потрошени средства |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Поттикнување на инклузијата на децата од маргинализираните групи, пред сè во основното и средното образование | **МОН** | 2019-2020 | **Статус**: Целосно имплементирана<br>Континуирано се имплементира<br>**Остварен напредок:**<br>Целосно се имплементираат одредбите од Законот за основното образование во насока на инкузија на децата од маргинализираните групи.<br>Во текот на јануари, за време на зимскот распуст, училиштата ги користеа новодонесените инструменти за проверка на знаењата на децата кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница, во насока на нивно вклучување во наставата во второто полугодие. Во наставата започнаа да се применуваат прилагодените наставни програми, за деца кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница.<br>Завршена е постапката по јавниот повик за ангажирање на 35 ромски образовни медијатори за поддршка на основното образование на Роми за учебната 2021/2022 година.<br>Доделени се 917 стипендии за средношколци Роми. | **Проблеми**:<br>**Идни чекори**:<br>Проширување  на работните обврски на образовните медијатори со цел опфат и на учениците Роми во средно образование и ангажирање на педагошки помошници за ученици Роми во општина Шуто Оризари, Гази Баба, Карпош, Ѓорче Петров, Чаир | **360.520€** |
| б/ Континуирано обезбедување на бесплатни учебници за учениците од основните и средните училишта | **МОН** | 2019-2020 | **Статус**: Целосно имплементирана<br>Континуирано се имплементира<br>**Остварен напредок:**<br>Во учебната 2021/2022 обезбедени се бесплатни учебници за сите ученици во основните и средните училишта.<br>Изработени се нови наставни материјали за прво и четврто одделение. Наставните материјали за четврто одделение за | **Проблеми**:/<br>**Идни чекори:**<br>Изработка и донесување на нов Закон за учебници за основно и средно образование. Изработка и одобрување на нови учебници за прво, второ, четврто и петто одделение согласно новите наставни програми. | **5.588.952€**<br>4,125,057€<br>(216.775.000 денари за учебници за основно образование и |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | прв пат се изработени во дигитален формат и поставени на специјализирана веб платформа. За учениците од социјално-ранливите категории од страна на МОН набавени се 10.000 таблет компјутери.<br><br>Новите наставни материјали за прво и четврто одделение за прв пат се изработени на браево писмо за учениците со оштетен вид. | | 36.916.010 денари за учебници за средно образование)<br><br>414.945€ за дигитализација на наставните материјали за 4-то одделение<br><br>1.048.950€ за набавка на таблет компјутери |
| в/ Обезбедување на бесплатно сместување на учениците во ученичките домови од градовите каде нема средни училишта (гимназиски и стручни училишта) | **МОН** | 2019-2020 | **Статус**: Целосно имплементирана<br>Континуирано се имплементира<br>**Остварен напредок:**<br>Во учебната 2021/2022 година, обезбедено е бесплатно сместување на учениците во ученичките домови од градовите каде нема средни училишта (гимназиски и стручни училишта.<br><br>Од страна на МОН објавен е Конкурс за сместување во законски утврдениот рок и постапката е целосно завршена пред почетокот на учебната година.<br><br>Во насока на подобрување на условите за сместување набавена е нова опрема за кујни за ученичките домови и истата е доставена до сите домови. | **Проблеми: /**<br>**Идни чекори:**<br>Обезбедување на бесплатно сместување на учениците во ученичките домови и во учебната 2022/2023 година. Подобрување на условите за сместување во ученичките домови. | **1.397.903€** |
| г/ Засилено следење и евидентирање на учениците кои нередовно ја посетуваат наставата во училиштето и навремено преземање на соодветни (превентивни) мерки | **МОН** | 2019-2020 | **Статус**: Целосно имплементирана<br>Континуирано се имплементира<br>**Остварен напредок:**<br>Следењето е регулирано со Законите за основното и средно образование и тековно се реализира во училиштата во учебната 2021/2022 година. За непосетување на настава се посетува семејството и доколку нема успех се известува Државниот просветен инспекторат. | **Проблеми**:/<br>**Идни чекори**:<br>Ревизија на програмата за ученици и Програми за советување на родители/старатели со поддршка на УНИЦЕФ. | Нема фискални импликации |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Дополнително, со Законот за основно образование е уредено дека во случај на утврдена причина за напуштање на воспитно образовниот процес кај ученикот, посебно во случај кога ученикот стапил во вонбрачна заедница, училиштето е должно да го извести надлежниот центар за социјални работи, Државниот просветен инспекторат и лицето одговорно за образование во општината во рок од три дена од денот на пријавувањето на промената од страна на родителот односно старателот за негово постапување согласно со закон.<br><br>Со законите е уреден и систем на советување на ученици и родители/старатели во случаи на нередовно следење на наставата (кога ученикот има направено повеќе од десет неоправдани изостаноци), за што се донесени и Програми за советување на ученици и Програми за советување на родители/старатели | | |
| д/ Зајакната работа со родителите на учениците | **МОН** | 2019-2020 | **Статус**: Целосно имплементирана<br>Континуирано се имплементира<br>**Остварен напредок:**<br>Програмите за советување на родители/старатели на ученици од основното и средното образование кои на предлог на Педагошката служба, ги утврдува министерот овозможува да се постигнат целите на советувањето на родителите/старателите: (1) запознавање на родителите/старателите на учениците кои нередовно ја посетуваат наставата, го намалуваат успехот во учењето и/или манифестираат одредена форма на несоодветно однесување со природата и значењето на проблемот што се јавил кај нивните деца; и (2) едуцирање на родителите/старателите за начините на кои може да се подобрат вештините на воспитување на децата и да се унапредат односите во семејството за да можат нивните деца поуспешно да се справуваат со разни видови училишни тешкотии и животни предизвици. Согласно Законите за основно односно средното образование задолжен за спроведување на оваа програма е психологот односно педагогот во училиштето. | **Проблеми**:/<br>**Идни чекори:**<br>Ревизија на програмата за на ученици и Програми за советување на родители/старатели со поддршка на УНИЦЕФ. | Нема фискални импликации |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ѓ/ Подобрување на интеграцијата и интеракцијата помеѓу ученици кои следат настава на различен јазик | **МОН** | 2019-2020 | **Статус**: Целосно имплементирана<br>Континуирано се имплементира<br>**Остварен напредок:**<br>Во рамки на секое училиште функционира тим за училишна интеграција кој планира и организира активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалог/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција. Согласно Законот за основното образование во рамки на Годишната програма на училиштата се планираат и активности за меѓуетничка интеграција и заеднички ученички иницијативи.<br>Во учебната 2021/2022 доделени се 70 гранта за основни училишта и 25 гранта за средни училишта за реализација на активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција и толеранција во основните и средните училишта, согласно Законите за основното, односно средното образование и во 2021 година.<br>Со Решение на министерката бр.12-11647/2 од 6.8.2021 г. донесени се за првпат **Стандарди за интеркултурно образование во основно образование.** Интеркултурните стандарди се поврзани со Националните стандарди, издвоени се клучните интеркултурни компетенции што потоа се развиени за секој образовен циклус во основното образование (крај на трето, шесто и деветто одделение).<br>На 20.9.2021 од страна на БРО и ЦСОО донесено е **Упатство за организирање заеднички наставни часови (со ученици кои следат настава на различни наставни јазици).** | **Проблеми**:/<br>**Идни чекори**:<br>Усвојување на Стандарди за интеркултурно образование во средното образование | **44.750€** |
| е/ Поттикнување и поддршка на образованието на ученици - Роми | **МОН**<br>МТСП, НВО, РИЦ, | 2019-2020 | **Статус**: Целосно имплементирана<br>Континуирано се имплементира<br>**Остварен напредок:**<br>И во 2021 година МОН распиша конкурс за доделување на стипендии на ученици Роми, кои се поделени во четири категории: стипендија за ученици кои имаат среден успех од 4.50 до 5.00, стипендија за ученици кои имаат среден успех од 3.50 до 4.49, стипендија за ученици кои имаат среден успех од 3.00 до 4.49 и мотивирачка стипендија за ученици Роми кои имаат среден успех од 2.00 до 2.99.<br>Зголемен е бројот на стипендии за средношколци Роми од 800 во 2019 годин на 900 во 2020 година и 917 во 2021 | **Проблеми**: /<br>**Идни чекори**:<br>Проширување на работните обврски на образовните медијатори со цел опфат и на учениците Роми во средно образование и ангажирање на педагошки помошници за ученици Роми во општина Шуто Оризари, Гази Баба, Карпош, Ѓорче Петров, Чаир. | **360.520€** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | година.<br>Осипот на ученици корисници на стипендии е помал од 1%.<br>Од буџетот на МОН ангажирани се 35 образовни медијатори во 26 општини за учебната 2021/2022 година, за основните училишта.<br>Во рамки на Проектот ,,*Редовно на часови: акција за вклучување на Ромите во основното образование"* финансиран од ЕУ ангажирани се 59 асистенти за поддршка на ученици Роми. Доделни е грантови на 28 училишта, а за учебната 2021/22 година вкупниот број на стипендисти изнесува 596. Во рамки на проектот доделени се грантови во висина од 2.500 евра на вкупно 47 основни училишта за спроведување проекти кои ќе ја поттикнат интеракцијата и размената на знаење помеѓу учениците и ќе обезбедат интеграција на учениците Роми, ќе придонесат за воспоставување позитивна клима во училиштето и трансформација на училишниот простор во инклузивна и стимулативна средина за учење каде секое дете ќе има можност да ги развие своите потенцијали. | | |

**3.2.1.2. Цел: Унапредување на опфатот и условите за пристап до сите нивоа на образование на лицата (деца/ученици/студенти) со попреченост**

| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Потрошени средства |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Обезбедување услови за зголемена вклученост на децата со посебни потреби во предучилишното образование | МТСП, МОН, локална самоуправа, | 2019-2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br>Континуирано се имплементира<br>**Остварен напредок:**<br>*Во насока на обезбедување на поддршка за децата со попреченост, за зголемување на нивната мобилност и поддршка за запишување во редовниот образовен систем усвоен е Закон за изменување на Законот за социјалната заштита[xi], со кој се овозможи услугата лична асистенција да ја користат и деца со навршени шест години живот.<br>*Исто така, донесен е Закон за изменување на Законот за социјалната заштита[xii] со кој се овозможи примена на нов модел за проценка на потребите за лица со попреченост преку функционалната проценка на деца и млади до 26 годишна возраст, како и одредување на мерки за | **Проблеми**:<br>**Идни чекори**: | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка и наод и мислење за видот и степенот на попреченост даваат стручните тела кои вршат функционална проценка.<br><br>*Во соработка со УНИЦЕФ во 10 градинки се пилотира програма за инклузија во рамки на која направена е програма за алтернативна аугментативна комуникација, обезбедени се таблети и изработен е софтвер за поддршка на децата кои имаат потешкотии со говорот. | | |
| б/ Унапредување на вклученоста на учениците со попреченост во редовното основно образование | **МОН,**<br><br>БРО, МТСП, МЗ | 2019-2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>Континуирано се имплементира<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Формирани се инклузивни тимови во сите училишта.<br><br>Донесено е Решение за реонизација за соработка на општинските основни училишта со основните училишта со ресурсен центар и/или центрите за поддршка бр.12-1861/1 од 2.2.2021.<br><br>Звршени се постапките на  сите државни основни училишта за ученици со посебни воспитно-образовни потреби со што истите се трансформирани во основни училишта со ресурсен центар, а постојните посебни паралелки при основните училишта, се трансформираа во центри за поддршка на учењето на учениците со попреченост (одобрени се систематизациите на сите училишта и измените на статутите).<br><br>Во соработка со Канцеларијата на УНИЦЕФ реализрани се обуки на кадарот во ресурсните центри, односно тренинг за тренери за образовни асистенти, кои понатаму ја спроведоа обуката на образовните асистенти и на наставниците во чии паралелки беа вклучени овие ученици. Обучени се 36 мастер тренери и 500 образовни асистенти кои се ангажирани за учебната 2021/2022 година. Дополнително беа спроведени и обуки за инклузивните тимови во училиштата кои ги спроведуваа партнерски организации од граѓанскиот сектор со финансиска поддршка од ЕУ.<br><br>Обезбдени се согласности за ангажирање на 500 образовни асистенти за работа со ученици со попречености во основните училишта, за учебната 2021/2022 година и спроведена е постапка за нивно ангажирање преку | **Проблеми**:/<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Понатамошна поддршка на основните училишта со ресурсни центри и зајакнување на нивните капацитети. Континуирана поддршка и обука на инклузивните тимови во училиштата. | **1.757.463€** (Буџет на РСМ)<br><br>Доделен е и договор во висина од 1.290.000€, кој ќе се реализира во 2022-2023 (ИПА средства за реконструкција на 15 образовни објекти) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | училиштата со ресурсни центри.<br><br>Обезбедени се согласности и завршени се постапките за вработување на 49 нови специјални едукатори и рехабилитатори во основните редовни училишта и училиштата со ресурсни центри во насока на поддршка на учениците со попреченост и на наставниот кадар.<br><br>Основните училишта со ресурсни центри добија 2,5 милиони денари за набавка на опрема и дидактички средства во функција на поддршка на инклузивното образование.<br><br>МОН спроведе неколку постапки согласно Законот за јавните набавки за реконструкција на училишта во насока на подобрување на условите и пристапноста за учениците со попреченост.<br><br>Министерството за образование и наука за првпат испечати учебници со Брајово писмо за учениците со оштетен вид (за учениците од прво и четврто одделение). Со помош на овие материјали за учење се обезбедува еднаков пристап во наставата за секој ученик. Материјалите,  се печатеа на специјален печатач во ДУРДМОВ „Димитар Влахов“ во Скопје.<br><br>Донесен е Правилник за начинот на оценување на учениците со попреченост[xiii] бр. 18-2447/1 од 9 февруари 2021.<br><br>Донесен е Правилник за начинот на побарување на образовен/личен асистент, начинот на селекција и избор на образовен/личен асистент бр.08-2786/2 од 15.2.2021.<br><br>Продолжија активностите во рамки на двете програми за инклузивност финансирани од ЕУ: реконструкција во насока на обезбедување на пристапност на 15 образовни објекти (од кои шест основни училишта) и  програмата „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“, за инклузија на деца со попреченост во редовното основно образование.<br><br>Во рамки на програмата за реконструкција на 15 образовни објекти во 2021 заврши, се спроведе постапка по меѓународниот тендер со отворена постапка за изведба на градежни работи. Дополнително додадени сè уште пет образовни објекти кои ќе се финансираат од МОН – буџетско кофинансирање, во 2022 година и за кои во тек е изработка на проекти за адаптација за пристапност. | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| в/ Зголемување на опфатот и вклученоста на учениците со попреченост во средното образование | **МОН,**<br><br>МТСП, БРО, општини, средни училишта | 2020-2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>Продолжија активностите на Работната група која работи на нов Закон за средно образование, кој меѓу другото ќе има и одредби за зголемување на опфатот и вклученоста на учениците со попреченост во средното образование (по примерот на Законот за основно образование).<br>Во учебната 2021/2022 година, 312 ученици со попреченост се вклучени во т.н. редовни средни училишта, додека во посебните средни училишта за ученици со попреченост вклучени се вкупно 232 ученици. За учениците вклучени во т.н редовни средни училишта, формирани се инклузивни тимови кои изготвуваат индивидуални наставни планови.<br>Министерството за образование и наука за учебната 2021/2022 година додели 137 стипендии за ученици со попреченост, кои учат во средно образование. Износот на стипендијата е зголемен на 3.500 денари месечно (од 2.750 денари месечно).<br>Продолжија активностите во рамки на програмата за инклузивност финансирана од ЕУ: реконструкција во насока на обезбедување на пристапност на 15 образовни објекти (од кои четири средни училишта). Во 2021 се спроведе постапката на јавна набавка по објавениот меѓународен тендер за изведба на градежни работи. | **Проблеми**:<br>Постои потреба од системско/законско уредување на инклузијата на учениците со попреченост во редовното средно образование, како и спроведување на обуки за наставниот кадар.<br>**Идни чекори**:<br>Донесување нов Закон за средно образование и отворање ресурсни центри | **70.170€** (буџетски средства за стипендии) и<br><br>ИПА средства за реконструкција на 15 образовни објекти се прикажани под 3.2.1.2.б/ |
| г/ Подобрување на пристапноста и достапноста во високото образование за студентите со попреченост | **МОН,**<br><br>универзитети | 2020-2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>Во 2021 година се спроведоа подготвителни активностите за реконструкција и изведба на градежни работи на четири високо-образовни објекти (УКИМ:Факултет за архитектура и Градежен факултет, Правен факултет, Економски факултет и Филозофски и Филолошки факултет) во насока на обезбедување пристап и функционалност за лицата со посебни потреби. Завршени се тендерските постапки, а активностите на терен започнаа во 2022 година. | **Проблеми**:<br>**Идни чекори:**<br>*Донесување на Уредбата за правото на лицата со попреченост и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање (*на предлог на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачката дејност е донесена на 23-та седница на Владата одржана на 8.3.2022.*[xiv])<br>*Примена на новодонесаната Уредба за правото на лицата со попреченост и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање.<br>*Комплетирање на реконструкцијата на | ИПА средства за реконструкција на 15 образовни објекти се прикажани под 3.2.1.2.б/ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | четирите високо-образовни установи за обезбедување на пристапност и достапност на студентите со попреченост. | |
| д/ Подобрување на можностите и проширување на опсегот на програмите за учење на возрасните лица со попреченост | **ЦОВ,**<br><br>даватели на неформално образование | 2020-2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>Во текот на 2021 г. поднесено е едно барање за верификација на програма за учење на возрасни лица со попреченост и истата е верифицирана (Дигитален маркетер). | **Проблеми**:<br>Слаб интерес кај давателите на услуги за неформално образование за верификација на програми за возрасни лица со попреченост.<br>**Идни чекори**:<br>Верификација на поголем број на програми за неформално образование за возрасни лица со попреченост и целосно оспособување на сите функционалности на регионалните центри за стручно образование и обука. | / |
| **3.2.1.3. Цел: Подобрување на содржините и квалитетот во образованието и јакнење на капацитетите на човечките ресурси (капацитетите на училиштата и наставниот кадар)** | | | | | |
| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Потрошени средства |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Подобрување на средината за учење, вклучително и содржините, методите и техниките на учење во насока на обезбедување на индивидуален пристап кон учениците | **МОН,**<br><br>БРО, НАЕОПМ, општини, училишта, универзитети, | 2019-2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br>Имплементацијата е во тек (етапно се имплементира секоја нова учебна година)<br>**Остварен напредок:**<br>Со Решение на Министерката бр.08-3980/1 од 3.3.2021, донесена е нова Концепција за основно обраозвание, чија имплементација започна етапно (за учениците во прво и четврто одделение) од учебната 2021/2022 г.<br>Параелно со Концепцијата донесени се и Националните стандарди за учениците во основното образование со Решение на министерката бр.08-4176/2 од 5.3.2021 г.<br>Врз основа на националните стандарди изработени се нови наставни програми за прво, четврто одделение (во примена од септември 2021) и за второ и петто одделение (во примена од септември 2022 г.)<br>Новите наставни програми се базирани на компетенции коишто учениците почнуваат да ги стекнуваат од прво одделение, а продолжуваат да ги развиваат во наредните | **Проблеми**:<br>**Идни чекори**:<br>Сукцесивна имплементација на Концепцијата за основно образование со сите одделенија, изработка на нови наставни програми согласно националните стандарди базирани на компетенции.<br>Донесување нов Закон за средно образование и нова Концепција за средно образование. | **699.378€**<br><br>505.200 €<br>(Буџет на МОН и БРО за нови наставни програми и дигитализација на материјали за учење)<br><br>194.178 €<br>(Унициф за обуки за наставници и материјали за учење) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | одделенија, пред сé компетенциите кои произлегуваат од подрачјето со кое наставниот предмет има директна врска, но и трансверзалните компетенции преку кои се остварува и интеграцијата и се овозможува целосен развој на учениците.<br><br>Издадени се согласности за ново финансирање на наставен кадар за прво одделение за намалување на учениците во паралелка од 20 до максимум 30 ученици, со што од учебната 2021/2022 година исполнета е законската обврска за учениците од прво, второ и трето одделение (сукцесивно воведување).<br><br>Согласно Законот за основно образование, обезбеден е т.н тандем наставник по физичко образование за прво, второ и трето одделение од основно образование, односно покрај одделенскиот наставник, наставата по физичко образование ја изведува и предметен наставник по физичко образование.<br><br>Согласно Законот за основно образование во сите основни училишта формирани се училишни парламенти. | | |
| б/ Подобрување на условите за работа/учење во образованието | **МОН** | 2020-2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br><br>**К**онтинуирано се имплементира<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Во текот на 2021 година завршена е изградба/доградба на четири нови училишта и реконструкцијата на 22 училишта.<br><br>Во фаза на изградба/доградба се седум нови училишта/објекти, а започната и во тек е реконструкција на 42 училишта.<br><br>Завршени се со изградба 7 училишни спортски сали, а во фаза на изградба се уште шест нови училишни спортски сали.<br><br>Во 2021, МОН објави Јавен повик за доставување на апликации (барања) за финансирање на проекти за реконструкција на училишни објекти на основни и средни училишта во надлежност на Општините и на Градот Скопје со средства од Буџетот на МОН. Како еден од критериумите за избор на училиште е реконструкцијата да опфати и обезбедување на пристапност за учениците со попреченост.<br><br>За зголемување на инклузивноста во образованието, МОН | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**: | **12.037.193€** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | работи на две програми со Делегацијата на ЕУ. Со првата, 15 образовни објекти, започнаа да се реконструирааат и ќе добијат пристапни рампи и пристапност до просториите.<br><br>Во 2021 спроведени се неколку набавки за подобрување на условите за учење во основните училишта:<br>• По спроведена анализа на потребите, спроведена е набавка на мебел за опремување на кабинетите по природни науки за 264 училишта.<br>• По спроведена анализа на потребите, спроведена е набавка на опрема и нагледни средства за кабинетите по природни науки за 358 училишта.<br>• Спроведена е набавка на 10.000 таблет компјутери.<br>• Спроведена е набавка на 97 смарт табли со ЛЦД проектор. | | |
| в/ Јакнење на капацитетите на човечките ресурси во образованието | **МОН,**<br><br>БРО, ДИЦ, Педагошки факултет, училишта, факултети | 2019-2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br>Имплементацијата е во тек<br>**Остварен напредок:**<br>За прв пат е спроведен повик за наставниците во основните училишта за доставување на барања за напредување во звање наставник-ментор. Во јуни донесено е Решението за избор на ментори наставници и истото е доставено до избраните наставници и директорите на наставниците. На првиот јавен оглас, во звање ментор се унапредени 141 наставник од основните училишта.<br><br>На 26.5.2021 објавен е повторен повик за пријавување на наставници од основни училишта за унапредување во звање „ментор“.<br><br>Донесена е Програмата за обуки за стручно усовршување на наставниците во основните и средните училишта за 2021 година и Програмата за обуки за стручно усовршување на стручните соработници во основните и средните училишта за 2021 година. Со програмите се пропишани подрачјата, пот-подрачјата и темите за обуките.<br><br>Секоја година, МОН распишува конкурс за доделување стипендии на редовни студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Северна Македонија, меѓу кои и 30 стипендии за студенти кои се запишани во прва година на студиски програми на | **Проблеми**:/<br>**Идни чекори**:<br>Акредитација на програми за обука на наставници и стручни соработници и изработка на каталог на обуки.<br><br>Спроведување на постапка за унапредување во звање за стручни соработници во основното образование и за наставници и стручни соработници во средното обраозвание. | **212.618€**<br><br>130.081€<br>(буџет на БРО)<br><br>82.537€<br>(буџет на МОН за кариерен развој) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | високообразовни установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование.<br><br>На 66-та седница одржана на 20.4.2021, Владата го усвои Законот за изменување и дополнување на Законот за Бирото за равој на образованието (БРО), со кој се уредува дека БРО подготвува Каталог на акредитирани програми и понудувачи за обука за стручно усовршување на наставници и стручни соработници и го следи спроведувањето на акредитираните програми за обуки и на акредитираните установи, институции и други правни лица, во однос на квалитетот на спроведувањето на програмите за обука. Во Законот е уредена и постапката за акредитација на понудувачи и програми и критериумите кои треба да се исполнат за да бидат акредитирани. Наставниците и стручните соработници избираат обуки од Каталогот преку основното, односно средното училиште во кое се вработени, во согласност со нивниот план за професионален развој.<br><br>Владата на 65-та седница одржана на 13.4.2021 година го утврди текстот на Законот за наставниците и стручните соработниците во основните и средните училишта и истиот е доставен во собраниска процедура на усвојување. За да се надминат состојбите со вработувањата на определено време секоја учебна година, како и состојбите со трансформациите на работниот однос од определено на неопределено работно време на наставниците и стручните соработници, се пристапи кон изменување и дополнување на Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта во насока на создавање на нивна правна и економска сигурност преку засновање на работен однос на неопределено време. | | |

## 3.2.2. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА НАЦИОНАЛНАТА РАМКА ЗА КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ - ОСНОВА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ ВО СИСТЕМОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

### 3.2.2.1. Цел: Воспоставување на оддржлив систем на НРК и јакнење на човечките ресурси за негова примена

| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Потрошени средства |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Јакнење на улогата на Националниот | **МОН** | 2020 | **Статус**: Целосно имплементирана | **Проблеми**: / | **27.870€** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Одбор на Македонската рамка на квалификации | | | Континуирано се имплементира<br>**Остварен напредок:**<br>Во 2021 г. континуирано/редовно работеше и одржуваше седници Националниот одбор на Македонската рамка на квалификации за што беа обезбедени финансиски средства за работа во Буџетот на МОН | **Идни чекори**:<br>Континуирано/редовно работење на Одборот за НРК | |
| б/ Формирање на Секторски комисии за квалификации | **МОН,**<br>МЕ, МТСП, социјални партнери | 2020 | **Статус**: Делумно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>Во 2021 формирана е Секторска комисија за сообраќај, транспорт и складирање<br>Формираните секторски комисии редовно одржуваа состаноци, на кои беа разгледувани предлог квалификации и иницијативи за стандард за занимање | **Проблеми**:<br>**Идни чекори**:<br>Формирање на преостанатите секторски комисии. | **55.057€** |
| в/ Усвојување и имплементација на Упатства и процедури за осигурување на квалитет согласно препораките на Европската рамка на квалификации (ЕРК) | **МОН,**<br>БРО, ЦСОО, ЦОВ, Национален одбор за МРК, Секторски комисии и други | 2020-2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br>Имплементацијата е во тек<br>**Остварен напредок:**<br>Усвоени се процедури и упатства за осигурување на квалитет, истите се објавени на веб страницата mrk.mk<br>Во 2021 започна со имплементација твининг проект ,,Понатамошна поддршка за имплементирање на НРК” (избран е конзорциум за имплементација со институции од Литванија, Словенија и Франција)<br>Се очекува Твининг Проектот да ја потпомогне функционалноста на НРК преку:<br>• понатамошно развивање и имплементација на процеси/процедури за осигурување на квалитет<br>• транспарентност и управување со вештините и квалификациите во рамки на доживотното учење во општото образование и стручното образование и обука и високото образование,<br>• подобрување на квалитетот и подобра приспособливост на образованието и обуките согласно барањата на пазарот на трудот,<br>• поврзување на формалното, неформалното и искуственото учење, како и | **Проблеми**:/<br>**Идни чекори**: Имплементација на твининг проект ,,Понатамошна поддршка за имплементирање на НРК” | **750.000 €**<br>(Твининг проект, Вкупната вредност на проектот е 1.500.000 €) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • поддршка на процесот на валидација на резултатите од учење стекнати преку неформално или искуствено учење. | | |
| г/ Надградба на систем за управување со информации за НРК (Регистар на квалификации) | **МОН,**<br><br>МЕ, МТСП, социјални партнери | 2020-2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br>Имплементацијата е во тек<br>**Остварен напредок:**<br>Надградбата на Регистарот на квалификации ќе се спроведува со поддршка од ЕУ (ИПА). Во 2021, завршена е тендерската постапка и избрана е фирма изведувач за надградба на Регистарот на квалификации и набавка на опрема (сервери и лаптопи за системот на НРК). Целосната реализиција на договорот ќе биде во текот на 2022 г. | **Проблеми**: /<br>**Идни чекори**:<br>Надградба на Регистарот на квалификации со поддршка на ИПА проектот | **272.383 €** |
| д/ Подигање на свеста на заинтересираните страни и корисници за улогата и реформското значење на НРК преку јавни настани и кампањи | **МОН** | 2019-2020 | **Статус**: Делумно имплементирана<br>Имплементацијата е во тек<br>**Остварен напредок:**<br>Во рамки на твининг проект ,,Понатамошна поддршка за имплементирање на НРК" предвидена е компонента за подобрување на видливоста и подигнување на свеста за НРК | **Проблеми**:/<br>**Идни чекори**:<br>Имплементација на твининг проект ,,Понатамошна поддршка за имплементирање на НРК" | Средствата се прикажани под 3.2.2.1 в/ |

### 3.2.3. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ВРАБОТЛИВОСТА НА РАБОТНАТА СИЛА И ГРАДЕЊЕ НА ФЛЕКСИБИЛНИ ПАТИШТА ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ

#### 3.2.3.1. Цел: Развој, модернизација и зголемување на атрактивноста на СОО

| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Потрошени средства |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Обезбедување на поголема усогласеност на СОО со потребите на пазарот на труд | **МОН**,<br><br>БРО, ЦСОО, МТСП, работодавачи/претпријатија, други релевантни институции, социјални партнери | 2019-2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br>Континуирано се имплементира<br>**Остварен напредок:**<br>Реформирано е четиригодишно стручно образование. Изработени се и формално донесени нови модуларно дизајнирани наставни програми, за сите нови квалификации/ образовни профили во средно стручно обрзование кои се базирани на резултати од учење, изразени со EQVET кредити и поени за општо-образовните и стручните предмети од прва до четврта година, кои започнаа да се имплементираат од учебната 2019-2020 година (прва година). Во учебната 2021/2022 започнаа да се применуваат новите наставни програми во средните стручни училишта во третата година. Наставните програми за четврта година сукцесивно ќе се воведат во следната  учебна година. Наставните програми се изработени во соработка со бизнис заедницата и ги отсликуваат потребите на пазарот на труд.<br>Изработени и донесени се наставните програми за четврта година за дуално стручно образование и наставните програми за новите паралелки и струки.<br>Под слоганот „Учи паметно, работи стручно“ беа организирани низа средби со компаниите за отворање на барани профили во стручните училишта. Имено, преку социјален дијалог со компаниите и бизнис заедницата на локално ниво, МОН заедно со општините работеше на утврдување кои профили ќе бидат отворени во средните стручни училишта во учебната 2021/2022 година.<br>Конкурсот за упис на ученици за учебната 2021/2022 година целосно е усогласен согласно потребите на пазарот на трудот.<br>Во дуалното образование во учебната 2021/2022 година се запишани 1.384 ученици во 44 училишта во соработка со 220 компании. Оваа учебна година бројот на дуални паралелки во државата од 11 е зголемен на 97.<br>Изготвен е предлог текст на нов Закон за стручно образование и обука, кој е доставен за консултација со | **Проблеми**:<br>**Идни чекори**:<br>Воведување на новите наставни програми за четврта година во стручните училишта од септември 2022 г. | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | пошироката јавност. | | |
| б/ Воспоставување современ и ефективен систем за постсредно образование | **МОН** | 2019-2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>На барање на работодавачите/коморите изработени се стандард на занимања, стандард на квалификација и наставни и испитни програми за две квалификации за постсредно образование | **Проблеми**:/<br>**Идни чекори**:<br>Донесување на новиот предлог Закон за стручно образование и обука, во кој е уреден системот за постсредно образование | Нема фискални импликации |
| в/ Мерки за подобрување на атрактивноста, условите за учење и квалитетот на СОО | **МОН,**<br><br>БРО, ЦСОО, општини, училишта за СОО | 2019-2020 | **Статус**: Целосно имплементирана<br>Континуирано се имплементира<br>**Остварен напредок:**<br>Министерството за образование и наука врз основа на донесена одлука од 58-та седница на Владата одржана на 26.3.2021., ги зголеми стипендиите за учениците од средните стручни училишта и износот на стипендијата, со што дополнително се стимулираат учениците кои своето образование го продолжуваат во едно од стручните средни училишта во земјава. За учебната 2021/2022 г. доделени се вкупно 2.268 стипендии.<br>Во текот на месец април спроведена е набавка на опрема за средните стручни училишта од сектор шумарство (набавка на машини за обработка на дрво). | **Проблеми**:/<br>**Идни чекори**:<br>*Континуирано промовирање и подобрување на стручните училишта<br>*Организирање советодавни средби со локалната заедница и бизнис секторот, во насока на усогласување на уписната политика во средните стручни училишта согласно потребите на пазарот на трудот, за учебната 2022/2023 година | **1.161.659€** |
| г/ Имплементација на Концептот за учење преку работа | **МОН,**<br><br>ЦСОО, училишта за СОО, работодавачи, комори | 2020 | **Статус**: Делумно имплементирана<br>Имплементацијата е во тек<br>**Остварен напредок:**<br>Министерството за образование и наука спроведе анализа во која учествуваа 450 компании од цела држава, од кои дури 85% искажаа подготвеност да соработуваат со средните стручни училишта и да примаат ученици на практична настава.<br>Во февруари 2021, објавен е првиот Повик наменет за средните стручни училишта и компаниите во рамки на ,,Регионалниот фонд за предизвици" за земјите од Западен Балкан. Средствата од фондот ќе можат да се употребат за реализација на проекти поврзани со набавка на опрема, | **Проблеми**:<br>**Идни чекори**:<br>Донесување на новиот предлог Закон за стручно образование и наука, во кој се вградени одредби од Концептот за учење преку работа и донесување на нова формула за начинот на финансирање на стручното образование (земајќи го предвид учењето преку работа) | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | обуки на ментори и се друго што е потребно за квалитетно реализирање на образовни програми во стручните училишта. Финансиската поддршка ќе овозможи повеќе компании да се вклучат во практичната обука и дуалното образование.<br><br>На 6.5.2021 спроведена е обука на директорите на средните стручни училишта на која беа запознаени со искуството и добрите практики во училиштата во кои концептот за дулано образование веќе е воведен и дава добри резултати. За време на обуката се разговараше и за усогласувањето на наставните планови и програми по кои ќе се реализира наставата, а согласно кои е предвидено значително зголемување на бројот на часови за практична обука директно на работно место кај партнерските компании на училиштата.<br><br>Во периодот од 16 до 18 септември во Охрид се реализираше обука за обучувачи на лица ментори, кои треба да го забрзаат процесот на сертификација на ментори од компаниите. Обуката се спроведе преку проектот „Образование за вработување во Северна Македонија“, а ја реализираа искусни обучувачи - претставници од комориte, од трите Регионални центри за стручно образование и обука и советници од Центарот за стручно образование и обука, според изработена Програма за обука на обучувачи на ментори. | | |
| д/ Воспоставување Регионални Центри за стручно образование и обука | **МОН,**<br><br>ЦСОО, ЦОВ, работодавачи | 2019-2022 | **Статус**: Целосно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br><br>Од 1.1.2021 г. започнаа со работа трите регионални центри за стручно образование и обука во Тетово, Куманово и Охрид.<br><br>Во текот на годината спроведени се постапки и започната е реконструкција на регионалните центри во Куманово и Охрид, а постапката за реконструкција на регионалниот центар во Тетово е во тек. Со експертска поддршка од ИПА ќе се изработи детална спецификација за набавка на нова опрема за потребите на регионалните центри.<br><br>Продолжија активностите за анализа на потребите за обука на наставниот и стручниот кадар во регионалните центри, во рамки на проектот ,,Образование за вработување”.<br><br>На 28.9.2021 започна имплементацијата на нов проект | **Проблеми**:/<br><br>**Идни чекори**:<br><br>*Комплетирање на реконструкцијата на трите регионални центри и зајакнување на нивните капацитети.<br><br>*Разгледување на можности за воспоставување нови регионални центри во останатите плански региони. | **19.527€** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | финансиран со ИПА средства, за поддршка на реформите во средното стручно образование, со кој ќе се опфатат нови регионални центри во останатите плански региони. | | |
| **3.2.3.2. Цел: Развој и унапредување на неформалното образование и образованието за возрасни** | | | | | |
| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Потрошени средства |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Зголемување на свеста за значењето, можностите и вклученоста во неформалното образование (НО) и образованието за возрасни (ОВ) и зголемување на знаењата, вештините и компетенциите на возрасните | **МОН**<br><br>ЦОВ, МТСП, даватели на обуки | 2020 | **Статус**: Делумно имплементирана<br>Имплементацијата е во тек<br>**Остварен напредок:**<br>Во октомври беа организирани денови на доживотно учење. Конференцијата имаше за цел афирмирање на концептот за доживотно учење во општеството. | **Проблеми**:/<br>**Идни чекори**:<br>Донесување на новиот Закон за образование на возрасни и сите подзаконски акти. | / |
| б/ Подобрување на ефикасноста, содржината и квалитетот на неформалното образование и образованието на возрасни и зголемување на бројот на даватели на НО и ОВ | **ЦОВ,**<br><br>МОН, МТСП, даватели на неформално образование | 2019-2022 | **Статус**: Делумно имплементирана<br>Континуирано се спроведува<br>**Остварен напредок:**<br>Активностите континуирано се спроведуваа, а комисии за верификација на програми и установи и институции за образование на возрасните се формираа врз основа на пристигнати барања.<br>Новиот предлог Закон за образование на возрасни е во собраниска процедура на усвојување. | **Проблеми**:/<br>**Идни чекори**:<br>Донесување на новиот Закон за образование на возрасни и сите подзаконски акти. | **240.000€** |

# СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

## 3.3.1. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА И ЕФЕКТИВНОСТА НА СИСТЕМОТ ЗА СОЦИЈАЛНА ПОМОШ

### 3.3.1.1. Цел: Подобрување на обемот, опфатот и таргетирањето на системот на социјалната помош

| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Потрошени средства |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Унапредување на адекватноста и зголемување на опфатот на корисници во системот на социјална заштита | **МТСП**<br><br>ЦСР | 2022 | **Статус:** Целосно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>Во 2021 година немаше измени на Законот за социјална заштита во делот на социјалните надоместоци. Според податоците на Министерството за труд и социјална политика, бројот на домаќинства кои добиваат гарантирана минимална помош (ГМП) на крајот на 2021 година изнесува 37,109 споредено со 25.095 домаќинства кои примале ГМП во 2019 година, кога беше воведен реформираниот систем на социјална и детска заштита. Во 2020 година, бројот на домаќинства кои примаат ГМП се зголеми за 8.235 нови корисници, додека во 2021 година, 3.779 нови домаќинства влегоа во системот, што резултираше со вкупно зголемување од 48% на корисниците на ГМП за период од две години.<br>Зголемувањето на опфатот се објаснува со фактот што поголем број домаќинства беа погодени од кризата предизвикана од пандемијата и енергетската криза, но и со олеснетите услови за остварување на правото на ГМП кои продолжија да важат и во 2021 година. | **Проблеми: /**<br>**Идни чекори:**<br>* Следење на примената на Законот за социјална заштита и обезбедување стручна помош на центрите за социјална работа во имплементација на истиот.<br>* Во 2023 и 2024 ќе се развива и тестира нов софтвер што ги интегрира надоместоците и услугите од областа на социјалната заштита. Во однос на реализација на предвидената активност во 2022 се спроведува постапка на јавна набавка за развој на новиот систем за администрирање на социјалните права и услуги. | **107.753.000€** |
| б/ Обезбедување социјална сигурност за лица над 65 години во ризик од сиромаштија | **МТСП**<br><br>ЦСР | 2022 | **Статус:** Целосно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>Се применува Законот за социјална сигурност за старите лица. Во декември 2021, 10.292 постари лица над 65 годишна возраст, кои не можат да обезбедат средства за егзистенција по други основи го користеле правото на | **Проблеми**:/<br>**Идни чекори**:<br>Ќе се разгледаат можностите за проширување на опфатот на лица-корисници на државна социјална пензија. | Средствата се претставени во 3.3.1.1. а/ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | социјална сигурност, споредено со 7.294 корисници на ова право во февруари 2020 (зголемување на опфатот за 41%). | | |
| в/ Унапредување на адекватноста и зголемување на опфатот на деца во системот на заштита на децата | МТСП<br><br>ЦСР | 2022 | **Статус:** Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Со Законот за заштита на децата**,** се обезбедуваат парични права за децата, кои се во насока на искоренување на детската сиромаштија и обезбедување еднакви можности за сите деца. Во извештајниот период правото на детски додаток го користеле во просек 48.800 деца, додека правото на додатокот за образование го користеле 28.815 ученици и студенти. Со обезбедените парични средства за исплата на додаток за образование им се помага на родителите во подмирувањето на училишните трошоци со цел редовно следење на наставата и превенирање во раното напуштање на училиште.<br><br>Во 2021 за 26% бил зголемен бројот на деца корисници на детски додаток и за 206% бројот на корисници на образовен додаток во споредба со 2019 (кога е воведена реформата). | **Проблеми: /**<br><br>**Идни чекори:**<br><br>Следење на примената на Законот за заштита на децата и обезбедување стручна помош на центрите за социјална работа во имплементација на истиот. | **65.542.000** |
| г/ Подобрување на соработката помеѓу институциите задолжени за спроведување мерки за активација на пазарот на труд и за обезбедување социјална заштита | **АВРСМ**<br><br>ЦСР, МТСП, ГО, даватели на услуги | 2022 | **Статус:** Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>*Соработката помеѓу службите за вработување и социјална заштита се зајакнува и продлабочува, со цел да се поддржат и активираат корисниците на ГМП што можат да се вработуваат. Се изврши прилагодувањето на софтверското решение на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и центрите за социјална работа, со што се овозможи размената на податоци во реално време и заедничко изготвување на индивидуален план за најлесно вработливиот член на домаќинството.<br><br>Соработката помеѓу двете служби резултираше со изработени 3.300 индивидуални планови за активирање на корисници на ГМП (од кои 2.118 изготвени по воспоставување на електронската размена на податоци), додека 1.075 корисници беа вклучени во активни мерки за вработување од воведувањето на гарантираната минимална помош.<br><br>*Се спроведува оценка на влијанието на гарантираната минимална помош врз активација на корисниците на | **Проблеми**:<br><br>*Слабата активација е резултат на институционални предизвици, понатаму фактори својствени на самиот систем за социјална заштита, можности за дополнителна заработка од неформална работа, обесхрабрување и семејна динамика кај корисниците на ГМП.<br><br>**Идни чекори**:<br><br>* Планирање на краткорочни и долгорочни решенија за спроведување на препораките од Студијата за влијанието на социјалните бенефиции врз активацијата на ранливите групи на пазарот на трудот. | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | пазарот на труд, што ќе послужи за натамошно унапредување на процесите и соработката помеѓу двете служби.<br>Информациите за воведување на активацијата согласно Правилникот за начинот на соработка за вклучување на корисникот на гарантирана минимална помош во активните мерки за вработување, како и формата и содржината на образецот на индивидуалниот план се дадени во рамки на активноста 3.1.1.2.б/. | | |

## 3.3.2. ПОДОБРУВАЊЕ НА ДОСТАПНОСТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ

| 3.3.2.1. Цел: Развој и унапредување на социјалните услуги и можностите за вклучување различни субјекти во нивно квалитетно и ефикасно обезбедување | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Потрошени средства |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Креирање поволна правна рамка за обезбедување социјални услуги од различни даватели | **МТСП** | 2022 | **Статус:** Целосно имплементирана<br>Реализирани се активностите предвидени за 2021.<br>**Остварен напредок:**<br>*Законот за социјална заштита и подзаконските акти создаваат рамка за развој на социјалните услуги кои ќе се обезбедуваат во домот на корисникот, во заедницата и вон семејството, како и иновативни и интервентни социјални услуги. Во однос на обезбедувањето на социјалните услуги се овозможува вклучување на локалната самоуправа, како и на здруженијата, физички лица и приватниот сектор во | **Проблеми**:/<br>**Идни чекори**:<br>*Унапредување на правната рамка за обезбедување социјални услуги за разни даватели<br>*Унапредување на системот на следење и квалитет на социјалните услуги (повеќегодишен процес)<br>*Развој на интегриран софтвер на социјалните | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | обезбедувањето и испораката на услугите во заедницата. Во оваа насока постои систем на лиценцирање на даватели на социјални услуги.<br><br>* Во 2021 година, во насока на обезбедување на поддршка за децата со попреченост, за зголемување на нивната мобилност и поддршка за запишување во редовниот образовен систем усвоен е Закон за изменување на Законот за социјалната заштита („Службен весник на РСМ“ бр.163/21) со кој се овозможи услугата лична асистенција да ја користат и деца со навршени шест години живот.<br><br>Исто така, донесен е Закон за изменување на Законот за социјалната заштита („Службен весник на РСМ“ бр.294/21) со кој се овозможи примена на нов модел за проценка на потребите за лица со попреченост преку функционалната проценка на деца и млади до 26 годишна возраст, како и одредување на мерки за дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка и наод и мислење за видот и степенот на попреченост даваат стручните тела кои вршат функционална проценка.<br>* За преземените чекори за развој на системот на следење на социјалните услуги што е важно за постојано унапредување на социјалните услуги и гарантирање на квалитет на услугите е известено во делот 3.3.3.1 б/ | надоместоци и социјалните услуги. | |
| б/ Обезбедување финансиска и техничка поддршка за развој на социјални услуги | **МТСП** | 2022 | **Статус:** Целосно имплементирана<br>Реализирани се активностите предвидени за 2021.<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Во насока на развојот на социјалните услуги, значителен прогрес е забележан во лиценцирањето на нови даватели на социјални услуги, што е клучно за подобрување на пристапот до квалитетни услуги од страна на корисниците.<br><br>Во 2021 беа лиценцирани 42 нови даватели на социјални услуги и со тоа во моментов, согласно Законот за социјална заштита постојат 62 лиценцирани даватели на социјални услуги, кои имаат капацитет да обезбедуваат услуги за над 2,700 корисници. Околу 80% од лиценцираните провајдери се формирани и/или ги обезбедуваат услугите со средства од државата.<br>Склучени се 7 управни договори со здруженија и приватни даватели на социјални услуги за давање на социјални услуги (лична асистенција, живеење со поддршка, третман и рехабилитација на лица кои имаат | **Проблеми**:<br><br>Еден од предизвиците во развојот на социјалните услуги е поголемото вклучување на локалните самоуправи и регионалните структури во планирањето и испораката на социјалните услуги. Затоа на крајот на март 2022 година започнаа интензивни консултации со секторите за социјалната заштита во сите 8 плански региони во државата, на кои ќе се дискутира за потребата и видот на услугите за секој регион поединечно, врз основа на структурата на населението и нивните потреби. Овие консултации се неопходни и за да се испланира и буџетот за развој на услугите.<br><br>**Идни чекори**:<br><br>*Во 2022 година, продолжува финансиска | **4.495.570€**<br><br>2.888.718€ по договор, од нив исплатени:<br><br>395.570€ заем на Светска банка) Буџет на РСМ 4.136.000€ (програма 46) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | проблем со зависности и услугата за стручна помош и поддршка).<br><br>Најголем дел од новите услуги се услуги во домот, претежно за стари лица и резиденцијални домови за стари лица, но исто така и персонална асистенција за лица со попреченост, центар за активно стареење за стари лица, центар за дневен престој на деца со попреченост, а се развиваат и услуги на советување за деца без родители и родителска грижа и услуги на стручна помош и поддршка на згрижувачките семејства. Три станбени единици беа лиценцирани за обезбедување на услугата поддржано живеење на 15 лица од Специјалниот завод Демир Капија.<br><br>* 18 општини беа поддржани за воспоставување на нови социјални услуги (финансирани во рамки на Проектот за подобрување на социјалните услуги, кој Министерството за труд и социјална политика го спроведува со заем од Светска Банка), додека 12 општини подготвија планови за социјална заштита. Изработени се насоки за планирање на социјалните услуги на регионално ниво и за функционирање на советите за социјална заштита. | поддршка на новите сервиси, обезбедени од страна на Буџетот на Министерството за труд и социјална политика.<br><br>*Бројот на лиценцирани даватели на услуги се очекува да се зголеми, со опфат на даватели на лиценцирани услуги од сите категории, а со тоа и зголемување на опфатот на корисници кои ќе имаат пристап до потребните услуги во својата заедница. Во наредниот период ќе се објави нов јавен повик за воспоставување на дополнителни услуги во 10 општини на територијата на Република Северна Македонија. | |

## 3.3.3. ПОДДРШКА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДЕИНСТИТУЦИОНАЛИЗАЦИЈАТА

| 3.3.3.1. Цел: Зајакнување на процесот на деинституционализација | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Потрошени средства |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Комплетирање на трансформацијата на резиденцијалните социјални институции во даватели на современи социјални услуги | **МТСП**<br><br>шесте резиденцијални социјални установи | 2022 | **Статус:** Делумно имплементирана<br>Активноста продолжува да се спроведува и во 2022<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>*Продолжи трансформацијата на социјалните резиденцијални институции: Во јули 2021 година отпочнаа со работа првите два јавни центри за поддршка на згрижувачките семејства во Скопје и во Битола (во поранешните резиденцијални социјални институции за сместување деца). Во третото тримесечие отпочна со работа и првиот приватен центар за поддршка на згрижувачките семејства во Скопје, раководен од граѓанска организација и соодветно лиценциран за давање на оваа | **Проблеми**:<br><br>*Иако беше донесен подзаконскиот акт потребен за воспоставување на услугата одмена на семејната грижа (respite care) и беа во тек подготовките за отворање на првиот центар за оваа услуга при Специјалниот завод Демир Капија, отворањето е одложено за првата половина од 2022 година.<br><br>**Идни чекори**:<br><br>*Отворање на првиот центар за оваа услуга при Специјалниот завод Демир Капија | Средства од ИПА |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | социјална услуга. Трите центри за поддршка на згрижувачките семејства ќе ја обезбедат оваа услуга за 327 згрижувачки семејства во кои се згрижени вкупно 559 корисници. Реализирани се обуки за стручните работници вработени во овие центри за примена на стандардите и процедурите за работа со згрижувачките семејства и корисниците. Овие напори имаат за цел да го унапредат згрижувањето во семејна средина на деца кои имаат потреба од сместување вон сопственото семејство.<br><br>*Во интензивна соработка со Делегацијата на Европската Унија и надворешни консултанти се подготвуваше идејниот проект за темелна реконструкција на Заводот за рехабилитација на деца и млади Скопје, што предвидува институцијата да прерасне во современ центар за рана идентификација и интервенција, дневни центри, професионална рехабилитација и центар за одмена на семејната грижа.<br><br>*Продолжи преселбата на корисниците од Специјалниот завод Демир Капија, иако со намалено темпо во споредба со годините пред пандемијата со ковид-19: До крајот на 2021 година беа преселени вкупно 20 корисници во четири нови станбени единици за живеење со поддршка (во Демир Капија и во Неготино). Воспоставувањето на новите единици беше направено со финансиска поддршка од Европската Унија. | *Изработка на проектна документација за темелна реконструкција на Заводот за рехабилитација на деца и млади Скопје, што предвидува институцијата да прерасне во современ центар за рана идентификација и интервенција, дневни центри, професионална рехабилитација и центар за одмена на семејната грижа. Корисниците моментално сместени во заводот (30) ќе бидат преселени во станбени единици за живеење со поддршка. Започнувањето на реконструкцијата е предвидено за 2023 година, со финансирање од Европската Унија и ко-финансирање од националниот буџет.<br><br>*Натамошна преселба на корисници од Специјалниот завид Демир Капија (15 поранешни корисници од заводот беа преселени во три станбени единици во Демир Капија и во Велес до моментот на подготовка на извештајот).<br><br>*Усвојување на новиот тригодишен Акциски план за периодот 2022-2024 за спроведувањето на Националната стратегија за деинституционализација 2018-2027. | |
| б/ Развој на нови социјални услуги согласно новиот Закон за социјалната заштита | **МТСП** | 2022 | **Статус:** Целосно имплементирана<br>Реализирани се активностите предвидени за 2021. Активноста продолжува да се спроведува и во 2022<br>**Остварен напредок:**<br><br>* За преземените чекори за развој на нови социјални услуги е известено во делот 3.3.2.1 б/.<br><br>*Заводот за социјални дејности со помош на ИПА проектот „Поддршка на модернизација и деинституционализација на социјални услуги”, реализираше осум обуки на специфични теми, на кои учествуваа 254 стручни работници (195 жени). Во рамки на овие обуки беа зајакнати капацитетите на стручните работници за процесот на мониторинг и евалуација на социјалните услуги, изработка на индивидуални планови за социјални услуги, развој на социјални услуги за стари лица и долгорочна грижа, професионална рехабилитација и вработување на лица со | **Проблеми**:<br><br>*Постои нерамномерна географска распределба на социјалните услуги.<br><br>*Неповолни услови за работа на негувателите ангажирани за давање на услугата што се одразува на квалитетот на услугата и атрактивноста на професијата.<br><br>**Идни чекори**:<br><br>*Обуки за јакнење на капацитетите на сегашните и потенцијалните даватели на социјални услуги, вклучувајќи ги општините. Планот за обуки вклучува спроведување онлајн обуки. | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | попреченост и воспоставување иновативни услуги во заедницата.<br><br>* Развиени се модели на извештаи со индикатори за следење на услугите од страна на лиценцираните провајдери на социјални услуги, што ќе бидат предмет на тестирање во 2022 година. | *Нов повик за техничка и финансиска поддршка на општините за воспоставување и лиценцирање социјални услуги.<br><br>*Тестирање на систем за известување и мониторинг на квалитетот на социјалните услуги.<br><br>*Поддршка на дополнителен број општини да развијат планови за социјална заштита. | |
| в/ Отпочнување на деинституционализацијата на институциите за лица со нарушено ментално здравје | **МТСП, МЗ**<br><br>ЦСР, ЕЛС, НВО | 2022 | **Статус:** Не е имплементирана<br><br>**Остварен напредок:** | **Проблеми**:/<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Ова е втора фаза во процесот на деинституционализацијата: согласно Националната стратегија за деинституционализација 2018-2027, институциите за лица со нарушено ментално здравје треба да го отпочнат процесот по 2023 година. | |

### 3.3.4. УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ИНКЛУЗИЈА НА РОМИТЕ

**3.3.4.1. Цел: Понатамошно унапредување на условите и квалитетот на живот, пристапот до услуги и социјалната инклузија на Ромите во Република Македонија**

| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Потрошени средства |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Подобрување на можностите за вработување и намалување на невработеноста на ромската заедница и зголемување на вклученоста на Ромите во различните активни програми и мерки за вработување | **МТСП,**<br><br>МОН, АВРСМ, ЦСР, локална самоуправа, РИЦ,, НВО, КЗД, меѓународни организации | 2022 | **Статус:** Целосно имплементирана<br><br>Целосно се имплементирани активностите предвидени за 2021 во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот; Активноста продолжува да се спроведува и во 2022 година.<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>*АВРСМ ги реализираше активностите за подобрување на можностите за вработување и вработливоста на невработените лица Роми, преку нивно вклучување во активните програми и мерки за вработување и услугите од Оперативниот план за активни програми и мерки за | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**:<br><br>* Активностите на АВРСМ за зголемување на можностите за вработувањето на Ромите продолжуваат и со реализација на ОП за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2022 година.<br><br>* Продолжува активацијата на невработени Роми и други лица во ризик од социјално исклучување согласно моделот Acceder и менторска програма за Роми. | Средствата се претставени под 3.1.1.2. а/ и б/ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година. Вклучено е 589 лице во повеќе активни мерки за вработување од следните програми: Поддршка за самовработување, Поддршка за креирање нови работни места, Обуки, Практикантство и Програма за работно ангажирање. Невработените лица добиваа индивидуална поддршка преку услугите за вработување кои имаа за цел да ги информираат, советуваат, мотивираат, да стекнат вештини за да се зајакне нивната вработливост и успешно вклучување на пазарот на трудот и вработување. Вклучени се 3.250 лица во услугите: Помош при барање работа, Активација на невработени Роми и други лица во ризик од социјално исклучување (спроведена од УНДП во соработка со центрите за вработување, види под 3.1.1.2. б/), Професионална ориентација и кариерно советување, Посредување при вработување и др. Реализирани се голем број на активности за информирање на невработените лица (преку директни средби и со повикување од центрите за вработување, информирање преку услугите, преку печатени и електронски медиуми, и др.) во работењето со невработените лица. Невработените Роми беа вклучени и во Гаранцијата за млади 971 Роми од кои 492 жени.<br><br>*Владата на Република Северна Македонија усвои Национална програма за трансформација на непријавената работа помеѓу Ромите во Република Северна Македонија (Промоција на декларирана работа кај Ромите 2021-2023).<br><br>* Со поддршка од Советот на Европа, беше подготвен и Национален акциски план за жените Ромки во Република Северна Македонија за периодот 2022-2024 година. Мерките што се предвидени се во насока на зголемување на економската самостојност на Ромките, стекнување и доoформување на формално образование, заштита од каков било облик на родово-базирано насилство, зајакнат пристап до правда, здравствена заштита и зголемено учество во јавниот и политичкиот живот. | | |
| б/ Подигнување на степенот на образование на Ромите и нивната вклученост во сите нивоа на образование | **МОН**<br><br>МТСП, БРО, ЦОВ, ЦСОО, локална самоуправа, РИЦ,, НВО, КЗД, | 2022 | **Статус:** Делумно имплементирана<br><br>Континуирано се спроведува<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>*Учебната 2021/2022 година е четврта година по ред во која со заклучок на Владата на Република Северна Македонија, децата Роми од социјален ризик се вклучени | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Проширување на работните обврски на образовните медијатори со цел опфат и на учениците Роми во средно образование и | **360.520€**<br><br>Средствата се претставени под 3.2.1.1. е/ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | РЕФ, меѓународни организации | | во предучилишното образование со ослободување од партиципација за децата од домаќинства во социјален ризик. Бројот на запишани деца Роми на национално ниво изнесува 420, од нив 200 се од семејства со социјален ризик кои се ослободени од плаќање на партиципација. Во 18 општини се ангажирани 18 медијатори за јакнење на свеста кај родителите за важноста од образованието.<br><br>* Целосно се имплементираат одредбите од Законот за основното образование во насока на инклузија на децата од маргинализираните групи.<br><br>Во текот на месец јануари, за време на зимскот распуст, училиштата ги користеа новодонесените инструменти за проверка на знаењата на децата кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница, во насока на нивно вклучување во наставата во второто полугодие. Во наставата започнаа да се применуваат прилагодените наставни програми, за деца кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница.<br><br>Завршена е постапката по јавниот повик за ангажирање на 35 ромски образовни медијатори за поддршка на основното образование на Роми за учебната 2021/2022 година.<br><br>*Доделени се 917 стипендии за средношколци Роми. | ангажирање на педагошки помошници за ученици Роми во општина Шуто Оризари, Гази Баба, Карпош, Ѓорче Петров, Чаир. | |
| в/ Подобрување на квалитетот на домување на ромската заедница и подобрување на инфраструктурата во местата каде живее доминантно ромско население | **МТВ** во соработка со **МТСП**<br><br>**МТВ** во соработка со **АД** за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје | 2022 | **Статус:** Делумно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>* Во врска со мерките за обезбедување на подобрени услови за живеење на ромските семејства преку инвестирање во комунални и инфраструктурни проекти во општини и места со значителна процентуална застапеност на ромско население, Владата на РСМ донесе Програма за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите за 2021 година (Службен весник на РСМ бр. 182/2021). Во 2021 г. беа поддржани инфраструктурни проекти на седум општини: Крива Паланка, Кавадарци, Прилеп, Кочани, Ранковце, Делчево и Шуто Оризари.<br><br>* Продолжи спроведувањето на проектот за домување на социјално ранливи групи Ф/П 1674 , односно изградба на станови кои се наменети за лица во социјален ризик и други ранливи групи кои се станбено необезбедени. Досега се изградени 21 објекти со 974 стана во 16 градови на | **Проблеми**:<br><br>* Министерството за транспорт и врски не е во можност да обезбеди податоци за бројот на Роми на кои им се доделени социјални станови под закуп од причина што не располагаат со податоци за етничката припадност на корисниците<br><br>*Пандемијата негативно се одрази на динамиката на проектите за социјално домување.<br><br>**Идни чекори**:<br><br>*Распределба на станови за лицата со ниски примања.<br><br>*Имплементацијата на проектите финансирани од ЕУ во Прилеп, во населбата Трисла, во населбата Баир во Битола, во Штип и во | **240.700€**<br><br>Буџет на РСМ<br><br>(трансфер до о. Крива Паланка, Кавадарци, Прилеп, Кочани, Ранковце, Делчево и Шуто Оризари) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Хабитат Македонија, Хоризонти и АКН**<br><br>**ЕЛС** | | територија на Република Северна Македонија. Во 2021 година започната е градба на четири објекти со 177 стана. Во 2021 биле распределени социјални станови за 23 семејства во Струмица. Распределба на социјални станови се вршела согласно Одлуката за распределба на социјалните станови, како и условите за нивно користење изградени по Програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија[xv]) која ги вбројува припадниците од Ромската етничка заедница и корисниците на ГМП во групата на корисници на социјални станови. Лица припадници на Ромската заедница воопшто немаат поднесено апликации.<br><br>* Се спроведуваат четири проекти финансирани од ЕУ со кои во Прилеп, во населбата Трисла ќе се легализираат куќите на 700 ромски домаќинства, ќе се легализираат имотите на 5.000 Роми во населбата Баир во Битола, во Штип ќе се легализираат 1.027 куќи и 40 куќи во Берово. Се опфаќа и изградба на нови живеалишта, во Штип 50 куќи, во Кичево 30 станови, а истовремено ќе има реконструкција на 50 куќи во Прилеп и 15 куќи во Берово. Исто така, во тек е спроведувањето на двата проекти за домување во Шуто Оризари, Виница и Велес. | Берово. | |
| г/ Континуирано подобрување на здравствениот статус и пристапот до здравствена заштита за Ромите | **МЗ**<br><br>ФЗОРСМ, Здравствени домови, Институт за јавно здравје на РМ, МТСП, ЦСР, локална самоуправа, РИЦ,, НВО | 2022 | **Статус:** Делумно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>*Министерство за здравство обезбедува 4.100.000 денари финансиски средства за поддршка и имплементација на Стратегијата за Ромите во насока на имплементација на проектот ромски здравствени медијатори.<br><br>*Се работи на подобрување на условите во здравствениот дом Шуто Оризари. Во соработка со поликлиника Бит Пазар и со донација обезбедена од Фондација Отворено општество, од Канцеларијата за Ромски иницијативи Берлин од април ќе бидат ангажирани 2 медицински сестри во здравствениот дом во Шуто Оризари и амбулантно возило за итна помош во функција на амбулантата во Шуто Оризари.<br><br>*Во моментов ангажирани се 23 ромски здравствени медијатори (4 лица се вработени преку објавени огласи во здрaствените домови во Делчево и во Тетово, додека 19 | **Проблеми**:<br><br>**Идни чекори**:<br><br>*Редовно вработување на лицата ангажирани со времени договори како ромски здравствени медијатори во Здравствените домови<br><br>*Изнаоѓање на решение со гинеколог во општина Шуто Оризари од редот на докторите упатени на специјализација. | **66.130€** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | ромски здравствени медијатори се со времени договори ). | | |

## 3.3.5. СПРАВУВАЊЕ СО КЛУЧНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ ВО ДЕЛОТ НА ОДРЖЛИВОСТА НА ПЕНЗИСКИОТ СИСТЕМ

### 3.3.5.1. Цел: Зајакнување на финансиската одржливост на пензискиот систем и унапредување на ефикасноста во остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување

| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Потрошени средства |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Понатамошно унапредување на финансиската одрживост на пензискиот систем | **ФПИОСМ,**<br><br>МТСП, МАПАС | континуирано | **Статус:** Целосно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>Во 2021 не се направија промени во правната рамка што го регулира пензискиот систем.<br>Од 1.1.2019 година, се зголемија заменските стапки при пензионирање за осигурениците во вториот столб, а се намалија за оние од првиот столб. Од 1.1.2020 година се зголеми придонесот за пензиско и инвалидско осигурување од 18% во 2018 на 18.8% , со цел стабилизација на дефицитот во пензискиот систем. Исто така, од 1.1.2019 година, пензиите се усогласуваат два пати годишно на 1 јануари и 1 јули според порастот на трошоците на живот, а доколку бруто домашниот производ во претходната година има реален пораст повеќе од 4% ќе може да се изврши и дополнително усогласување. | **Проблеми**:/<br>**Идни чекори**:<br>Ќе се направат долгорочни проекции кои ќе покажат потреба за интервенции во системот со цел да се обезбеди негова одржливост. | Буџет на ФПИОСМ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| б/ Подобрување на квалитетот на услугите во администрирањето на социјалното осигурување, вклучително и подобрување на точноста на податоците во евиденциите за осигурениците во задолжителното социјално осигурување | **МТСП**<br><br>МФ<br>МЗ<br>УЈП<br>АРСМ ФПИОСМ ФЗОРСМ | 2022 | **Статус:** Делумно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>Во фаза на реализација се активностите во рамките на „Проектот за администрирање на социјалното осигурување (Social Insurance Administration Project-SIAP)“ во насока на воспоставување на Единствен унифициран регистарски систем за социјално осигурување (Single Unified Registry System - SURS), воспоставување на централизиран систем за вештачење на инвалидноста односно способноста за работа и тело за координација на централизираното вештачење, реформирање на системот за вработување на лицата со попречености и ревидирање на листата на работни места/професии кои имаат право на предвремено пензионирање поради стажот на осигурување со зголемено траење (бенефициран стаж). | **Проблеми**:<br>Предвидените реформи се комплексни и се разработуваат со инволвираност на повеќе институции и сектори од социјално осигурување, социјална заштита, безбедност и здравје при работа и вработување, што бара подолго време за нивно спроведување.<br><br>**Идни чекори**:<br>Следува фаза на активности за дизајн и воспоставување на инфраструктура и законска рамка и сите други подготвителни активности за воспоставување на Единствен унифициран регистарски систем за социјално осигурување (Single Unified Registry System - SURS), воспоставување на централизиран систем за вештачење на инвалидноста односно способноста за работа и тело за координација на централизираното вештачење, реформирање на системот за вработување на лицата со попречености и ревидирање на листата на работни места/професии кои имаат право на предвремено пензионирање поради стажот на осигурување со зголемено траење (бенефициран стаж). | **57.778€** |
| в/ Олеснување на пристапот до правата по основ на инвалидност или привремено/трајно онеспособување за извршување на работната дејност | **МТСП**<br><br>МФ<br>МЗ<br>УЈП<br>АРСМ ФПИОСМ ФЗОРСМ | 2022 | **Статус:** Делумно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>Подготвена е анализа со препораки за реформирање на системот за вработување на лицата со попреченост во рамки на „Проектот за администрирање на социјалното осигурување (Social Insurance Administration Project-SIAP)“. | **Проблеми**:/<br>**Идни чекори**:<br>Подготовка на предлог на Законот за вработување на лица со попреченост, како и подзаконски акти (правилници) и организирање на јавна дебата. | |

### 3.3.5.2. Цел: Одржување на адекватноста на пензијата и заштита на стандардот на корисниците на пензија

| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Потрошени средства |
|---|---|---|---|---|---|

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| а/ Обезбедување социјалната сигурност на пензионерите преку мерки на заштита и подобрување на социјалниот стандард на оваа категорија на граѓани | **МТСП** | континуирано | **Статус:** Целосно имплементирана<br><br>**Остварен напредок:**<br><br>Почнувајќи од 2019 година се изврши консолидирање на двостолбниот пензиски систем со цел изедначување на пензиите за пензионерите од едностолбен и двостолбен пензиски систем. Во ова насока се направија корекции на заменските стапки за осигурениците од прв столб и осигурениците од втор пензиски столб, кои ќе кореспондираат со стапката на придонес кој се одвојува за прв и втор пензиски столб, како и се зголеми стапката на вкупниот придонес за пензиско и инвалидско осигурување.<br><br>Во 2019 година се донесе Закон за социјална сигурност на стари лица. За пристапот до правото на социјална сигурност за старите лица е известено во рамки на активноста 3.3.1.1. б/, | **Проблеми**:<br><br>Проектот бесплатна бањско-климатска рекреација и бесплатен туристички викенд за пензионерите не се реализираше во 2021 година поради мерките за заштита од зараза од ковид-19.<br><br>**Идни чекори**:<br><br>Измена на методологија за редовното индексирање на пензиите два пати годишно: наместо 100% усогласување со пораст на трошоци за живот, усогласувањето ќе се врши со збирот од 50% на пораст на трошоци за живот и 50% пораст на просечна плата, два пати годишно и тоа на 1 март и 1 септември (*измената се усвои во март 2022*). | |

## 3.3.6. СПРАВУВАЊЕ СО КЛУЧНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ ВО ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВЕНИОТ СИСТЕМ И ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО

| 3.3.6.1. Цел: Унапредување на пристапот до здравствена заштита за сите граѓани, условите во здравството и квалитетот на здравствените услуги | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Потрошени средства |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| а/ Продолжување со мерките за изградба, доградба и реконструкција на јавно здравствени објекти | **МЗ** | 2022 | **Статус:** Делумно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>Завршена реконструкција на општата болница во Струмица, гасифицирани Специјална болница за гинекологија Мајка Тереза-Скопје и Општа болница-Куманово, реконструкција на пристапни патеки во Универзитетски клинички центар Мајка Тереза-Скопје, поставени 16 модуларни ковид центри, поставени нови модуларни амбуланти за Универзитетска Клиника за пулмологија и алергологија – Скопје. | **Проблеми**:<br>Забавена динамика на имплементација на инфраструктурните проекти како последица на ковид – 19<br>**Идни чекори**:<br>*Завршување на започнатите реконструкции и изградби на јавните здравствени установи (Клиничка болница Штип , Општа болница Кичево, Универзитетска клиника по хируршки болести Св. Наум Охридски, Поликлиника во Сарај, замена на амбулантско поликлинички објекти од Здравствен дом Скопје) како и отпочнување со нови во рамки на буџетот на Министерството за здравство.<br>*Реконструкција за зголемување на енергетска ефикасност на 18 јавни здравствени установи преку Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор имплементиран преку Министерството за финансии, а финансиран од Светска Банка. | **3.214.940€** |
| б/ Подобрување на достапноста до здравствена заштита за одредени специфични ранливи групи – бремени жени и доенчиња, возрасни лица на возраст над 62 години, Роми16 и други | **МЗ** | 2022 | **Статус:** Целосно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>Согласно Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца за 2021 година се обезбедуваа бесплатни прегледи и лабораториски прегледи во тек на бременост, поврзани со бременост, бесплатно породување за бремени жени, кои се надвор од систем на задолжително здравствено осигурување и лица без документ за идентификација. | **Проблеми**:<br>**Идни чекори**:<br>Бесплатни прегледи и лабораториски прегледи во тек на бременост, поврзани со бременост, бесплатно породување за лица без документи за идентификација согласно Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца за 2022 година. | **80.000€** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| в/ Унапредување и надградба на воспоставениот интегриран здравствен информатички систем „Мој Термин“ | **МЗ** | 2022 | **Статус:** Целосно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>Информатичкиот систем е надграден со следниве модули:<br>* Регистри од областа на здравството<br>* Пријава за насилство<br>* Е-Модул патронажа<br>* Надградба на Е-модул за имунизација (евиденција и следење на редовна и ковид 19 имунизација)<br>* Е-модул за бременост-Мајчина книшка<br>* Модул за надградба на контролори од Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија<br>* Надградба на модулот електронско медицинско досие | **Проблеми**:/<br>**Идни чекори**:<br>* Надградба на модулот Електронски упат<br>* Надградба на модул Електронски рецепт<br>* Е-модул за Пријава за раѓање – Приватни установи<br>* Следење и исход на бременост<br>* Надградба на интеграција со други установи и институции<br>* Интегрирање на ИТ системите на Министерството за здравство и Фондот на здравствено осигурување на Република Северна Македонија, за дефинирање на ERP (enterprise resource planning) стандарди и подготвка на основно решение за ERP за сите здравствени установи, како и дефинирање и развој на стандарди за национален лабораториски систем (LIS) (ќе се поддржи со проект од ИПА 3 програмата на ЕУ) | |
| г/ Унапредување на системот за превенција и контрола на заразни болести. | **МЗ** | 2022 | **Статус:** Целосно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>*Воспоставен Центар за епидемиолошко следење и управување со здравствени кризи за 24/7 следење на состојбата со ковид-19, обезбедување на информации во реално-време во две насоки – кон јавно-здравствената власт и базата, изготвување на дневна и неделна информација, давање на стручна помош и совети, проценка на ризици)<br>*Воспоставен оперативен систем за електронско пријавување на заразни болести и АЛЕРТ систем за синдромско пријавување во реално време.<br>*Анализирање на сите расположливи податоци и споделување со референтни институции (WHO, ECDC) според востановени процедури. | **Проблеми**:<br>Сите предвидени активности, како и отпочнати а незавршени проекти, се одложија привремено поради ковид-19 пандемијата и напорите на јавното здравство за справување со неа. Рутинските активности и задачи исто така се одвиваа отежнато и со намален интензитет.<br>**Идни чекори**:<br>Измена на Закон за заштита на населението од заразни болести | |
| **3.3.6.2. Цел: Подобрување на стручноста и компетентноста на здравствените работници** | | | | | |
| Активност | Одговорна институција | Временска рамка | Напредок | Проблеми и идни чекори | Потрошени средства |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| --- | --- | --- | --- | --- | --- |
| а/ Зголемување на квотите на државни специјализации | **МЗ**<br><br>(Здравствени установи, Медицински факултети) | 2022 | **Статус:** Целосно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>Во 2021 година преку Програмата за изменување на Програмата за потребите од специјалистички и суспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи (2019 – 2022), запишани се 299 лица на специјализација и 65 лица на суспецијализација на Универзитет „Кирил и Методиј“ Медицински факултет Скопје за вработени во јавни здравствени установи. На Универзитетот Гоце Делчев Штип во 2021 година запишани се 10 лица на специјализација. | **Проблеми:**<br>Недоволен број на ментори на одделни катедри.<br>**Идни чекори:**<br>Ревизија на програмата за тековната 2022 година во корелација со реалните потреби на јавните здравствени установи и вработениот кадар на лекари по општа медицина во истите во соработка со високообразовните установи и кадарот од ментори и едукатори. | |
| б/ Обезбедување средства за кофинансирање специјализација, односно субспецијализација на здравствените работници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени | **МЗ** | 2022 | **Статус:** Целосно имплементирана<br>**Остварен напредок:**<br>Обезбедени средства на вкупно 111 лекари на кофинансирана приватна специјализација, од кои 81 на Универзитет „Кирил и Методиј“- Скопје и 30 на Универзитетот Гоце Делчев Штип. | **Проблеми**:/<br>**Идни чекори**:<br>Продолжува исплатата на редовните специјализанти кои се на кофинансирана приватна специјализација. Обезбедени се средства во 2022 година. | **145.840€** |

# АНЕКС 2 – СЛЕДЕЊЕ НА ЕРСП МАТРИЦАТА НА ИНДИКАТОРИ И ЦЕЛНИ ВРЕДНОСТИ

## ПАЗАР НА ТРУД И ВРАБОТУВАЊЕ

| Индикатор | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стапка на вработеност (15+) (%)** | 45,1 | 47,3 | 47,2 | **47,2** | 48,5 |
| Стапка на вработеност (15+) - МАЖИ (%) | 54,4 | 56,6 | 55,9 | **56,2** | 58,7 |
| Стапка на вработеност (15+) - ЖЕНИ (%) | 35,8 | 38,1 | 38,4 | **38,3** | 39,0 |
| **Стапка на вработеност на млади лица (15-29) (%)** | 30,9 | 34,4 | 33,5[xvi] | **33,4** | 34,5 |

### 3.1.1. ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА СО НЕВРАБОТЕНОСТА, ОСОБЕНО КАЈ НАЈРАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ ЛИЦА (МЛАДИ, ДОЛГОРОЧНО НЕВРАБОТЕНИ И ДРУГИ)

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Стапка на вработеност (20 - 64) (%) | 56,1 | 59,2 | 59,1 | **59,5** | 59,8 |
| Стапка на вработеност (20 - 64) - МАЖИ (%) | 66,6 | 69,7 | 68,9 | **69,5** | 70,4 |
| Стапка на вработеност (20 - 64) - ЖЕНИ (%) | 45,2 | 48,4 | 49,0 | **49,2** | 48,9 |
| Стапка на невработеност (15+) (%) | 20,7 | 17,3 | 16,4[xvii] | **15,7** | 14,0 |
| Стапка на невработеност на млади лица (15-29) (%) | 37,0 | 30,5 | 29,6[xviii] | **27,6** | 30,5 |
| Стапка на долгорочна невработеност (%) | 15,5 | 13,1 | 12,4[xix] | **12,5** | 11,0 |
| Стапка на млади лица кои не се вработени, ниту во образование или обука (NEET, 15-29) | 29,8 | 24,5 | 26,2[xx] | **24,3** | 22.9 |
| Вкупен број лица вклучени во различните услуги на пазарот на труд и активни програми и мерки за вработување | 117.347 | 7,.598 во активни мерки<br>115.836 во услуги | 10.953 во активни мерки<br>57.087 во услуги | **11.292 во активни мерки<br>75.175 во услуги** | Мин.60.000 годишно |
| Опфат на млади лица (15-29) со програми, мерки услуги за вработување, во рамки на годишните Оперативни планови | 38,8% | 56,45% во активни мерки<br>38,34 % во услуги | 66,8% во активни мерки<br>35,5 % во услуги | **66,5% во активни мерки 29,3 % во услуги** | Мин. 30% |
| Сите млади лица кои што првпат се пријавуваат во АВРСМ се профилирани рано, т.е. во текот на првиот месец од периодот на невработеност | √ | √ | √ | **√** | √ |
| Број на млади вклучени (регистрирани) во Гаранцијата за млади | : | 20.302 | 25.502 (12.863 жени) | 19.322 | Мин. 10.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| % од младите вклучени во Гаранцијата за млади, кои во период од четири месеци по вклучувањето во ГМ имале успешен излез (или се вработиле или се вклучиле во одредена обука или друга активна мерка) | : | 35% | 35% | 41% | Мин. 30% |
| Процент на невработени лица – корисници на права од Центрите за социјални работи (ГМП), во однос на вкупниот број на учесници во активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот | : | 5,4 % во активни мерки<br>24,3% во услуги | 3,5 % во активни мерки<br>16,6% во услуги | **6,5 % во активни мерки 17,6% во услуги** | 30% |
| Процент на евидентирани вработувања на лица со инвалидност во отвореното стопанство, во однос на вработувањата во заштитни друштва | 69% | 73,9% | 71,3 % | **61,89%** | >60% |

### 3.1.2. СПРАВУВАЊЕ СО НЕФОРМАЛНАТА ВРАБОТЕНОСТ

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Учество/удел на неформално вработени во вкупниот број вработени (%) | 18,6 | 16,1 | **13,6** | **12,1** | 16,5% |

### 3.1.3. УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТАТА И УСЛУГИТЕ НА ЈАВНАТА СЛУЖБА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на реновирани/реконструирани подрачни центри за вработување со значително подобрени услови за работа | 15 | 1 | 1 | **2** | 25 |
| Број на вработени во АВРСМ и број на лица вклучени во активности за јакнење на нивните капацитети (обуки, работилници, семинари и сл.) | 430 | 127 | 129 | **253** | мин. 550 секој од враб. најмалку еднаш годишно вклучен во обука/семинар |
| Број на невработени лица за кои е изготвен ИПВ-2 | 6,213 | 7,514 | 3448[xxi] | **4.070** | 14.000<br>Од кои мин. 60% вклучени во активна мерка или услуга |
| Број на барања за посредување при вработување до АВРСМ од работодавачи | 4.824<br>3.164 (66%) позитивно решени | 4.705<br>3.013 (64,04%) позитивно решени | 3.646<br>2.767 (75,9%) позитивно решени | **4.151<br>2.751 (66,3%) позитивно решени** | 6.000<br>Најголем дел позитивно решени |

### 3.1.4. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ ВО РСМ НА ТРИПАРТИТНО И БИПАРТИТНО НИВО, НА НАЦИОНАЛНО И НА ЛОКАЛНО НИВО, УНАПРЕДУВАЊЕ НА КОЛЕКТИВНОТО ДОГОВАРАЊЕ

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Стапка на синдикална организираност (%) | 21,16 | 19,83 | 17,29 | **16.76** | >26 |
| Стапка на покриеност со колективно договарање на ниво на гранка, односно оддел (%) | 32,68 | | 38,46 | **43.39** | 37 |
| Број на колективни договори на ниво на работодавач | 85 *<br>(остварување во 2017) | 92 | 92 | **92** | 95-100 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Стапка на успешно решени колективни работни спорови преку механизмот за мирно решавање на работни спорови | 60% | 60% | 60% | **100%** | Мин. 70% |
| Воспоставен и функционален механизам за следење на препораките на ЕСС / редовно следење на бројот на мислења/препораки упатени до владата на РМ | 7 мисл./преп. | 10 мисл./преп. | 2 мисл./преп. | **9 мисл./преп.** | Мин. 3 мисл./преп. |
| **ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ И ВЕШТИНИ** | | | | | |
| **Индекс на човеков развој** | 0,759 | 0,774 | / | / | 0,780 |

### 3.2.1. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТНО ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ И ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Стапка на лица кои рано го напуштаат образованието (%) | 7,1 | 7,1 | 5,7[xxii] | **4,6[xxiii]** | 6,8 |
| Удел на лицата на возраст 30-34 години кои имаат завршено високо образование (%) | 33,3 | 35,7 | 39,7[xxiv] | **36,9[xxv]** | 40 |
| Стапка на ученици со посебни потреби вклучени во редовното основно и средно образование (%) | 64,8 | | 67,1 | **66,6** | 70 |

### 3.2.2. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА НАЦИОНАЛНАТА РАМКА ЗА КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ - ОСНОВА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ ВО СИСТЕМОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на формирани Секторски Комисии за квалификации (за развој и проверка на квалитетот на квалификациите во одредени сектори) | 9 | 9 | 10 | 11 | 16 |
| Воспоставена и функционална Опсерваторија за вештини (за предвидување на потребите од вештини на пазарот на труд) | Не е воспоставена | Не е функционална. Внесени се одредби во новиот Закон за основно образование (од 2019 година) за обработка на лични податоци за потребите на Опсерваторија на вештини, а потребно е да се внесат одредби и во Законот за средно и Законот за високо обраазование за да биде функционална | Фукционална е Внесени се одредби во Законот за средно образование (од 2020 година) за обработка на лични податоци за потребите на Опсерваторија на вештини, а | **Фукционална е. Потребно е да се внесат одредби и во Законот за високо образование за да може да се добиваат статистички податоци и анализи за високото образование** | Воспоставена е |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | потребно е да се внесат одредби и во Законот за високо обраазование за да може да се добиваат статистички податоци и анализи за високото образование | | |
| Функционален Регистер на квалификации (за преглед и транспарентност на квалификациите) | Воспоставен регистер | Воспоставен регистер | Функционален регистар за стандард на квалификации | **Функционален регистар за стандард на квалификации, започната е постапката за надградба на регистарот** | Функционален и надграден регистар со модул за регистар стандарди на занимање и модул за ревизија на стандард на занимање |

### 3.2.3. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ВРАБОТЛИВОСТА НА РАБОТНАТА СИЛА И ГРАДЕЊЕ НА ФЛЕКСИБИЛНИ ПАТИШТА ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Учество на учениците во средните училишта во системот на СОО (%) | 60,0 | 61,8 | 62,1 | **64** | >60% |
| Учество во доживотно учење (%) | 2,4 | 2,8 | 2,6[xxvi] | **2,5**[xxvii] | >4,0% |
| Стапка на вработеност на лица (20–34 год.) кои неодамна завршиле средно или високо образование (%) | 49,1 | 57,2 | 54,5[xxviii] | **58,2** | 55% |
| Број на Регионални центри за стручно образование и обука (РЦСОО) | Нема | Активностите се отпочнати. Направени се измени на Законот за стручно образование и обука и определени се трите средни стручни училишта кои ќе се трансформираат во РЦСОО | Три<br>На 24-та седница на Владата, одржана на 24.11.2020 донесени се Одлуки со кои три општински | **Три**<br>**Во 2021 започнаа со работа три регионални центри за стручно образование и обука** | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | училишта продолжуваат со работа како Регионални центри за стручно образование и обука. Врз основа на одлуките, трите училишта ги изменија статутите, а МОН издаде решенија за согласност | | |
| **СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА** | | | | | |
| **Стапка на сиромаштија (%)** | 21,9% | 21,6%[xxix] | 21,8% | податокот ќе биде објавен во декември 2022 | 16,0 |

### 3.3.1. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА И ЕФЕКТИВНОСТА НА СИСТЕМОТ ЗА СОЦИЈАЛНА ПОМОШ

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| % на домаќинства кои се покриени со сите видови парични давања од социјална заштита | 8 | 8,5 | Податокот за 2020 ќе биде објавен во јуни 2022 | | 14 |
| % на апсолутна сиромаштија | : | : | : | **:** | <1,0 |
| Број на деца опфатени со програмите за детска заштита (детски додаток и образовен додаток) | 43.000 д.д.<br>3.800 о.д. | 38.855 д.д.<br>9.408 о.д. | 43.649 д.д<br>26.167 о.д | **48.800 д.д**<br>**28.815 о.д** | 75.000 д.д.<br>65.000 о.д. |
| Број на лица корисници на право од социјална сигурност на старите лица | : | 6.495 | 8.573 | **10.292** | 6.000 |

### 3.3.2. ПОДОБРУВАЊЕ НА ДОСТАПНОСТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на воспоставени локални совети за социјална заштита | 0 | 9 | 11 | **60** | 81 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на воспоставени регионални совети за социјална заштита | : | 0 | 0 | **7** | 8 |
| Број на лиценцирани даватели на услуги (според типот на услуги; во домот на корисникот, во заедницата, вон-семејна заштита) | : | 12 (10-услуги во домот, 1-услуги во заедницата, 1-услуги вон-семејна заштита) | 20 (12-услуги во домот, 2-услуги во заедницата, 6-услуги вон-семејна заштита) | **62 (1-услуги на стручна помош и поддршка, 2-услуги на советување, 31-услуги во домот, 8-услуги во заедницата, 20-услуги вон-семејна заштита)** | 30 |
| **3.3.3. ПОДДРШКА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДЕИНСТИТУЦИОНАЛИЗАЦИЈАТА** | | | | | |
| Број на лица сместени во станбени единици за живеење со поддршка или групни домови | 173 | 226 | 226 | **241** | 250 |
| Број на корисници на социјални услуги (по тип на услуги: во домот, во заедницата, вон-семејна заштита) | 3.058 | Вкупно 4620 (423-услуги во домот, 2042-услуги во зедницата, 2155 вон-семејна (*опфаќа згрижувачки семејства и сместување во установи за стари лица, податокот за организирано живеење што исто така е вон-семејна е погоре наведен) | Вкупно 4629 (454-услуги во домот, 1728-услуги во зедницата, 2447 вон-семејна (*опфаќа згрижувачки семејства и сместување во установи за стари лица, податокот за организирано живеење што исто така е вон-семејна е погоре наведен | **Вкупно 4680 (518-услуги во домот, 1200-услуги во зедницата, 2962 вон-семејна (*опфаќа згрижувачки семејства и сместување во установи за стари лица, податокот за организирано живеење што исто така е вон-семејна е погоре наведен** | 4.500 |
| Број на лица сместени во резиденцијални установи за социјална заштита | 376 | 260 (во фаза на деинституционализациј | 261 | **226** | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | а – Бања Банско, Т.Поле и Демир Капија) | | | |

## 3.3.4. УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ИНКЛУЗИЈА НА РОМИТЕ

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Вклученост на Роми во услугите на пазарот на труд и активните програми и мерки за вработување | 227 (во акт. прог. и мерки за враб.) 8.071 (услуги) | 251 во активни мерки<br>9.736 во услугите | 431 во активни програми и мерки за вработување 6.539 во услугите за вработување. 1.530 млади невработени лица Роми во Гаранција за млади | **488 во активни мерки**<br>**4396 во услугите** | 325 апмв<br>10.000 услуги |
| Учество на Ромите во вкупниот број на регистрирани невработени лица во АВРСМ (%) | 8,52 | 9,1 | 9,2 | **10.2** | 8,7 |
| Вклученост на Ромски деца (0-6) во претшколско образование | 729 | 762 | 347[xxx] | **420** | 1.000 |
| Процент на ученици Роми кои успешно го завршуваат основното образование (%) | 77 | 80 % | | Податокот се уште не е достапен | 83% |
| Број на запишани студенти-Роми во високо образование | 300 | 192 | | 263 | 400 |
| Стапка на премин на ученици Роми од основно во средно образование (%) | 87,0 | 77,4 % | | 78% | 92 |
| Стапка на премин на ученици Роми од средно во високо образование (%) | 38,0 | 40,5% | | 33,5% | 45 |
| Број на ромски семејства кои имаат пристап до социјални станови | 118 | 0 | 0 | Нема податоци за бројот на Роми на кои им се доделени социјални станови под закуп; ниту еден од распределените станови во Струмица не е доделен на ромско семејство/немало | 150 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Роми апликанти | |
| Број на реализирани проекти од комуналната инфраструктура во населби со претежно ромско население | : | | **1** | 7 | 23 |
| Стапка на доенечка смртност кај ромската популација (на 1,000 живородени деца, промили, ‰) | 10,2 | 7,1 | 11,1 | Податокот за 2021 ќе биде објавен во јуни 2022 | <7 |

### 3.3.5. СПРАВУВАЊЕ СО КЛУЧНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ ВО ДЕЛОТ НА ОДРЖЛИВОСТА НА ПЕНЗИСКИОТ СИСТЕМ

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| % на изворни приходи во однос на вкупни расходи на ПИОСМ | 53,1 | 57,33 | 60,02 | **60.47** | 65 |
| % на просечна пензија во просечна плата | 59,5 | 54,41 | 54,72 | **53.02** | 60 |

### 3.3.6. СПРАВУВАЊЕ СО КЛУЧНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ ВО ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВЕНИОТ СИСТЕМ И ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Стапка на доенечка смртност (промили, ‰) | 9,2 | 5,6 | 5,7 | Податокот за 2021 ќе биде објавен во јуни 2022 | <7,0 |
| Број на новоизградени и реконструирани јавно-здравствени објекти | 1 нов<br>3 рек. | 7 | **0**[xxxi] | **7 реконст. 16 нови (модуларни ковид центри)** | 2 нови<br>4 рек. |
| Извршена надградба со нови модули на интегрираниот здравствен информатички систем „Мој термин“ | 31 (4 нови) функционални модули | 3 нови функционални модули | **5 нови функционални модули** | **8 нови функционални модули** | 33 функционални модули |

[i] Евростат датабаза.

[ii] Поради настанатата ситуација со ковид 19, одредени видови услуги на пазарот на трудот се реализираа со намален обем.За изработка на ИПВ е потребно присуство на невработеното лице во центарот за вработување и подолго советување што беше отежнато заради воведените мерки за спречување на ширење на вирусот, Дел од невработените лица на евиденција веќе претходно имале изработен ИПВ-2 или им бил променет статусот, а бројот на лица за кои ќе биде изработен ИПВ-2, односно ИПВ за тешко вработливи лица зависи од бројот на невработени лица за кои врз основа на профилирањето е утврдено дека припаѓаат на категорија на тешко вработливи лица за која се изработува оваа форма на ИПВ

[iii] „Службен весник на РСМ“ бр.163/21 од 16.07.2021

[iv] „Службен весник на РСМ“ бр.163/21

[v] „Службен весник на РСМ“ бр.294/21

[vi] Од септември 2020, согласно Протоколот за работа на градинките во услови на пандемија, градинките работат со намален капацитет. Приоритет имаат децата чии родителите се вработени и децата на самохраните родители

[vii] Вредноста на индикаторот е 0, бидејќи градбата/реконструкцијата на започнатите објекти не била довршена во 2020, работите сè уште течат

[viii] „Службен весник на РСМ“ бр.61/22 од 15.3.2022

[ix] Анализа на достапноста и квалитетот на податоците за неформална економија и неформална работа генерирани од ДЗС, инспекциските служби и други извори. Воспоставување на унапреден систем за координирано собирање и размена на податоци меѓу институциите и градење на капацитетите на надлежните институции и социјалните партнери за следење и известување за неформалната работа. Утврдување на релевантни индикатори и пресметки за големината и карактеристиките на неформалната економија итн. (Во спроведувањето на активностите ќе се обезбеди поддршка во рамки на ИПА II Проект за „Подобрување на условите за работа“ – компонента за справување со неформална работа.)

[x] Активности за дизајнирање и воведување (пилотирање) на систем на ваучери за формализирање на непријавената работа во дејности со зачестена појава на неформална економија. Анализа за можностите и воведување на модел на идентификациони картички во градежништвото, земјоделието, угостителството и сл. Планирани се и активности за поддршка и поттикнување на интересот за развој на задругарството, и финансиска поддршка на земјоделските задруги, преку МЗШВ, како и унапредување на законската рамка во оваа област. Во оваа насока ќе бидат и планираните мерки за развој на социјалното претприемништво.

xi „Службен весник на РСМ“ бр.163/21 од 16.07.2021

[xii] „Службен весник на РСМ“ бр.294/21 од 27.12.2021

[xiii] ,,Службен весник на РСМ” бр.38/21 од 15.2.2021

[xiv] Службен весник бр.61/22 од 15.3.2022

xv „Службен весник на РСМ“ бр. 13/2020 и 105/2020“

[xvi] Мажи -39,3% , жени-27,4%

[xvii] Мажи -16,6% , жени-15,5%

[xviii] Мажи - 27.8%, жени - 31,9%

[xix] Мажи – 12,7%, жени – 11,9%

[xx] Мажи – 23,6%, жени – 29%

[xxi] Поради настанатата ситуација со ковид 19, одредени видови услуги на пазарот на трудот се реализираа со намален обем. За изработка на ИПВ е потребно присуство на невработеното лице во центарот за вработување и подолго советување што беше отежнато заради воведените мерки за спречување на ширење на вирусот, Дел од невработените лица на евиденција веќе претходно имале изработен ИПВ-2 или им бил променет статусот, а бројот на лица за кои ќе биде изработен ИПВ-2, односно ИПВ за тешко вработливи лица зависи од бројот на невработени лица за кои врз основа на профилирањето е утврдено дека припаѓаат на категорија на тешко вработливи лица за која се изработува оваа форма на ИПВ

[xxii] Мажи – 5,7%, жени – 5,8%

[xxiii] Мажи – 4,7%, жени - 4,6%

[xxiv] Мажи –34,3%, жени – 45,3%

[xxv] Мажи –31,8%, жени – 42,3%

[xxvi] Мажи –2,5%, жени – 2,7%

[xxvii] Мажи –2,3%, жени – 2,6%

[xxviii] Мажи –59,1%, жени – 50,2%

[xxix] Мажи –21,1%, жени – 22%

[xxx] Од септември 2020 до мај 2021, согласно Протоколот за работа на градинките во услови на пандемија, градинките работеа со намален капацитет. Приоритет имаа децата чии родителите се вработени и децата на самохраните родители

[xxxi] Вредноста на индикаторот е 0, бидејќи градбата/реконструкцијата на започнатите објекти не била довршена во 2020.